CRPM | Центар за истражување и креирање политики



# ПЕРСПЕКТИВИТЕ НА ЖЕНИТЕ ОД РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ

Скопје
2012

# Перспективите на жените од руралните средини

Основна студија за положбата и условите за живот на жените од руралните средини: препораки за родово сензитивни политики

© 2012  ЦИКП

Автори на студијата: Д-р Марија Ристеска, Горан Лазаревски,
М-р Ана Мицковска Ралева
Уредник: д-р Марија Ристеска
Истражувачи: Фросина Илиевска, Ристе Змејкоски, Башким Бакиу, Мирлинда Бакиу

Дизајн: ...
Печати: Датапонс, Скопје

Фотографија на корица: Елена Коневска / Архива на *UN Women*

*Оваа студија е развиена со поддршка на Телото на Обединетите нации за родова рамноправност и зајакнување на жените (UN Women), Организација на Обединетите нации посветена на родовата рамноправност и зајакнувањето на жените.  Повеќе информации за UN Women можат да се најдат на www.unwomen.org*

UN WOMEN
United Nations Entity for Gender Equality and the Empowerment of Women

*Мислењата и ставовите изразени во оваа публикација се на авторите и нужно не ги одразуваат официјални позиции на Обединетите нации или на UN Women.*

Испечатено:
Центар за истражување и креирање политики
Ул: Цицо Поповиќ 6-2/9 1000, Скопје
Тел/факс +389 2 3109932
www.crpm.org.mk | crpm@crpm.org.mk

# Содржина

Предговор . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .7

1. **Вовед** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .9

2. **Методологија за истражувањето** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .11
2.1 Примерок од истражувањето . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .13
2.1.1 Примерок од анкетно истражување . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .13
2.1.2 Примерок од истражувањето со фокусни групи . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .13
2.2 Прашања користени при истражувањето . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .14
2.3 Ограничувања во истражувањето . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .14
2.4 Структура на студијата . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .15

3. **Дефинирање на статусот на жените** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .16
3.1 Кои се руралните жени? . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .16
3.2 Каде живеат? . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .19
3.2.1. Основна инфраструктура и услуги што поддржуваат пристап за руралните мажи и жени – анализа од родова перспектива . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .21
3.2.2. Основни услуги кои се на располагање во руралните средини и капацитетите за нивно користење од родова перспектива . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .26
3.2.3. Останати услуги . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .38
3.3. Резиме на поглавје 3- Дефинирање на статусот на жените . . . . . . . . . . . . . . . . . . .46

4. **Руралните жени и економијата** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .47
4.1. Руралните жени и невработеноста . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .47
4.1.2. Дали руралните жени се соочуваат со пречки да влезат на пазарот на трудот? . . . .47
4.1.3. Кои се пречките со кои се соочуваат руралните жени за да влезат на пазарот на трудот? . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .54
4.2. Руралните жени и приходот . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .57
4.2.1 Извор на приходи за руралните жени и нивните семејства . . . . . . . . . . . . . . . . . .57
4.3. Руралните жени и земјоделството . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .62
4.3.1 Положбата на жените во земјоделскиот сектор . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .62
4.3.2 Идни перспективи за руралните жени и мажи во земјоделството . . . . . . . . . . . . .67
4.3.3 Родова поделба на улогите во земјоделството. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .69
4.4.Резиме на поглавје 4 – Руралните жени и економијата . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .70

5. **Социјален живот и учество на руралните жени во општеството и во политиката** . 72
5.1. Руралните жени и нивните секојдневни активности . . . . . . . . . . 72
5.2. Учество во донесувањето одлуки . . . . . . . . . . 74
5.3. Учеството на руралните жени во политиката . . . . . . . . . . 78
5.3.1. Рурални жени, избори и политичко раководство . . . . . . . . . . 79
5.3.2. Жените и локалната власт . . . . . . . . . . 82
5.4. Резиме на поглавје 5 - Социјален живот и учество на руралните жени во општеството и во политиката . . . . . . . . . . 84

6. **Руралните жени и приватниот живот** . . . . . . . . . . 85
6.1. Руралните жени и семејството . . . . . . . . . . 85
6.2. Руралните жени и активностите во домаќинството . . . . . . . . . . 88
6.3. Моќта на руралните жени за донесување одлуки во рамки на домаќинствата . . . . . . 92
6.4. Руралните жени и имотот . . . . . . . . . . 95
6.5. Резиме на поглавје 6 - Руралните жени и приватниот живот . . . . . . . . . . 97

7. **Политики за создавање на јавна вредност за руралните жени** . . . . . . . . . . 98
7.1. Вовед во аналитичката рамка за јавна вредност . . . . . . . . . . 98
7.2. Политики и политичко уредување кои обезбедуваат поддршка за руралните жени . 100
7.2.1. Политика на еднакви можности меѓу жените и мажите и поддршка за родова рамноправност . . . . . . . . . . 100
7.2.2. Капацитет (институционални механизми) за родова рамноправност . . . . . . . . . . 103
7.2.3. Каква вредност создава родовата рамноправност за руралните жени? . . . . . . . . . . 105
7.3. Политичка рамка за зголемување на вработувањето и справување со сиромаштијата . 107
7.3.1. Поддршка за зголемување на вработувањето и справување со сиромаштијата . . . 107
7.3.2. Капацитет за зголемување на вработувањето и искоренување на сиромаштијата . 109
7.4.Рамка на земјоделски политики и политики за рурален развој . . . . . . . . . . 114
7.4.1. Поддршка за рурален развој . . . . . . . . . . 114
7.4.2. Капацитет за рурален развој . . . . . . . . . . 115
7.4.3. Каква јавна вредност создаваат политиките за рурален развој за руралните жени? . . . . . . . . . . 121
7.5. Резиме на поглавје 7- Создавање на јавна вредности за руралните жени . . . . . . . . . 124

8. **Заклучоци** . . . . . . . . . . 125

9. **Препораки** . . . . . . . . . . 127

10. **Користена литература** . . . . . . . . . . 135

11. **Прилози** . . . . . . . . . . 139

# Предговор

Поранешната Југословенска Република Македонија[1] направи значителен напредок во спроведувањето на националните обврски во унапредувањето на родовата рамноправност. Почитувањето на човековите права на жените и унапредувањето на родовата рамноправност се водечките принципи и цели на македонската Влада, втемелени во Уставот и спроведени преку соодветните закони. На национално и на локално ниво беа воспоставени институционални механизми за родова рамноправност, беа усвоени специфични политики и беше подобрена правната рамка со скорешната ревизија на Законот за еднакви можности на жените и мажите. Признавајќи ја потребата дека рамноправноста треба да оди рака под рака со еднаквоста, Националниот акциски план за родова рамноправност (2007-2012) пропишува дека работењето на „целта за постигнување родовата рамноправност и справувањето со постојните нееднаквости многу често значи да се работи различно со жените и мажите, и да се признае дека мажите и жените често имаат различни потреби и приоритети, дека се соочуваат со различни пречки, дека имаат различни аспирации и дека придонесуваат кон развојот на различни мерки“. Сепак, покрај направениот напредок во институционалната, политичката и правната рамка, родовиот јаз и нееднаквостите продолжуваат да опстојуваат, најмногу меѓу најранливите групи.

Во обид да се обезбеди значителна техничка поддршка во спроведувањето на националните приоритети, UN Women поддржа истражување што дава придонес кон реализацијата на една од клучните стратешки цели на Националниот акциски план за родова рамноправност, а тоа е: ефективно остварување на правата на жените, вклучувајќи ги и жените од руралните средини. Оваа студија нуди широко истражување на статусот на жените од руралните средини во земјата, споредено со мажите од овие средини, како и *vis-à-vis* популацијата од урбаните средини, со цел да се обезбедат информации за понатамошно планирање и креирање на конкретни мерки што ќе водат кон зајакнување на жените од руралните средини. Студијата ја анализира законската рамка и постојните политики, го истражува досегот на социјалната исклученост на жените во руралните средини, започнувајќи од пазарот на труд, локалниот јавен и социјален живот, учеството во локалните процеси на донесување одлуки, но во исто време ги изразува и нивните потреби и предизвици.
Студијата ги пренесува потребите и предизвиците со кои се соочуваат жените во руралните средини, ги прикажува јазовите, но во исто време и ги идентификува можностите за да се предизвикаат и да се надминат бариерите со кои се соочуваат тие.

Наодите во оваа студија имаат цел да ги охрабрат креаторите на политиките да ги согледаат недостатоците и предизвиците со кои се соочуваат жените од руралните средини, но исто така и да погледнат понатаму и да го истражат потенцијалот што го имаат овие жени за нивниот сопствен напредок, како и за развојот на нивните заедници. Студијата дава увид во потребите и во интересите на жените од руралните средини и ги охрабрува локалните, а во исто време и националните политики и креаторите на политики да ги испитаат можностите за развој на заедницата од перспективата на жените од руралните средини. Таа повикува на приспособување на локалните и националните политики кон реалноста со која се соочени жените од руралните средини, со цел да се отстранат бариерите со кои

1 „Во согласност со Резолуцијата 817 на Советот за безбедност при Обединетите нации, Обединетите нации за сите намени привремено ѝ се обраќаат на земјата како „Поранешна Југословенска Република Македонија“.

се соочуваат секојдневно. На крај, таа ја истакнува потребата да се осигури жените од руралните средини да станат дел од клучните процеси на одлучување.

Да се вложат енергија и средства во создавање средина што ги поддржува жените од руралните средини не значи само да се инвестира во нивниот напредок, туку и во напредокот на целата заедница во којашто живеат тие. Како што е нагласено од страна на Мишел Башелет, извршната директорка на UN Women и заменик-секретар на Обединетите нации, императивот за зајакнување на жените од руралните средини е јасен: „Ние повеќе не можеме да ги изоставиме жените... гласовите на жените мора да се слушнат во процесите на креирањето на одлуки на сите нивоа ако сакаме да постигнеме долгорочен мир, демократија и одржлив развој".

*Ерика Квапилова*
регионална директорка
Централна и Југоисточна Европа,UN Women

# 1. Вовед

Македонија е земја-кандидат за членство во ЕУ и се гордее со своите воспоставени механизми за еднакви можности чија цел е постигнување родова рамноправност. Поттикната од заедничката земјоделска политика на ЕУ, Македонија ја утврдува својата политика за рурален развој. Ова е особено важно бидејќи 45% од населението во државата живее во руралните средини. При дефинирањето на развојните приоритети во политиката за рурален развој, како и во другите области на политиките (како што се: образованието, здравството, социјалната заштита и економијата) е неопходно воведувањето на родовата перспектива бидејќи 49% од руралното население се жени.

Комитетот за елиминација на дискриминацијата врз жените беше особено загрижен за фактот дека во 2006 г. земјата почна да губи чекор во унапредувањето на положбата на руралните жени, како и за жените од етничките малцинства, особено жените Ромки и Албанки. Беше донесен заклучок дека во Македонија руралните жени и жените од етничките малцинства и понатаму се ранливи и маргинализирани, особено во однос на нивниот пристап до образованието, здравството, вработувањето и учеството во политичкиот и јавниот живот (CEDAW Комитет, 2006)

И покрај тоа што руралните жени имаат многу заедничко со жените од урбаните области, сепак разликите меѓу жителите од руралните и урбаните средини во Македонија се определени од големите растојанија на руралните средини од центарот, малата густина на населението и ограничените понуди на јавни услуги, надополнети со патријархалниот и конзервативен менталитет кој сè уште владее во руралните средини. Сè поголема е потребата од фокусирано истражување на руралните жени бидејќи руралниот живот и недостатоците што произлегуваат од него им влијаат на жените од руралните средини на различен начин од влијанието што тие го имаат врз мажите од руралните средини, а е поврзан со особеностите како што се: ограничениот пристап до јавен превоз, фактот што повеќето жени припаѓаат на постарите возрасни групи, специфичните здравствени прашања, понеповолната економска положба, тешкотии во пристапот до пазарот на работна сила, многу поголеми обврски околу семејството и грижа за членовите на семејството, недостиг на ефективно користење на сопственичките права, патријархални семејни односи, релативна невидливост во повеќето од земјоделските и руралните развојни програми и нивната недоволна застапеност во процесот на одлучување. Оттаму, како што е наведено од страна на Хјуз (1997), постои потреба за вклучување на субјективните искуства на жените како легитимна истражувачка алатка за да се подобри разбирањето на руралниот начин на живот.

Во моментов постојат само две научни студии со кои се откриваат некои од факторите што ги олеснуваат тешките животни и работни услови за жените од руралните области. Д-р Јорде Јакимовски и д-р Наум Матилов од Институтот за социолошки, политички и правни истражувања откриваат дека речиси сите рурални жени помлади од 30 години сакаат да се преселат во градовите, а дека околу 30 проценти од постарите жени сакаат да останат во селата, но не и да се занимаваат со земјоделство. „Невработеноста, лошата комунална инфраструктура и несигурноста на земјоделскиот пазар се идентификувани како основни

проблеми за жените што живеат во селата“ (Јакимовски и Матилов 2002 г.). Сојузот на организации на жените во Република Македонија излезе со своја студија насловена „Родовите концепти во руралните области во Македонија“, каде што генералните заклучоци се дека руралните области се претежно патријархални; додека политиката и економијата се резервирани за мажите, улогата на жените е пред сѐ репродуктивна (Димитриевска, 2003 г.). Центарот за истражување и креирање политики (во понатамошниот текст: ЦИКП), од друга страна пак, изработи студија во 2008 година со која се пополни празнината што постоеше во информациите за улогата на жените во земјоделскиот сектор, која подоцна беше користена да се развијат афирмативни мерки што овозможуваат формализација на учеството на жените во земјоделското производство (ЦИКП 2008а).

Ниту една од горенаведените студии не обезбеди опсежни информации за тоа кои фактори влијаат на разликите меѓу руралните и урбаните жени и мажи во Македонија, ниту пак обезбедуваат квантитативни и квалитативни податоци за формулирање на цврсти политики што ќе ги препознаат конкретните потреби на руралните жени. Оттука, во рамки на својот скорешен проект „Студија за руралните жени[2]“, тимот на ЦИКП разви методологија за истражување со цел да се соберат квантитативни и квалитативни докази за опис на реалноста од животот на руралните жени. За таа цел беше спроведена анкета на рурални жени и мажи во руралните области на Македонија и беа одржани дискусии со целните групи. Собраните податоци беа вкрстено анализирани со официјалната статистика, со податоците од секундарни извори (како што се гореспоменатите студии) и со преглед на законите, уредбите и одлуките, годишните извештаи од јавните органи и со извештаите од меѓународните организации, како и од граѓанското општество. Сите собрани податоци се анализирани и се претставени во оваа основна студија. Студијата исто така ги анализира различните рамки на политиките што одговараат, или што не одговараат на конкретните реалности во кои живеат руралните жени, а се опишани во текот на проектот. На крај, студијата нуди препораки за политиките со кои се очекува да се трансформираат руралните општества и да се подобри животниот стандард на руралните жени.

Во врска со студијата и со препораките беа консултирани повеќе институции (државни и недржавни[3]). ЦИКП ја поздравува и ѝ оддава признание на Проектната канцеларија на UN Women во Скопје за финансиската и техничката поддршка што ја обезбеди за овој проект, особено при процесот на развој на методологијата и финализирање на студијата.

2 Проектот „Студија на руралните жени“ е имплементирана од страна на ЦИКП во периодот од февруари до мај 2011 г. Беше реализиран со финансиска поддршка од UN Women, Проектна канцеларија Скопје.

3 Стручњаците, кои беа контактирани за надгледување и проверка на работата, вклучуваат членови од Тематската група за човекови права и родова еднаквост на тимот на Обединетите Нации (вклучувајќи претставници од СЗО, МОТ, УНИЦЕФ, МОМ, УНХЦР, УНФПА, УНАИДС, Канцеларијата на Обединетите нации за координација – Канцеларијата за комуникации на ОН, одговорното лице за човекови права), Министерство за труд и социјална политика – Механизам за родова рамноправност (Елена Грозданова, Јована Тренчевска, Мердита Салиу), Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство – родови фокусни точки (Јованка Маргарита Делева), и Весна Јованова, родов експерт и тимот на UN Women, Скопје.

# 2. Методологија за истражувањето

Руралните жени во Македонија и социоекономските услови во кои живеат досега беа многу ретко истражувани. Државниот завод за статистика (во понатамошниот текст ДЗС) собира податоци, кои ретко се приложуваат, за да се олесни разбирањето на разликите меѓу социоекономската положба на урбаните и руралните жени.  Згора на тоа, од податоците што редовно ги објавува ДЗС, е тешко да се анализира односот меѓу возраста, етничката припадност и социоекономска положба на руралните жени. Сепак, имајќи ги предвид брзите промени што влијаат на положбата и на улогата на жените во македонското општество, првенствено во урбаните области, со таквата генерализација постои голема веројатност да се направи превид во важните разлики меѓу урбаните и руралните жени.

За целите на ова студија за руралните жени беа комбинирани повеќе методи на истражување. Пред сѐ оваа анализа се заснова на официјалните расположливи статистички податоци од Државниот завод за статистика. Многу научивме и имавме голема корист од извештаите на владините органи што ги спроведуваат различните политики, како и од истражувањата, аналитичката работа и мониторингот на неколку НВО и академските институции. Во овој контекст, како и во процесот на пишувањето на основната анализа идентификувавме и во оваа студија се осврнавме на две независни студии за руралните жени во Македонија што се извршени во последната декада.

> *„Положбата и улогата на руралните жени“* од д-р Јорде Јакимовски и д-р Наум Матилов е првата опсежна студија од ваков вид. Студијата се заснова на резултатите од анкета спроведена врз 800 жени[4].
>
> Втората студија со наслов „*Родовиот концепт во руралните области на Република Македонија*“ од д-р Весна Димитриевска анкетираше 1000 жители од руралните области, од кои половина се жени[5].

За потребите за пишување на оваа студија не користевме само секундарни извори, туку генериравме и анализиравме и примарни податоци. Истражувањето беше замислено за да може да се учи од студијата и со неа да се даде осврт на слабостите на останатите секундарни извори во оваа област на проучување, но исто така и да се унапредат сознанијата во областите што не биле проучувани претходно. Истражувањето е извршено во три фази,

4 Големината на примерокот обезбедува голем степен на прецизност (прецизноста на оваа студија е еквивалентна со интервалот на доверба од 3,46% со стандардно 95% ниво на сигурност) и обезбедува добра проценка на дадените параметри во однос на населението што е мета на интерес. Анкетата ги зема предвид конфигурацијата на селата во кои живеат жените (т.е. дали е лоцирано во низинските или во планинските предели), со што се обезбедува репрезентативен примерок, кој е пропорционален на бројот жени што живеат во овие два вида населени места. Сепак, не беше земена предвид регионалната репрезентација на руралните жени, па според тоа во зависност од начинот на кој биле избрани селата, резултатите можат да бидат под влијание на пристрасноста во избирањето на истражувачот (Јакимовски и Матилов, 2002).

5 Исто така овозможува споредби меѓу мажи – жени и е репрезентативен за различни региони, иако не е директно пропорционален на големината на населението од регионите. Анкетирани беа еднаков број лица од 5 различни региони (Скопје, Тетово, Куманово, Пробиштип и Струга). Оваа студија има висок степен на точност со интервал на доверба од 3,1% на 95% ниво на сигурност. Сепак, за разлика од Јакимовски, ова истражување не прави разлика меѓу низинските и планинските села. Ова разграничување,  најверојатно, би ги нагласило важните разлики меѓу двата вида села во однос  на  инфраструктурата, економскиот развој и модернизацијата (Димитриевска, 2003).

користејќи три различни методологии. Во првата фаза, имплементирана во април 2011, спроведовме теренска анкета кај мажи и жени од 65 села. Наодите од оваа анкета во текот на Основната студија ќе бидат наведени како **ЦИКП анкета на руралните мажи и жени, 2011**. Во втората фаза, имплементирана на почетокот на мај 2011 г. спроведовме 24 дискусии во фокус-групи. Во студијата, наодите од фокус-групите ќе бидат наведени како **ЦИКП фокус-групи на руралните мажи и жени, 2011.** На крај, разговаравме и со одреден број креатори на политики со цел да го опишеме капацитетот и поддршката за усвојување на трансформациски политики, што можат да бидат донесени, за да се подобрат условите за живот на руралните жени.

## *2.1 Примерок од истражувањето*

### 2.1.1 Примерок од анкетно истражување

Анкетата беше спроведена на примерок од 602 испитаници[6], вклучувајќи мажи и жени, со цел да се овозможат суштински родови споредби.

Овој примерок е репрезентативен во однос на различните статистички региони во државата, како и врз основа на конфигурацијата на селата (дали се планински или низински села), пропорционално на големината на руралното население што живее во одделните региони или во видот на селата. Етничкиот состав на примерокот беше исто така земен предвид за да соодветствува со профилот на етничкиот состав на руралното население. Дефиниравме дека се од планински тип селата со над 800 метри надморска височина (т.е. лоцирани во планински области), а тие под ова ниво ги сметавме за низински села (т.е. лоцирани во низини). Бројот на анкетирано население беше по 10 од низинските села и по 6 од планинските села, вкупно 480 луѓе од низинските предели и 122 испитаници од планинските предели. Во тој поглед, нашата студија ги надминува ограничувањата идентификувани во претходните две студии.

Во однос на демографските карактеристики, во примерокот беа вклучени повеќе жени во споредба со мажите што беа дел од анкетата (279 мажи и 323 жени)[7]. Главната причина за ова беше да се овозможат поопсежни податоци за причините и за факторите што влијаат врз животниот стандард на жените, кои беа користени како основа за оваа анализа. Повеќе од една третина од анкетирањето беше спроведено со жени на возраст од 36 до 55 години. Предвид беше земена етничката и верската припадност во државата, со цел да се добие примерок што ги отсликува нив на репрезентативен начин. Деталната поделба на примероците по демографски категории, како и интервалите на доверба се наведени во анексот за Забелешки за методологијата.

6 Во однос на големината на примерокот, ***ЦИКП анкета на руралните жени и мажи, 2011*** нуди помал степен на прецизност од претходните две, еквивалентно на интервалот на доверба (т.е. маргина на грешка) од 3,99% на 95% ниво на доверба (за дел од 50%). Ова значи дека ако 50% од нашите 602 испитаници ја избрале опцијата „невработен“, тогаш можеме да тврдиме со 95% сигурност дека вистинскиот број невработени луѓе е меѓу 46% и 53%. Интервалите на доверба се нормално поголеми за прашања со помал број вкупно анкетирани лица или прашања анализирани врз основа на помала големина на примерок (како што е одделно анализиран примерокот на жени). Деталните интервали на доверба, одделно за мажи и жени, како и за различни делови на анкетирани испитаници се наведени во анексот 2.

7 Анкетниот прашалник е изготвен на македонски и албански јазик.

### 2.1.2 Примерок од истражувањето со фокусни групи

За да се надминат ограничувањата што произлегуваат од помалите примероци и да се создадат податоци за согледувањата и за начинот на размислување што се основи за согледувањата и вредностите на луѓето, тимот одлучи да примени дискусии со целни групи[8] како дополнителна методолошка алатка во Основната студија. Организирани беа вкупно 24 фокусни групи, по три во секој од осумте статистички региони. Во секој од регионите беа одржани по две женски и една машка фокусна група. Според тоа, посетени беа 24 села со 16 женски и 8 машки фокусни групи. Секоја група се состоеше од 7 до 10 учесници, односно во дискусиите на фокусните групи учествуваа вкупно 144 жени и 74 мажи. Дискусиите беа со времетраење од 40 до 90 минути.

Шест од дискусиите во селата со доминантно албанско население (Ладориште, Мислодежда, Шемшево, Мерово, Страчинци и Желино) беа одржани на албански јазик, додека останатите (18 групи) беа одржани на македонски јазик[9].

Деталната распределба на примероци по села каде беа организирани целните групи, статистичкиот регион во кој припаѓаат тие, како и родовата структура на учесниците се наведени во анексот за забелешки за методологијата.

## *2.2 Прашања користени при истражувањето*

Претставената студија се стреми кон тоа да ги канализира гласовите на руралните жени во однос на нивните потреби и предизвиците со кои се соочуваат, а во исто време да го зголеми корпусот на знаење за корените на социјалната исклученост на руралните жени со цел да помогне во дефинирањето на условите за ефективна имплементација на политиките и акциите што можат да придонесат за поголема социјална вклученост на руралните жени.

Со извештајот се предвидува да се обезбедат одговори на следните прашања користени во истражувањето:

а) Кои се руралните жени?

б) Кои се нивните капацитети и предизвици во споредба со оние на мажите?

в) Која е институционалната рамка што дејствува како нивна поддршка?

г) Дали соодветствуваат овие политики со капацитетите, потребите и со предизвиците со кои се соочуваат руралните жени?

д) Кои се недостатоците и како можат политиките да ги преобразат животите на руралните жени?

---

8 Сценаријата од целните групи беа приготвени за женски и машки групи и на македонски и албански јазик..

9 Сите учесници во целните групи што беа одржани на албански јазик беа од албанско етничко потекло, сите учесници во целните групи одржани на македонски јазик беа од македонско етничко потекло, освен за целната група во Старо Нагоричане каде сите учесници беа од српско етничко потекло.

## *2.3 Ограничувања во истражувањето*

Едно истражување од ваков вид неизбежно се соочува со многубројни ограничувања што мораат да бидат земени предвид кога се извлекуваат релевантни заклучоци и кога се изработуваат препораки. Покрај временското ограничување од 2 месеца за имплементација на активностите од теренските истражувања, деликатниот предмет на истражување, како и менталитетот на луѓето од руралните средини што се доминантно патријархални, постојат и прашања што произлегуваат од изборот на методологијата што е применета во истражувањето, но исто и од расположливоста на примарните податоци.

Како што беше споменато и на почетокот од ова поглавје, официјалните податоци поделени по пол се многу ограничени во однос на преставувањето на урбаните и на руралните разлики. Новата веб-страница на Државниот завод за статистика е за пофалба, меѓутоа ја ограничува слободата на истражувачот да создаде своја база на податоци, бидејќи ги нуди само основите на податоците што се на располагање и што се веќе претставени во публикациите на ДЗС, а тие се недоволни за анализирање на положбата на руралните жени.

Во врска со примарните извори на податоци, кои се собрани за целите на оваа студија, можеме да забележиме дека постојат неколку ограничувања. Пред сè, анкетата беше спроведена во селата во текот на денот, кога многу од вработените луѓе не беа во своите домови за да бидат анкетирани. Како резултат на ова во крајниот резултат постои одредена пристрасност при изборот што претполага дека реалната бројка на невработени луѓе може да биде помала од она што го покажуваат нашите резултати. За да се намали овој ефект се стремевме кон тоа најголемиот дел од анкетите да се изведуваат во неработни денови, вклучувајќи ги овде викендите и еден државен празник.

Друго ограничување беше недостигот од механизми за принуда, кои ќе гарантираат дека прашањата се одговорени во целост и доследно.  Ова во голема мера зависи од волјата на анкетираните лица, додека мерки на принуда не се препорачуваат во текот на истражувањето. Прашалникот од анкетата на ЦИКП за руралните жени беше опсежен, меѓутоа постоеја случаи кога селаните не можеа во целост да ги одговорат сите прашања од анкетата. За да се намали влијанието на оваа појава, во текот на анализата на нашите резултати обрнавме повеќе внимание на процентуалниот удел отколку на апсолутните бројки под секој избор за одговор.

На пример, користењето на фокусни групи исто така носи одредени проблеми: избор на учесници (т.е. репрезентативност на примерокот), избор на региони, веродостојност на информациите, фактичко знаење на учесниците во однос на поширокте импликации на политиката итн. Се стремевме кон тоа да ги намалиме негативните аспекти на овој метод преку користење специјализирани организации на локално ниво, како што се ОЖО Свети Николе и контактите што ги собравме во текот на теренските анкети.  Ова ни овозможи да допреме до целните групи што беа предмет на истражување.

Згора на тоа ги користевме и расположливите секундарни ресурси и статистички податоци, онаму каде тоа е применливо, ги анализиравме документите за политиките и разговаравме

со креаторите на политики со цел да се опише реалната ситуација за да не се заснова само на перцепцијата на анкетираното население или на оние интервјуирани како дел од целните групи.

## *2.4 Структура на студијата*

При пишување на овој извештај најпрвин почнавме со дефинирање на руралните жени: кои се тие, каде живеат и кои се нивните социоекономски карактеристики. Ова е претставено во поглавјето 3 од студијата. Понатаму се обидовме да ги опишеме различните фактори што имаат влијание врз разликите меѓу населението што живее во урбани средини со оние кои живеат во рурални средини, како што се инфраструктурата (поглавје 3), економијата (поглавје 4) и политиката (поглавје 5). Патријархалните односи во семејството, улогата на руралните жени во семејството, нивните права на сопственост итн. се предмет на анализа во поглавјето 6. Овие фактори особено покажуваат на кој начин влијаат руралниот живот и неповолностите врз жените од руралните средини, во споредба со начинот на кој влијаат врз руралните мажи. Конечно, во поглавјето 7 е наведена анализата на областите од политиките каде руралните жени се директни корисници. Заклучоците се дадени во поглавјето 8, додека препораки за политиките се претставени во поглавјето 9.

# 3. Дефинирање на статусот на жените

## *3.1 Кои се руралните жени?*

Руралните жени го претставуваат женското население што живее во руралните области. Во согласност со членот 24 од Законот за земјоделство и рурален развој (бр. 134/2007), руралните области се дефинирани како „географска област“ што ја дефинираат следните критериуми: мал број население или ниска густина на население; специфични социоекономски карактеристики”[10]. Критериумите се детално дефинирани со уредба на Владата, според што во Службен весник е објавен и списокот на рурални населби. Со вкрстена анализа на списокот, на локалитетите и на официјалните статистички податоци од последниот попис од 2002 г., заклучивме дека 45,2% од вкупното население (односно 915.665 жители) во Македонија живеат во рурални области. Соодветно на ова, мнозинството од населението, односно 54,8% живее во урбаните области.

Според студијата на Јакимовски, која ги обработува податоците од пописот во 1994 г., најголемиот број од руралните жени припаѓаат на возрасните групи од 40 до 49 години и од 30 до 39 години. Од друга страна пак, мнозинството рурални мажи припаѓаат на возрасните групи од 20 до 29 години и од 30 до 39 години.

***Табела 1: Рурални жени и мажи според возрасни групи и род***

| ***возраст*** | ***вкупно*** | ***мажи*** | ***жени*** |
|---|---|---|---|
| *вкупно* | 100% | 100% | 100% |
| 0-19 | 5,9% | 5,3% | 8,1% |
| 20-29 | 22,0% | 23,2% | 18,1% |
| 30-39 | 21,6% | 22,1% | 19,8% |
| 40-49 | 18,4% | 17,4 % | 21,9% |
| 50-59 | 19,1% | 18,9% | 19,8% |
| *непознато* | 12,8% | 13% | 12,1% |

*Извор: Положбата и улогата на руралните жени, (Јакимовски и Матилов 2002)*

Треба да се забележи дека пописот од 2002 г. ги претставува податоците според општини, а не според села, и бидејќи владината уредба го дефинира списокот на рурални села, не можеме да ги пресметаме истите социодемографски податоци што се наведени во студијата на д-р Јакимовски и д-р Матилов. Сепак, ЦИКП анкетата на рурални мажи и жени од 2011 има собрано податоци што се релевантни за образованието на руралните жени и мажи. Останатите податоци презентирани во оваа студија, како што се должината на живот и здравствената состојба, се обезбедени од страна на Институтот за јавно здравје, но не ги преставуваат руралните/урбаните разлики меѓу населението во Македонија. Со оглед на тоа што не се релевантни за фокусот на ова истражување, овие податоци не се претставени во студијата.

10 Конкретните социоекономски карактеристики се дефинирани во „Уредба за критериуми за дефинирање на рурални подрачја („Службен весник на Република Македонија“, бр. 137/2008). Во согласност со Уредбата, рурално подрачје е подрачје што има помалку од 3.000 граѓани, помалку од 51% вработеност, подрачја кои имаат само една економска активност (гранка), додека околината треба да има земјоделска физиономија, односно да нема улици, булевари, станбени населби, паркови, економија, рекреација и градски плоштади.

**Руралните жени имаат пониско ниво на образование во споредба со руралните мажи, а особено споредено со урбаните жени.** Образовните постигнувања на жените од руралните области во Македонија се претставени во проценти во табелата подолу. Споредено со руралните мажи, во однос на образовните категории, руралните жени имаат пониско ниво на образование, особено имајќи го како пример фактот дека тие многу почесто не го завршуваат образованието или пак имаат нецелосно основно образование, сепак процентуалните разлики за останатите нивоа на образование не се премногу забележителни.

***Табела 2: Образовните постигнувања на руралното население според родот во споредба со урбаното население***

| *образовно постигнување* | **рурални жени** | **рурални мажи** | **урбани жени** | **урбани мажи** |
|---|---|---|---|---|
| без образование | 5% | 2% | 2% | 0,8% |
| нецелосно основно | 18% | 10% | 8% | 3% |
| основно и ниско ниво на средно образование | 46% | 42% | 27% | 22% |
| 3 годишно средно образование | 6% | 11% | 7% | 13% |
| 4 годишно средно образование | 21% | 29% | 37% | 44% |
| високо образование | 1% | 2% | 4% | 4% |
| универзитетско ниво на образование | 4% | 4% | 14% | 13% |
| ***вкупно*** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** |

*Извор: Анкета на работна сила 2009 (ДЗС 2010а)*

Графиконот подолу дава споредба на нивоата на средно и високо образование. Овој метод на презентација обезбедува визуелна распределба со јасно дефинирани извори: можеме да дебатираме дека просечната рурална жена има само основно образование, просечната урбана жена нема средно образование, додека образовниот профил на просечниот рурален маж се наоѓа меѓу овие две позиции. Со други зборови, графиконот покажува како се зголемуваат малите разликите меѓу руралните жени и мажи, особено кога се работи за средно образовно ниво, значително оставајќи ги руралните жени зад руралните мажи. Сепак, постои уште една многу значајна разлика меѓу руралните и урбаните жени во однос на високите нивоа на образование. Како што се гледа на табелата подолу, но исто така покажано и со графиконот, трипати повеќе урбани жени (14%) имаат универзитетска диплома во споредба со 4% руралните жени.

*Перспективите на жените од руралните средини*

***Графикон 1: Образовните постигнувања на руралното население според родот во споредба со урбаното население***




*Извор: ЦИКП анкета на рурални жени и мажи, 2011*

Според пописот од 1994 г. (според Јакимовски 2004), 46,6% од руралните жени биле без основно образование или со нецелосно основно образование, 39,7% имале завршено основно, 11,6% средно образование и само 1,3% имале високо или универзитетско образование. Освен тоа, 15% од руралните жени биле неписмени и било 3 пати поверојатно тие да бидат неписмени отколку руралните мажи. Споредувајќи го пописот со последните податоци наведени погоре, може да се заклучи дека постои позитивен напредок во сите овие категории од ситуацијата пред 15 години. Додека бројот на жени без образование или со нецелосно образование е намален на половина (на 23%), бројот на жени што завршиле барем основно образование или средно образование е значително зголемен (46% и 27%, по тој редослед).

**Во економскиот живот на општеството, руралните жени се најисклучена група, споредено со руралните мажи или пак со нивните сожители - урбаните мажи и жени.** Стапките на активност забележани во последните неколку години покажуваат трендови со кои се проширува родовиот јаз манифестиран со најниска активност кај руралните жени. Додека две од секои три рурални жени не се активни во барањето на вработување, само една од две урбани жени и еден од тројца рурални мажи не се дел од активната работна сила.

***Табела 3: Стапка на активност кај населението со возраст од 15 години па нагоре, според родот и поделба на урбано/рурално население***

| *година* | *урбани жени* | *урбани мажи* | *рурални жени* | *рурални мажи* |
|---|---|---|---|---|
| 2007 | 49 | 66 | 36 | 70 |
| 2008 | 49 | 67 | 36 | 71 |
| 2009 | 49 | 67 | 36 | 72 |

*Извор: АРС (Според ДЗС 2010 г.)*

## *3.2 Каде живеат?*

По усвојувањето на Стратегијата за регионален развој 2009-2019 од страна на Собранието на Република Македонија, државата беше поделена на 8 статистички региони во согласност со Номенклатурата за територијалните единици за статистика на ЕУ (NUTS-3 ниво). Поделбата на ова ниво е извршена за статистички цели, додека примарната административна поделба е на локални самоуправни единици (LAU-1), ниво кое содржи 85 општини, вклучувајќи го и градот Скопје. Регионите ги вклучуваат: Скопје, Полог, Пелагонија, Вардар, Источен, Североисточен, Југоисточен и Југозападен регион.

И покрај тоа што регионот Скопје од статистичка гледна точка е регион со највисока апсолутна бројка на рурално население, регионот Полог е оној со најголем сооднос каде живее населението во рурални области (69%). Скопје, од друга страна, е вториот најурбан регион во државата. Пелагонија е регион кој е процентуално најмалку рурален (33,9%), потоа следува Источниот регион со 35% од своето население што живее во рурални области, кое најмногу се должи на доминацијата на малите градови. Родовиот состав на руралното население е многу блиску до 50%-50% поради големината на статистичкиот примерок што беше земен предвид. Според некои проценки засновани на истиот попис, постои мала доминација на бројот на мажи над бројот на жени во сите региони, освен во регионот Скопје, но ниту во еден од случаите разликата не е поголема од 1%.

***Табела 4: Податоци за населението според регионот и родот***

| ***статистички региони*** | ***вкупно население*** | ***процент жени*** | ***урбано население*** | ***рурално население*** | ***процент рурално население*** |
|---|---|---|---|---|---|
| *Источен* | 203.208 | 49,4% | 132.191 | 71.017 | 34,9% |
| *Југоисточен* | 173.326 | 49,3% | 77.632 | 95.694 | 55,2% |
| *Југозападен* | 219.701 | 49,9% | 103.960 | 115.741 | 52,7% |
| *Пелагонија* | 238.136 | 50,0% | 157.467 | 80.669 | 33,9% |
| *Полог* | 289.117 | 49,7% | 88.762 | 200.355 | 69,3% |
| *Североисточен* | 172.787 | 49,2% | 92.324 | 80.463 | 46,6% |
| *Скопје* | 578.144 | 50,6% | 366.948 | 211.196 | 36,5% |
| *Вардар* | 149.993 | 49,2% | 89.463 | 60.530 | 40,4% |
| ***вкупно*** | **2.024.412** | **49,9%** | **1.108.747** | **915.665** | **45,2%** |

*Извор: Попис на население 2002 г. (ДЗС 2004); наши пресметки. Региони во Република Македонија 2009 г. (ДЗС 2010б).*

Забелешка: „Процент рурално население“ се однесува на соодносот на руралното население во вкупниот број на население.

„Процент жени“ се однесува на соодносот на жени во вкупниот број на население.

Овој образец можеме да го искористиме и за руралното население бидејќи процентите за жени наведени погоре во вкупниот број на население се исто така репрезентативни за руралното женско население. **Последователно на ова можеме да заклучиме дека руралните жени претежно живеат во руралните региони Полог, во Југоисточниот и во Југозападниот регион**, како што е покажано и на картата подолу.

***Перспективите на жените од руралните средини***

***Карта 1: Регионална распространетост на руралното население во Македонија***




*Извор: ЦИКП, 2011 г.*

Забелешка: Столбовите се однесуваат на бројот на населението во апсолутни бројки, додека црвената боја се однесува на процентуалниот сооднос на руралното население во секој регион.

Расположливоста на одредени инфраструктури е од голема важност за руралните жени. Патиштата овозможуваат пристап до јавните простори или до ресурсите што се на располагање во близина на руралните области (вклучувајќи ги овде можностите за образование и вработување, пазарите за продажба на земјоделски производи или услугите за здравствена заштита), додека струјата, водоснабдувањето и канализацијата се од големо локално значење. Снабдувањето со вода и со струја го подобруваат квалитетот на животот, го намалуваат обемот на работа, кој се однесува на обврските за грижа за деца или домашни обврски, и обезбедуваат суштински услуги за економска активност извршувана од дома. Имајќи ги на располагање телефонските услуги и Интернет услугите, тие им овозможуваат на жените да бидат поврзани со поширокaта мрежа на семејството, пријателите или други потенцијални деловни партнери и заедници, дури и кога традиционалните норми ги ограничуваат на нивната домашна средина. Од оваа гледна точка, важно е да се погледне надвор од фактичките податоци и да се истражат мислењата и гледиштата на руралните жени и мажи во однос на нивните потреби за подобрување на расположливоста на инфраструктурата и услугите.

Гледано во целост, руралното население не е задоволно со основните услуги и со инфраструктурата што ја имаат на располагање бидејќи секојдневно се соочуваат со последиците што се појавуваат како резултат на нивниот ограничен пристап. Една

претходна студија (Јакимовски, 2004 г.) открива дека руралното население од планинските области идентификува недостиг на пристап во следните области: центрите за социјална заштита (91%), културните институции (90%), здравствените институции (88,6%), средните училишта (87%), судовите (85,5%); општинските центри (68,7%) и основните училишта и продавниците, при што селата што се наоѓаат на пониска надморска височина имаат подобар пристап до услугите и инфраструктурата, најзабележителен е пристапот до здравствените услуги. Жителите на овие села најмногу го посочуваат недостигот од културни институции (68%) и правосудни институции (67%), следено од потребата за средни училишта (58%), центри за социјална заштита (57%) и општински центри (45%). Прашани за приоритетите, во истата студија жителите на планинските села најчесто посочуваат на изградба на комуналната инфраструктура, полесен пристап до здравствените услуги и полесен пристап и подобрување на образованието како најпопуларни решенија за нивните проблеми, додека жителите на селата што се наоѓаат во низините мислат дека економскиот и земјоделскиот развој, како и подобрувањето на комуналната инфраструктура би ги решиле нивните проблеми на најефективен начин. Во друга студија (ЦИКП 2009а: 80) како проблематични области, кои треба да бидат првенствено подобрени, руралното население ги наведува патната инфраструктура (24,3) и подобрување на снабдувањето со вода и со електрична енергија (15,8%). Потоа следуваат образованието (5.0%) и здравствените институции (4,7%).

Во друга анкета  (Јакимовски и Матилов 2002: 23), спроведена во 2001 г., на прашањето до руралните жени да ги наведат најголемите проблеми во нивните села по приоритет, секоја четврта или петта жена на првите места ги става лошата комунална инфраструктура, недостигот на пари и невработеноста. Инфраструктурата беше особено нагласена како проблем од страна на жените што живеат во планинските области (36,4%), наспроти (21,2%) жените што живеат во низините, додека недостигот од можности за вработување беше приоритетен како проблем за жените што живеат во низините (28,3%), наспроти жените што живеат во планинските предели (20%). Останати проблеми кои се сметаат за приоритет се обезбедувањето на здравствени услуги (нагласени од 8,7% од жените што живеат во низинските предели и 9,1% од жените што живеат во планинските предели) и социјалната несигурност (8,4% и 9,1%, по тој редослед). Последно, но исто толку важно, 5,3% од жените го нагласија несоодветниот пристап до образовни, културни и други видови институции како приоритет.

Врз основа на ова, во наредните делови од текстот оценката на состојбата на инфраструктурата и на услугите ќе биде надополнета со гледиштата на руралното население добиени од ЦИКП анкетата на рурални жени и мажи, 2011.

### 3.2.1. Основна инфраструктура и услуги што поддржуваат пристап за руралните мажи и жени – анализа од родова перспектива

#### 3.2.1.1. Водоснабдување

**Во руралните области состојбата со водоснабдувањето е споредлива со онаа во урбаните области, меѓутоа со ограничени количини што би ги задоволиле потребите и со слаб квалитет на водата.** Процентот на рурално население што има пристап до водоводна мрежа е 72,3%, споредено со 87,7% од вкупното население, 18,7% имаат пристап до вода под притисок од цистерни (споредено со 8% од вкупното население), додека 8,96% од руралното население нема пристап до водоводна мрежа (4% од вкупното

население). Состојбата со водоснабдувањето не е задоволително во однос на: недоволно количество вода со висок квалитет, особено забележително во густо населените области на Источниот регион; (II) лошо опремена водоводна мрежа; и (III) недоволна заштита на изворите на вода и хигиена[11]. Подобрувањето на водоснабдувањето е во надлежност на четири министерства: Министерствата за животна средина, за транспорт, за локална самоуправа и за здравство. Оттука и координацијата на планирањето и имплементацијата е тешка. Сепак, во тек е подобрување на системите за водоснабдување и наводнување во североисточниот дел од државата за седум општини – Кратово, Пробиштип, Злетово, Штип, Карбинци и Свети Николе.

**Во ЦИКП анкетата на рурални жени и мажи, 2011, како висок приоритет е идентификувано подобрувањето на водоснабдувањето.** Сепак, имајќи ги предвид традиционалните улоги на руралните мажи и руралните жени во семејството и земајќи ги предвид анкетните резултати што покажуваат дека водоснабдувањето е поголем приоритет на мажите што живеат во низинските села (38% од мажите во споредба со 16% жени), може да се посочи дека подобрувањето на водоснабдувањето е повеќе потребно во однос на земјоделското производство отколку за поддршка на домашните активности (перење алишта, готвење, чистење, лична хигиена итн.).

### 3.2.1.2. Канализациски систем

**Канализациски системи постојат само во градовите. Руралните области имаат септички јами што не се контролираат, па оттука и доаѓа и заканата по здравјето на руралното население.** Делот од руралното население што има на располагање јавни канализациска мрежа е низок и се проценува на 17,7% (за целокупното население оваа бројка изнесува 60,1%). Вкупниот број на рурално население без никаква канализациска мрежа е 8,9% (кај вкупното население тоа е 4%)[12]. Не постои никаква иницијатива да се изградат канализациски системи во руралните области.

**ЦИКП анкетата на рурални жени и мажи, 2011 открива голема потреба за подобрување на канализациската мрежа,** и кај мажите (67%) и кај жените (68%) жители на руралните средини, бидејќи многу од селата што беа анкетирани воопшто немаат никаков канализациски систем. Ова беше особено случај со селата во планинските предели.

### 3.2.1.3. Струја

**Во однос на снабдувањето со струја во руралните области не се забележани големи разлики споредено со урбаните области.** Снабдувањето со електрична енергија е на располагање на 99,75% од руралното население преку мрежата за пренос и дистрибуција на електрична енергија со соодветен капацитет на извори на електрична енергија (1,430 MW). Сепак, електричната мрежа во руралните живеалишта не е модернизирана за да го издржи редовното непрекинато снабдување на струја до домашните апарати (според Националниот план за земјоделски и рурален развој 2007-2013).

11 ИПАРД – Национална програма за земјоделство и рурален развој 2007-2013
12 ИПАРД – Национална програма за земјоделство и рурален развој 2007-2013

**ЦИКП анкетата на рурални жени и мажи, 2011 покажува дека севкупно руралните жители се задоволни со оваа релативно позитивна ситуација.** Само 16% жени и 25% мажи искажаа потреба за подобрување на електричната инфраструктура во нивните села. Жителите од низинските области покажаа поголемо задоволство (само 19% сакаат подобрување) од селаните што живеат во планинските предели, каде секој четврти жител тврди дека е потребно подобрување во електричниот систем (надградување од монофазно на двофазно или трофазно снабдување на електрична енергија).

### 3.2.1.4. Мобилност – патна инфраструктура и користење транспортни средства

**Патната мрежа во руралните области е слабо развиена и е без редовно одржување.** Во согласност со Законот за јавни патишта, патната мрежа на Република Македонија е поделена административно на државни, регионални и локални патишта. Националните и регионалните патишта се одржуваат на централно ниво, додека локалните патишта ги одржуваат општините. Државната патна мрежа е со највисока административна класификација и е од значење за меѓународните врски на државата, додека регионалната патна мрежа е со помала административна важност бидејќи овозможува врска со државната патна мрежа и е од суштинско значење за општините. Вкупната должина на патната мрежа е 13.186 км, од кои 909 км се државни патишта, 3.781 км се регионални и 8.496 км се локални патишта (според Оперативната програма за регионален развој 2007-2009). Околу 50% од локалните патишта се со земјена подлога или воопшто не се надградени, додека редовното одржување и вонредните поправки претставуваат проблем[13]. Во текот на последните неколку години забележливи се напорите за подобрување на патната инфраструктура.

**Сепак, според ЦИКП анкетата на жени и мажи, 2011 потребата за подобрување на патната мрежа во руралните области е нагласена како висок приоритет, како во низинските села (51%), така и во планинските села (54%).** Потребата за подобрување на патиштата беше повеќе нагласена од страна на машките соговорници (59%) отколку од жените (45%) што може да биде показател дека мажите имаат поголема потреба да ги користат јавните патни површини и услуги надвор од селската околина отколку жените, чии одговорности се сè уште традиционално повеќе врзани за домот.

Поврзано со патната инфраструктура е и користењето на услугите и средствата за превоз, било тоа да се од јавни или од приватни даватели на услуги за превоз или користење на свои превозни средства. Како што ќе биде покажано и подолу, бројот на услугите и можностите (вклучувајќи ги овде образованието, можностите за вработување или услугите, како што се банки, пошта итн.) не се на располагање во близина на руралните области, па според тоа и користењето на превозни средства преставува суштински фактор за да се дојде до тие услуги. **Според анкетата, јавниот превоз е попристапен во низинските отколку во планинските предели и почесто го користат жените.** Во однос на користењето на средствата за превоз, со ЦИКП анкетата на рурални жени и мажи, 2011, прашавме дали користат јавен превоз и каков вид јавен превоз користат руралните жители. Графиконот подолу дава споредба на јавните и на останатите превозни средства. Тој покажува дека јавниот превоз е особено значаен за жените од планинските предели, но исто така и за жените од низинските предели. И во двете подобласти, жените го користат јавниот превоз повеќе отколку мажите.

13 ИПАРД – Национална програма за земјоделство и рурален развој 2007-2013

*Перспективите на жените од руралните средини*

***Графикон 2: Користење на јавениот превоз - (според видот на превозот, родот и локацијата)***




*Извор: ЦИКП анкета на рурални жени и мажи, 2011*

За таа цел, важно е да се разгледа капацитетот за користење превозни средства во приватна сопственост. Родовите стереотипи што се однесуваат на управување моторни возила сè уште постојат. Бројот на жени што управуваат со моторни возила е помал од бројот на мажи, додека управување тешка земјоделска машинерија се смета дека не е женска работа. На државно ниво, во 2007 г. само 25% од возачките дозволи се издадени на жени (според Националната стратегија за намалување на сиромаштија и социјална исклученост 2010-2020). Иако не постојат детални податоци што можат да дадат слика за споредбената состојба во руралните и/или урбаните средини, наодите од фокусните групи претставени подолу покажуваат дека за некои жени сè уште не е општествено прифатливо да возат автомобил. Сепак, поради недостигот од јавен транспорт, како што покажува графиконот подолу, во руралните области автомобилот претставува најчесто користено превозно средство, како во низинските, така и во планинските предели, по што следува користењето такси. Значителни родови разлики се забележуваат во однос на користењето на тракторот како превозно средство. Бидејќи се користи за земјоделски работи и имајќи ги предвид традиционалните улоги во семејството, управувањето со трактор се смета за машка вештина. Од културолошка гледна точка, управувањето со тешки машини не се смета за женска работа. Само мал број жени (сите од македонска етничка припадност) управуваат автомобил, додека речиси сите мажи, без разлика на етничката припадност, возат автомобил. Иако жените сметаат дека денес е нормално да возат жените, работите порано беа различни, бидејќи тие главно останувале дома, и таа вештина не била неопходна. Мнозинството жени во фокусните групи го наведуваат стравот како главен фактор за нивното немање вештини за возење. Поради ова, тие се доста зависни од машките членови на семејството, особено кога станува збор за

**Рурални гласови 1:**
**Возењето автомобил не е за руралните жени**

*„Во нашата заедница жените не возат, тоа е само за мажи. Јас не возам, не ни сакам да научам бидејќи се плашам“.*

Албанка од село Мислодежда

вршење обврски надвор од селото, како што се: посета на доктор (особено специјалисти), посета на Агенцијата за вработување, одењето во банка итн. Албанските жени се особено засегнати со ова бидејќи во нивните заедници сè уште се смета за несоодветно жените сами да се возат во автобус, што го става користењето на јавен превоз од страна на руралните жени Албанки под знак прашалник.

***Графикон 3: Превозни средства според родот и живеалиштето***
**Процент на мажи и жени од соодветните групи што користат одредени средства за превоз**
(групите се дефинирани според локацијата и родот, анкетираните лица можат да даваат повеќе одговори)




*Извор: ЦИКП анкета на рурални жени и мажи, 2011*

### 3.2.1.5. Вмрежување – Комуникациска инфраструктура и капацитети за користење

**Телефонската мрежа (фиксни линии и ГСМ) ја покрива целата територија, додека Интернет сè повеќе се користи.** Она што е многу интересно е дека последниот Национален извештај за човеков развој (во понатамошниот текст НХДР) известува дека „повеќе од 60%" од домаќинствата поседуваат компјутер или мобилен телефон и тие се широко распространети особено во семејства со деца или млади луѓе (УНДП, 2011). Распространувањето на Интернет има неверојатен раст во последните десет години од 1,5% во 2000 до 51% во 2010.

***Табела 5: Корисници на Интернет во Македонија***

| *година* | *корисници* | *население* | *% нас.* | *користен извор* |
|---|---|---|---|---|
| 2000 | 30.000 | 2.016.060 | 1,5% | ИТУ |
| 2002 | 100.000 | 2.016.060 | 5,0% | ИТУ |
| 2006 | 392.671 | 2.056.894 | 19,1% | ДЗС |
| 2010 | 1.057.400 | 2.056.894 | 51,0% | ИТУ |

**Компјутерските вештини на жените од руралните средини, сепак, не се за пофалба**

бидејќи единствено 25,2% можат сами да користат компјутер, додека на 28,9% им е потребна помош при користењето компјутер, а 45,9% воопшто не користат компјутер. Во однос на ова прашање нема значителна разлика дали руралното население живее во низинските или во планинските предели. Споредбените податоци со руралните мажи покажуваат дека руралните жени се повеќе зависни бидејќи 41,5% од мажите можат сами да користат компјутер. Компјутерските вештини се особено важни за зајакнување на жените и за зголемување на нивната работоспособност.

***Табела 6: Познавањата на руралните жени и мажи за работа со компјутер***

***Дали знаете како да користите компјутер?***

| одговори според родот | Да, без помош. | Да, со помош. | Не. | вкупно |
|---|---|---|---|---|
| *мажи* | 115 (41,5%) | 59 (21,3%) | 102 (37,2%) | 277 (100%) |
| *жени* | 80 (25,2%) | 92 (28,9%) | 146 (45,9%) | 318 (100%) |
| *вкупно* | 195 (32,8%) | 151 (25,4%) | 248 (41,8%) | 595 (100%) |

*Извор: ЦИКП анкета на рурални жени и мажи, 2011*

**Истиот капацитет се пресликува во однос на користење Интернет,** каде што само 23,7% од руралните жени користат Интернет без помош во споредба со 41,2% на рурални мажи. Мнозинството рурални жени 54,6% воопшто не користат Интернет. Користењето Интернет може повеќе да ги поврзе руралните жени со заедницата и да им овозможи да разменуваат информации што се важни за развојот.

***Табела 7: Користење Интернет од страна на руралните жени и мажи***

***Дали знаете да користите интернет?***

| одговори според родот | Да, без помош. | Да, со помош. | Не. | вкупно |
|---|---|---|---|---|
| *мажи* | 114 (41,2%) | 54 (19,5%) | 108 (39,4%) | 277 (100%) |
| *жени* | 75 (23,7%) | 69 (21,8%) | 173 (54,6%) | 317 (100%) |
| *вкупно* | 189 (31,8%) | 123 (20,7%) | 281 (47,5%) | 594 (100%) |

*Извор: ЦИКП анкета на рурални жени и мажи, 2011*

### 3.2.2. Основни услуги кои се на располагање во руралните средини и капацитетите за нивно користење од родова перспектива

Анкетата и дискусиите во фокус-групи ги разгледаа јавните услуги што им се на располагање и што ги користи руралното население во Македонија. Анализата подолу овозможува да се направи генерализација и да се изведат заклучоци на две нивоа: (I) за руралното население што живее во низинските предели и (II) руралното население што живее во планинските предели. Во овој дел поблиску се осврнуваме на основните услуги што се неопходни за добросостојбата и зајакнувањето на руралните жени: образование, здравство, култура и социјална заштита.

### 3.2.2.1. Образование

Образованието е од суштинско значење за развојот на општествата, за подобрување на животот на луѓето, како и за унапредување на економскиот и социјалниот развој на локално и на национално ниво. Во дискусиите за образованието, како особено важни се наметнуваат неколку прашања: Дали образованието е соодветно достапно во рурална Македонија и дали се достапни училиштата за руралното население? И основното и средното образование се задолжителни во Македонија од 2007 г.[14] Според ова е направена и процена на достапноста во однос на близината на училиштата до местото на живеење и на трошоците што се поврзани со образованието.

**Во рурална Македонија постојат многу мали училишта.** Имено, „4 општини имаат само едно училиште, додека 9 имаат повеќе од едно училиште, но помалку од 100 ученици вкупно, во просек со помалку од 12 ученици во одделение. Згора на тоа, речиси 38% (47) од сите општини имаат училишта каде што во просек се предава на помалку од 100 ученици по училиште, додека 22% (27) од сите општини имаат училишта што во просек имаат помалку од 15 ученици по одделение“ (Левитас, 2002 г.). Со почетокот на децентрализацијата на образованието (2005 г.) консултантите, што работеа на реформите, предложија до Министерството за образование руралните училишта со мал број ученици да бидат затворени, а децата од овие училишта да бидат префрлени во најблиските поголеми центри. Сепак, Министерството за образование усвои мерка со која на општините им беше дадена можност не само да отвораат, туку и да затвораат училишта, како и да управуваат со нив. На сите општини им е доделен буџет за одржување на постојната училишна мрежа. Методологијата за финансирање во образованието по глава на жител регулира коефициент што се однесува на густината на населението каде што до 20 жители на метар квадратен добиваат 1,4 поени, 20-35 жители по метар квадратен добиваат 0,8 поени, а 35-70 жители добиваат 0,6 поени. Ова дополнително финансирање на училишта во области со ниска густина на население се смета за значајно за одржувањето на постојната училишна мрежа во руралните средини.

**Новиот пристап за руралното образование во Македонија предвидува „помалку училишта, подобри услови за образование“.** Во 2010 г. Министерството за образование и наука (во понатамошниот текст МОН) започна процедура за преиспитување на Стратегијата за спроведување на образованието во руралните области. Во март 2011 г., МОН ја презентираше анализата на трошоците и приходите и потребите за руралните училишта, која предлага од 108 училишта, 44 да бидат урнати, 24 да бидат обновени[15], додека останатите да бидат затворени. Со ова Министерството планира да ги подобри условите во образованието во областите каде има најмалку 30 деца што се на училишна возраст.

**Основното образование е овозможено во селата или во нивната близина.** Во повеќето од низинските и планинските области (види графикон 4) школувањето од петто до осмо одделение е на поголема оддалеченост во споредба со образованието до четврто одделение,

---

14 Од академската година 2008/09, средното образование (на возраст од 14-18 години) стана задолжително за сите деца што завршиле основно образование. Семејствата што не ги запишуваат децата во средно училиште или порано го прекинуваат школувањето ќе бидат казнети парично.

15 Отовица, Елово, Светомитрани, Драчевица, Ношпал, Беровци, Галичани, Чепигово, Дедино, Црнилиште, Глинич, Мојанци, Волино, Паничари, Ново Село, Селце Рече, Марена, Едерниково, Карамани, Крклино и Трпачин Дол.

сепак не постои значителна разлика меѓу руралните и низинските рурални области. Поважна заедничка карактеристика е во однос на понудата на средно образование каде се забележува дека не постојат значителни разлики меѓу различните рурални средини.

***Графикон 4: Достапност на основните и средните училишта според пешачкото растојание (според локацијата и нивото)***




*Извор: ЦИКП анкета на рурални жени и мажи, 2011*

**Наспроти основното образование, за да се стигне до средно училиште луѓето треба да патуваат до урбан центар.** Графиконот погоре покажува дека во повеќето случаи (над 70%) средните училишта се наоѓаат на повеќе од час и половина пешачење од нивните домови. И повторно, нема значителна разлика меѓу низинските и планинските рурални предели, ниту пак меѓу одговорите на мажите и жените. Растојанието од средните училишта може да влијае врз достапноста, бидејќи таа е најчесто попречена од економски бариери што се однесуваат на трошоците за превоз до најблиското средно училиште.

**Достапноста на средното образование зависи од редовниот превоз на учениците за кое постојат докази дека е проблематично.** Една од мерките со кои беше проследено воведувањето на средното образование како општо и задолжително е обезбедувањето превоз до средните училишта. На општините им беа доделени дополнителни средства и одговорност да организираат превоз за учениците до средните училишта. Сепак, едно друго скорешно истражување на ЦИКП (2009) за спроведувањето на задолжителното основно образование покажува дека: „Не се исплаќа училиштата да организираат превоз за само 2 - 3 деца, особено ако се земе предвид фактот дека во одредени случаи превозот треба да се организира со посебно возило приспособено на теренските услови“. И покрај тоа што проблемот може да биде решен со доделување соби во школските интернати, во некои градови/општини (како Тетово на пр.) ова не е можно бидејќи во градот не постојат интернати (ЦИКП, 2009б).

**Децата од руралните области не посетуваат средно училиште редовно.** Анкетата на УНИЦЕФ посочува дека мнозинството деца и млади луѓе што не посетуваат средно

училиште редовно доаѓаат од руралните области, најчесто од Источниот регион и околу 73% од нив се од турската или ромската етничка заедница (УНИЦЕФ, 2009). Додека проблемот за достапност на училиштата е релативно помал кога станува збор за основните училишта (особено од пониското основно образование), проблемот станува понагласен кога овие ученици ќе завршат основно и ќе се соочат со одење во средните училишта. Еден од главните причини е проблемот со инфраструктурата во селата од планинските предели, кои можат да бидат доста изолирани и непристапни, особено во зимскиот период.

**Се подобрува преминувањето на девојките од основно во средно образование.** Учеството на учениците–девојки во образованието е особено загрижувачко бидејќи од една страна тие се помалку вклучени во образованието (особено во средното образование), додека од друга страна и оние што ќе се запишат поретко се отпишуваат од момчињата и имаат повисоки постигнувања (Кон родово рамноправна Македонија, ЦИКП, 2009). Преминувањето на девојките во средните училишта најмногу е попречено од традиционалните норми, според кои од девојките се очекува да се омажат млади и не се очекува да се дружат со момчиња кога ќе влезат во пубертет (Ibid). Сепак, според официјалните податоци од Државниот завод за статистика (графикон 5), состојбата со запишувањето на девојките во средно образование се менува со усвојувањето на новите мерки за задолжително средно образование.

***Графикон 5: Процент на машки и женски ученици запишани во средно училиште (од оние кои завршиле основно) 2005 – 2010***




*Извор: Државен завод за статистика, Училишта и ученици на почетокот и на крајот од школската година, 2005, 2006, 2007, 2008, 2009; пресметки на авторот*

**Родовите разлики во образованието и понатаму се одредени според етничкото/ културното потекло.** Девојките од ромско, турско и албанско потекло се во најлоша положба, особено кога станува збор за посетување средно училиште, сепак ситуацијата постепено се подобрува во последната декада (табела 7). Клучните предизвици со кои се соочуваат девојките се поврзани со традициите, според кои семејствата не очекуваат девојките да завршат средно образование, а од друга страна им наметнуваат голем притисок да се омажат на млада возраст. Сепак, и верските убедувања играат улога со тоа што се нагласуваат конкретни прашања, како што се: учење во училиште заедно со момчиња, патувањето сами до училиштето и назад од училиште или кога е темница.

*Перспективите на жените од руралните средини*

***Табела 8: Процент на девојки (врз основа на етничката припадност) во основно училиште од вкупниот број на ученици во средното образование.***

| | *Македонки* | *Албанки* | *Турчинки* | *Ромки* |
|---|---|---|---|---|
| *1999/2000* | 51% | 41,1% | 36,8% | 39,8% |
| *2000/2001* | 50,8% | 42,1% | 38% | 43,3% |
| *2001/2002* | 50,7% | 43,8% | 42,3% | 37,4% |
| *2006/2007* | 49,7% | 42,0% | 40,7% | 44,4% |
| *2007/2008* | 49,7% | 44,3% | 41,8% | 46,4% |
| *2008/2009* | 50,1% | 43,7% | 42,8% | 46,3% |
| *2009/2010* | 49,9% | 46,2% | 45,8% | 47,1% |

*Извор: Државен завод за статистика: основни и средни училишта на крајот од школската година, 2001, 2002, 2003, 2008, 2009, 2010, 2011 пресметки на авторот*

**ЦИКП анкетата на рурални жени и мажи, 2011 покажува дека етничките Македонки забележуваат повисоки образовни постигнувања во споредба со етничките Албанки и Турчинки.** Постојат значителни разлики меѓу жените од различните етнички групи во однос на постигнатото ниво на образование . Конкретно, додека мнозинството Македонки имаат завршено барем средно образование (над 50%), мнозинството Албанки и Турчинки (над 50%) имаат завршено основно образование или помалку.

***Графикон 6: Ниво на образование на руралните жени според етничките групи***




*Извор: ЦИКП анкета на рурални жени и мажи, 2011*

**Родови стереотипи постојат во преферираните полиња на студирање меѓу руралните мажи и жени.** Во однос на нивото на специјализација на оние со завршено средно образование и високо образование, ЦИКП анкетата на рурални жени и мажи, 2011 откри дека како главен интерес на анкетираните жени (околу 40% од жените во споредба со 22% од мажите имаат дипломи во овие области) и понатаму остануваат социјалните и медицинските науки како контраст на анкетираните мажи кои доминираат во техничките/технолошките области (45% во споредба со 20% на жени). Сепак, сличен процент мажи (12%) и жени (11%) имаат образование од земјоделските науки. Ова покажува родови стереотипи што влијаат на изборот на полето на студирање и сè уште преовладуваат, и ја открива тенденцијата жените да бидат повеќе специјализирани во науки и професии што се однесуваат на социјална работа и грижа. Сепак, етнички разлики не постојат.

Презентираните податоци за образование отвораат дискусија за внатрешната миграција предизвикана од образованието. Бидејќи можностите за високо образование се подостапни во урбаните центри, оттука и жените и мажите што потекнуваат од рурални средини, со цел да се здобијат со високо образование, се селат во урбани средини со што се зголемуваат и шансите тие да останат да живеат таму бидејќи се нудат и повеќе можности за вработување. Како што покажува и ЦИКП студијата за внатрешна миграција во Македонија, 89,5% од луѓето не мигрираат внатрешно (никогаш не мигрирале внатрешно, ниту пак имаат намера да мигрираат). Оние што мигрираат (се преселуваат од една во друга општина) го прават ова заедно со своите семејства 6.6% и пред сè поради економски причини 4,5%, барајќи подобри можности за вработување.

**Рурални гласови 2:**
**Студирај и омажи се во град**

*„Мајките ги охрабруваат своите ќерки да го напуштат селото. Им велат: Оди учи во град и гледај да се омажиш таму“*

Македонец (село Долни Дисан)

*„За нас [жените со универзитетско образование] нема иднина во селото. Сите бараме работа во градот (Крива Паланка или Куманово), но тешко се наоѓа.“*

жена (село Длабочица)

**Колку се повисоко образовани, толку повеќе луѓето од руралните средини се заинтересирани да се здобијат со дополнително (неформално) образование.** Општо гледано, помалку од 20% од испитаниците во ЦИКП анкетата на рурални жени и мажи, 2011 учествувале на обуки за подобрување на нивните вештини или за стекнување ново знаење. Иако кај анкетираните Македонци мнозинството е благо наклонето кон мажите, сепак родовите разлики не се забележителни кај нив, додека таа разлика е истакната кај Албанците и Турците. Како што е и очекувано, колку повисоко е образованието, толку е почесто и дополнителното образование. Од друга страна пак, меѓу оние што не учествувале на обуки, како главни причини за неучество, и мажите и жените, се наведуваат дека не веруваат во корисноста на таквите обуки (42% од Македонците, 57% од Албанците и 46,7% од Турците), како и нивното растојание од местото каде што се одржуваат обуките (33,6% од Македонците, 14,5% од Албанците и 23.3% од Турците). Околу 14% од жените Албанки и Турчинки како главна причина ја наведуваат несогласноста од нивните сопрузи да учествуваат на такви настани.

*Перспективите на жените од руралните средини*

***Табела 9: Ниво на образование и идни проширувања на знаењето***

| | | *без образование или нецелосно основно* | *основно и нецелосно средно* | *средно* | *терцијарно и високо* | *вкупно* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Дали сакате да научите конкретни вештини (за работа, бизнис, за себе)?* | **да** | 13 | 67 | 134 | 35 | 249 |
| | | 5,2% | 26,9% | 53,8% | 14.,1% | 100,0% |
| | **не** | 77 | 142 | 108 | 20 | 347 |
| | | 22,2% | 40,9% | 31,1% | 5,8% | 100,0% |
| | **вкупно** | 90 | 209 | 242 | 55 | 596 |
| | | 15,1% | 35,1% | 40,6% | 9,2% | 100,0% |

Извор: ЦИКП анкетата на рурални жени и мажи, 2011

Во ЦИКП анкетата за рурални жени и мажи, 2011, се покажа дека мажите Албанци се почесто двојазични (83,3% зборуваат македонски), во споредба со жените Албанки од кои 64,2% зборуваат македонски. Ова не е изненадување бидејќи мажите почесто излегуваат во заедницата. Сепак, ова може да покажува зошто жените се поколебливи кога станува збор за комуникација со институциите. Бидејќи една третина од нив не го зборуваат службениот јазик во државата, би им требало помош да извршуваат активности како што е активното барање на вработување, одење на медицински прегледи итн. За да се комплетира сликата за двојазичните капацитети, само 3% од Македонците тврдат дека зборуваат Албански.

ЦИКП анкетата на рурални жени и мажи, 2011 покажува ограничено задоволство на руралното население со достапноста на училиштата. Речиси секоја четврта жена (24%) и 17% од мажите имаат изразено потреба за подобрување на пристапноста на училиштата. Во согласност со ограничената пристапност во планинските предели, жителите на овие села почесто ја изразуваат потребата за унапредување на оваа област (23%) во споредба со оние што живеат во низинските предели (20%). Родовите разлики можат да бидат објаснети со фактот дека жените се повеќе одговорни околу грижата за децата и подобро ги знаат тешкотиите во условите на образованието.

### 3.2.2.2. Услуги за грижа за деца

**Во руралните области не постојат установи за грижа за деца.** Мрежата на установи за грижа за деца се состои од 54 детски градинки што се нееднакво распространети на територијата на Македонија. Може да се забележи дека урбаните региони: Скопје и Исток имаат најголем број детски градинки и според тоа и најголем број групи во кои се одржува претшколско образование за поголем број на деца од останатите региони. Руралниот регион Полог има девет пати помал број установи за грижа за деца (само две, една во Тетово и една во Гостивар) во споредба со Скопје. Во исто време, овој регион има најмал број деца на возраст до 7 години, кои посетуваат детска градинка, само 2,5%. Во Скопје има толкав број на детски градинки колку што сите останати региони имаат заедно. Скопје заедно со Источниот регион имаат највисок процентуален удел на деца на возраст од 0 до 7 години што посетуваат детска градинка.

***Табела 10: Установи за детска грижа по региони***

| *региони* | *број на детски градинки* | *број на згради (огранoци)* | *број на групи во детски градинки* | *број на деца* | *број на деца на возраст 0 - 7 во градинки (%)** |
|---|---|---|---|---|---|
| *Вардар* | 5 | 16 | 103 | 1.939 | 13,9% |
| *Исток* | 9 | 29 | 147 | 2.572 | 19,5% |
| *Југозапад* | 6 | 12 | 69 | 1.312 | 6,5% |
| *Југоисток* | 5 | 23 | 107 | 1.873 | 11,9% |
| *Пелагонија* | 6 | 21 | 99 | 1.951 | 9,9% |
| *Полог* | 2 | 8 | 52 | 915 | 2,5% |
| *Североисток* | 3 | 10 | 61 | 1.455 | 7,5% |
| *Скопје* | 18 | 67 | 528 | 11.140 | 17,9% |
| *вкупно* | 54 | 186 | 1.166 | 23.157 | држава: 11,9% |

*Извор: Државен завод за статистика, 2009*
** Најнови расположливи податоци од 2008 (ДЗС 2010б: 18)*

Руралните општини не поттикнуваат иницијативи за основање услуги за грижа за деца. Според Законот за социјална грижа (2009), со кој се уредуваат системот и организацијата на социјалната грижа, правата за социјална грижа, финансирањето и остварувањето на правата за социјална грижа, во одговорност на Владата е да ја утврди мрежата на јавни институции за социјална грижа (член 8) што можат да бидат основани од приватни и јавни субјекти (член 85). Во оваа насока на општините им е дозволено да ги следат желбите на своите жители и да основаат дополнителни јавни институции за институционална и вонинституционална грижа. Сепак, прашањето што се поставува е дали се соодветно застапени во процесите на локално планирање жителите, кои можат да ја поттикнат потребата за овие услуги како суштински приоритет (на пр. жените оптоварени со одговорности за домашна грижа за децата) или дали се слушаат нивните гласови воопшто и се земаат предвид (види го поглавјето за политичка вклученост). Дополнително, бидејќи постојната мрежа на институции за обезбедување услуги за социјална грижа утврдени од страна на Владата добиваат средства за финансирање од централниот буџет преку блок грантови, приходите за нови/дополнителни средства што треба да бидат воспоставени од општините треба да ги собираат општините, со што општините се ставаат во нееднаква положба да ја спроведат истата функција и на своите граѓани да им обезбедат услуги за детска грижа (Ристеска, 2010).

**Рурални гласови 3: Нема дневни центри за грижа за децата - нема вработување за жените**

*„Немам кој да ми ги чува децата, а во близина нема ни детска градинка и затоа не можам да барам работа".*

Македонка од село Извор

**Пристапноста до постојните услуги за грижа за деца е ограничена.** Според ЦИКП анкетата на рурални жени и мажи, установите за грижа за деца не нудат услуги во близина на руралните села. Само 10% од селата што се лоцирани во низинските предели имаат детски градинки, што воопшто не е случај со оние лоцирани во планинските предели. Детските градинки најчесто се наоѓаат на пешачко растојание од час и половина од руралните села (до 90% од планинските села и 70% од селата во низинските предели).

*Перспективите на жените од руралните средини*

***Графикон 7: Достапност на установите за детска грижа во руралните области***




Извор: ЦИКП анкета на рурални жени и мажи, 2011

Со ова значително се влијае на можностите на руралните жени во нивното барање економски активности, вработување или да бидат вклучени во јавниот живот на заедницата. Како и што може да се види подолу во текстот, одговорноста за грижа за децата е сè уште традиционално доделена на жените, со тоа што недостигот од такви услуги или од дополнително време потребно да се патува до центрите за грижа за деца ги ограничува можностите да бидат вклучени или да следат други активности во јавниот живот. Како што покажуваат бројките погоре, неактивноста на жените е најчесто избор наметнат од ситуациите што ги ограничуваат нивните можности, а не е резултат на одлуката на жените да балансираат меѓу семејството и работата.

### 3.2.2.3. Здравствени услуги

#### *3.2.2.3.1 Здравствени услуги од гледна точка на семејствата*

На руралните жители им е потребен пристап до здравствените услуги од целиот спектар на нега, од раѓање, имунизација, до грижа за децата и образование, преку општото здравство до нега за лица со неизлечиви болести што се обезбедува до крајот на животот. Според ова, не сите здравствени услуги (како што се операции поддржани од висока технологија и тимови на специјалисти) се достапни во руралните области. Во овој дел од студијата ги разгледуваме основните здравствени услуги и пристапот на руралните жители до овие здравствени услуги (вклучувајќи итна помош и гинеколог).

**Пристапот до здравствените услуги е подобар во градовите во споредба со пристапот до нив во селата.** Според Законот за здравствена заштита, примарната здравствена заштита се обезбедува преку мрежа на општи доктори што имаат склучено договори со Фондот за здравствено осигурување (во понатамошниот текст ФЗО). Податоците од ФЗО[16] покажуваат дека има склучено 298 договори со примарни лекари во руралните области, од кои 154 имаат постојано вработено доктори, а 133 имаат медицински персонал на определено работно време. Урбаните центри се покриени од 988 општи доктори. Од ова следува заклучок дека

16 Податоци достапни на: http://www.fzo.org.mk/default.asp?ItemID=3BF51913E7E24847A37C15229E0A8D2B (последна посета на веб-страницата на 20/01/2012)

е покриена 45,2% од руралната територија на државата со 23% од мрежата на примарни здравствени услуги, додека 64,8% од територијата е покриена со 77% од примарната здравствена мрежа. Донев тврди дека и покрај брзиот раст на расходите во последната декада во овој сектор, ова не е пресликано во подобар пристап до основна здравствена грижа, која и понатаму е неефикасна и нееднакво распоредена особено во однос на руралните области каде пристапот до основните услуги е ограничен и со слаб квалитет (Донев, 2009: 37).

**Руралното население поретко оди на лекар во однос на урбаното население.** Во просек секој доктор во руралните средини има 1,7 посети дневно, наспроти 3,6 посети во урбаните средини (според РЗЗЗ 2003: 57). Меѓутоа, иако докторите во селата примаат помалку пациенти, тие во просек се одговорни за повеќе луѓе отколку докторите во урбаните средини: 2.080 крајни корисници по доктор, наспроти 1.147 крајни корисници по доктор во урбаните средини (според РЗЗЗ, 2003: 58). Ова значи дека руралното население посетува лекар поретко од урбаното население, што може да покажува пониска здравствена свест меѓу руралното население, но може и да биде резултат на бариерите при пристапот до здравствените услуги (како што се трошоците, растојанието до местото каде се нуди услугата или комбинација од двете). Сепак, јавната здравствена политика ги поттикнува руралните доктори да останат во руралните средини, и покрај малиот број пациенти и посети, преку измените на Прописите за плаќање на здравствените услуги во примарната здравствена заштита (СВ, 48/2001 и 31/2003, член 7; СВ 62/2011 (чл. 2 се однесува на чл. 8а) со кои се уредува пристапот до примарна здравствена заштита во руралните средини17 преку зголемување на поените за капитација (механизми за финансирање во системот на примарна здравствена заштита за пациенти регистрирани кај матичен лекар), т.е.: оние кои имаат помалку од 100 поени да бидат платени како 1.100 поени; оние кои се меѓу 100 и 300 поени да примаат капитација како да имаат 1.200 поени; оние кои имаат меѓу 300-250 поени да бидат платени како да имаат 1.300 поени; оние кои имаат меѓу 250 и 700 поени да бидат платени како да имаат 1.700 поени. Над 1.700 поени, капитацијата се однесува на реалните бројки на пациенти.

**Руралното население е свесно за универзалноста на системот за здравствена заштита во Македонија.** Сепак, ЦИКП анкетата на рурални жени и мажи, 2011 покажува дека постои одреден број рурално население кое не е информирано дека здравственото осигурување ги покрива сите без разлика на нивниот работен статус. Графиконот подолу покажува дека повеќе мажи имаат индивидуално осигурување отколку жени, кои во голем број остануваат зависни од осигурувањето на нивните сопрузи. Ова е во голема мера резултат на моменталната политика што промовира семејно осигурување. Имено, освен покривање на активниот осигуреник (носител на осигурувањето) здравственото осигурување исто така ги покрива членовите на неговото/нејзиното семејство – сопружник и деца до 18 или 26 години, доколку тие се студенти (Донев, 2009: 33). Со оваа политика децата и сопружниците се сметаат за лица кои се издржуваат дури и во случај кога осигурувањето е обезбедено од државата за невработени лица пријавени во Агенцијата за вработување или за пензионери кога осигурувањето на пријавените невработени лица (или пензионери) ги покрива (неактивните) сопружниците и децата. Бидејќи се смета дека мажите сè уште ја исполнуваат улогата на главни хранители на семејството, тие се и најчесто економски

17 Фондот за здравствено осигурување исто така ги регулира руралните подрачја со одлука која е достапна на: http://www.fzo.org.mk/WBStorage/Files/Odluka_utvrduvawe_na_oddaleceni_ruralni_mesta.pdf (последна посета на веб-страницата на 20/01/2012)

активни и според тоа почесто се носители на здравствено осигурување, додека нивните сопруги (најчесто неактивни) се најчесто осигурени преку нив. Сепак, Фондот за здравствено осигурување не може да обезбеди податоци за тоа колку граѓани се осигурени преку своите сопружници. Ова особено се покажува со Анкетата на рурални мажи и жени, 2011 како што е наведено подолу. Не мора да се каже дека таквата политика ја зајакнува зависноста на жените од мажите и ја ограничува нивната самостојност.

***Графикон 8: Здравствено осигурување според родот - Дали имате здравствено осигурување?***




*Извор: ЦИКП анкета на рурални жени и мажи, 2011*

**Иако законот гарантира универзален пристап до здравствена заштита за сите граѓани, нашето истражување идентификуваше дека понекогаш е лишено од пристап до здравствена заштита руралното население.** Примарната здравствена грижа се обезбедува локално во повеќето од руралните средини (околу 50% од планинските села и 60% од низинските села имаат пристап до општ доктор (во понатамошниот текст ОД) во 10 минути пешачко растојание). Во останатите села може да се забележи значителна разлика меѓу двата вида бидејќи здравствените услуги се нудат повеќе во близина на селата што се лоцирани во низинските области (околу 30% од селаните имаат пристап до примарна здравствена заштита на пешачко растојание од десет минути до еден час), додека 35% од селата лоцирани во планинските предели имаат пристап до ОД на пешачко растојание од час и половина од нивните живеалишта. Ова претполага дека покрај политиката за намалување на разликите и понудата на здравствените услуги во сите рурални средини, понудата на примарното здравство е подобра во низинските рурални области. Што се однесува до специјалистичките услуги, како и што се очекуваше, тие се нудат најмногу во урбаните центри и во 70% од случаите се на оддалеченост од повеќе од час и половина (пешачко растојание) од руралните населени места (и планински и низински). Овде не е забележана никаква разлика меѓу одговорите на мажите и на жените

***Графикон 9: Пристап до општите доктори и докторите специјалисти во руралните области***




*Извор: ЦИКП анкета на рурални жени и мажи, 2011*

**Според ЦИКП анкетата на рурални жени и мажи од 2011, во низинските села има доктор на располагање 5 часа на ден, што не е случај и со планинските села.** Во повеќето села (освен оние лоцирани во далечни планински предели) постои ординација на ОД. Сепак, дискусиите во фокус-групите откриваат дека докторите најчесто доаѓаат неколку дена во неделата и често не се придржуваат до утврдените работни часови. Поради тоа, само во ретки села, луѓето посетуваат ОД кога им е потребна медицинска нега. ОД во селата најчесто се користени од постарите жители што не можат да патуваат. Останатите обично одат во амбулантите во најблиските градови или во поголемите села бидејќи тие се подобро опремени, таму можат да најдат и аптеки, поблиску се до медицинските центри доколку има потреба од дополнителни анализи.

Кога станува збор за достапноста на докторите во руралните средини, анкетата покажа значителни разлики меѓу селата лоцирани во низинските предели и оние во планинските. Како што се гледа од графиконот подолу, во најголем број од првиот вид села (лоцирани во низините) докторот е достапен 5 часа во денот, додека ова е случај само кај половината од вториот вид села (лоцирани во планините). Кај речиси половина од планинските села докторот воопшто не е достапен.

*Перспективите на жените од руралните средини*

***Графикон 10: Достапност на општиот доктор во руралните области***




*Извор: ЦИКП анкета на рурални жени и мажи, 2011*

Ова неизбежно влијае врз неплатената работа на жените за нега на болните членови од семејството. Користејќи анкета за користење на времето, истражувачкиот тим на ЦИКП покажа дека товарот на работата за давање нега најчесто го носат женските членови на семејството (жените поминуваат 5 часа дневно во споредба со мажите, кои само два часа дневно ги негуваат болните членови на семејството). ЦИКП проценува дека оваа работа на негување на болните од страна на члeновите на семејството е во вредност од 10.000 денари месечно и ги заменува/надоместува недостигот од здравствени и социјални услуги.

**Никој во рурална Македонија не ја чека службата за итна помош.** Растојанието на урбаните центри, каде се лоцирани специјалистичките здравствени услуги и ургентните одделенија, влијае на брзината на реагирање на брзата помош. Графиконот подолу се фокусира на пристапноста на овој вид услуги за населението од руралните средини. Имено, најчесто користената опција во итни случаи не е итната помош туку приватно возило (сопствен автомобил или автомобил од член на семејството). Не постојат разлики во одговорите на жените и мажите.

***Графикон 11: Пристапност до здравствени услуги за итна помош: Најчесто користено возило во итни случаи***




*Извор: ЦИКП анкета на рурални жени и мажи, 2011*

Според ЦИКП анкета на рурални жени и мажи, 2011, значителен дел од руралното население не е задоволно со достапноста на здравствените услуги. Речиси секој трет маж (33%) и речиси секоја трета жена (31%) ја истакна потребата за подобрување на достапноста на здравствените услуги. Не е изненадување дека е ова повеќе нагласено од луѓето што живеат во планинските села (37%) од оние што живеат во низините (31%), сепак и во двете категории на рурални средини, во просек, секој трет жител, без разлика на родот, мисли дека достапноста на здравствени услуги не е задоволителна.

### *3.2.2.3.2 Здравствени услуги специфични за жените*

**Етничките разлики можат да се забележат во навиките на руралните жени за посета на гинеколог.** И покрај тоа што се препорачува барем еден гинеколошки преглед, до ова се придржуваат 30% Македонки, наспроти 23% Албанки и 7% Турчинки. Сепак, значителен број Турчинки и Албанки посетуваат гинеколог два пати или повеќе пати годишно (види табела подолу). Алармантен е фактот дека значителен број Македонки и Турчинки не посетуваат редовно женски доктор (28,8% Македонки и 35,7% Турчинки посетуваат доктор еднаш во пет години или поретко) или никогаш не посетуваат доктор.

***Графикон 12: Посети на гинеколог на руралните жени според етничката група- Анкетирани жени: Колку често посетувате гинеколог?***




| | Никогаш, само кога имам потреба | Еднаш во 5 години или помалку | Два до четри пати во 5 години | Еднаш годишно | Два или повеќе пати годишно |
|---|---|---|---|---|---|
| Македонки | 23,9% | 28,8% | 4,9% | 31,5% | 10,9% |
| Албанки | 33,0% | 10,4% | 10,4% | 23,6% | 22,6% |
| Турчинки | 28,6% | 35,7% | 7,1% | 7,1% | 21,4% |

*Извор: ЦИКП анкета на рурални жени и мажи, 2011*
Забелешка: % се однесува на бројот на жени од одделни етнички групи

**Гинеколошките прегледи и прегледите кај педијатар се условени од свеста, традицијата, културата и од близината на гинеколошки ординации.** Бидејќи ниту едно село нема педијатриска или гинеколошка ординација, жителите мораат да патуваат до најблискиот град за ваков вид прегледи. Кога станува збор за посета на педијатар, постојат разлики меѓу македонските и албанските семејства. Според доказите собрани преку ЦИКП фокус-групи на рурални мажи и жени, 2011, кај македонските семејства

оној родител што е слободен во тоа време (најчесто мајката) ги носи децата на доктор (со автобус или со такси); додека кај албанските семејства и двата родители се вклучени бидејќи на жените не им се препорачува да патуваат сами (или со деца) во автобус, така што сопругот (таткото) обично ги придружува и/или управува со возило.

Како надополнување на податоците од анкетата, ЦИКП дискусиите во фокус-групите покажуваат дека мнозинството жени, особено од албанските села мислат дека не мора редовно да посетуваат гинеколог или воопшто не посетуваат гинеколог, иако некои се свесни за потребата да одат почесто. Како главна причина за ова тие го нагласуваат растојанието од најблиската гинеколошка ординација, трошоците како и културните норми. Мнозинството жени се согласуваат дека нема зошто да се срамат од посетите на гинеколог, иако во минатото тоа се сметало за срамно. Сепак, има жени што признаваат дека срамот како фактор сè уште игра улога.

Културните разлики меѓу луѓето што живеат во руралните средини се особено очигледни кога се анализираат одговорите на анкетираните жени на прашањето кој ги придружува кога посетуваат доктор. Додека повеќето мажи од сите етнички групи одат на доктор без да бидат придружувани од друг, графиконот подолу покажува разлики меѓу анкетираните жени што припаѓаат на разни етнички заедници. Според податоците од истражувањето Македонките и Србинките сами посетуваат доктор, додека Албанките и Турчинките најчесто се придружувани од нивните сопрузи. Една причина за ова може да биде ако жените од малцинствата не го зборуваат јазикот на мнозинството, кој најчесто се користи во болниците (македонски јазик). Сепак, тимот што го спроведе истражувањето вкрстено ги анализираше овие резултати со суштественото познавање на македонскиот јазик[18] и не беа најдени значителни меѓусебни врски меѓу овие две работи. Оттука, податоците претполагаат дека оваа појава може да влече корени од традиционалните вредности на конзервативните заедници од албанско и турско потекло.

**Рурални гласови 5: Јазични бариери**

*„Мојот ОД - општ доктор (т.е. матичен лекар) се наоѓа блиску и за среќа тој е Албанец па мојата сопруга може да оди сама. Но кога треба да оди на клиника каде треба да зборува македонски, тогаш јас одам со неа бидејќи таа не зборува македонски. Исто е и со моите деца“.*

Албанец од село Желино

18 Како што е покажано и порано (подзаглавие за образование) само 64,2% од албанските жени зборуваат македонски (додека 83,3% од албанските мажи се двојазични). Според ова, повеќе од една третина од етничките Албанки зависат од други, ако тие не зборуваат македонски, тогаш најчесто мажите комуницираат со давателите на јавни услуги.

***Графикон 13: Културните аспекти во користењето на здравствените услуги во рурална Македонија -Кога одите на доктор, кој најчесто ве придружува?***
Анкетирани жени (според етничката припадност)




*Извор: ЦИКП анкета на рурални жени и мажи, 2011*

### 3.2.3. Останати услуги

#### 3.2.3.1 Служби за вработување и претставници на општините

**Како Агенцијата за вработување така и канцелариите на општината не им се лесно достапни во близина на руралните села од двете категории.** Во 80% од случаите, најблиската канцеларија на Агенцијата за вработување се наоѓа на повеќе од час и половина од руралното население. Очигледно е дека општините имаат повеќе свои претставници во низинските села (60% од тие села имаат претставници од општините на половина час оддалеченост) во споредба со оние од планинските предели (40% имаат претставници од општините на повеќе од час и половина пешачка оддалеченост).

***Графикон 14: Достапност на Агенцијата за вработување (14а) и Претставници од општините (14б)***

***14а: Агенција за вработување***




***14б:Претставници од општините***




*Извор: ЦИКП анкета на рурални жени и мажи, 2011*

### 3.2.3.2. Пошта

**За разлика од останатите јавни услуги, поштенските канцеларии се многу подобро распоредени во руралните области, иако тој број е намален во последните неколку години, а малите села се често непокриени (според поштенската мрежа објавена на веб-страницата на Македонска пошта)**
Според наодите од ЦИКП анкета на рурални жени и мажи, 2011, низинските села имаат поштенски канцеларии лоцирани во нивната близина бидејќи 30% од нив наведоа дека поштата се наоѓа на 10 минути пешачење, 20% до 30 минути, а дополнителни 20% на еден час растојание. Од друга страна пак, само 40% од жителите на планинските села имаат поштенска канцеларија што е лоцирана во нивна близина (10 минути пешачко растојание), додека кај 30% е лоцирана на повеќе од час и половина. Одговорите на мажите и жените беа слични.

***Графикон 15: Пристапност на поштенски канцеларии во руралните области според пешачко растојание и локалитет***




*Извор: ЦИКП анкета на рурални жени и мажи, 2011*

### 3.2.3.3 Банки

**Банките не се лесно достапни за жените и за мажите што живеат во руралните средини** поради ограничената достапност на локалните филијали во нивното соседство. Споредбата на распространетоста на банкарските филијали по градови, кои се сметаат за рурални, покажа дека покриеноста на руралните области со банки се протега од 14% до 64% на одредени банки (види детална споредба во анекс табела А2.1). Од 22 града, кои се сметаат за рурални, според списокот дефиниран од Министерството за земјоделство, Комерцијална банка има филијали во 14 од нив (или покриеност од 64%),  Тутунска банка и Уни банка покриваат 13 града (или покриеност од 59%), Стопанска банка покрива 12 (или покриеност од 55%) и Про кредит банка покрива само 3 рурални града.  Банките не објавуваат податоци за клиентите што би биле поделени по пол, па оттаму не може да се извлече заклучок за бројот на мажи и жени клиенти во филијалите лоцирани во рурални средини.
Испитаниците од *ЦИКП анкетата на рурални мажи и жени, 2011* наведуваат дека најблиската банка за 60% од низинските села се наоѓа на повеќе од час и половина пешачко растојание. Оваа ситуација е реалност за 70% од планинските села.

***Графикон 16: Пристапност до банките во руралните области според пешачкото растојание***




*Извор: ЦИКП анкета на рурални жени и мажи, 2011. Црвената боја означува планински предели, а сината низински предели.*

### 3.2.3.4. Културни услуги наспроти продавници

**Културните установи не се достапни во близина на руралните села, како во планинските предели така и во низинските.** Во 80% од случаите овие установи се наоѓаат на повеќе од час и половина од руралното население.

***Графикон 17: Достапност на културни установи***




*Извор: ЦИКП анкета на рурални жени и мажи, 2011*

Од оваа гледна точка, важно е да се истакне дека **расположливите податоци покажуваат ограничена јавна поддршка за културните активности во руралните средини**. Податоците покажуваат дека урбаните центри добиваат поголема јавна поддршка за културни активности од остатокот на земјата. Анализите на Годишните програми за култура за 2009 и 2010 година покажуваат дека постои значителна разлика меѓу бројот на јавно поддржани проекти финансирани од Министерството за култура во главниот град Скопје, споредено со останатите делови од државата. Во овој период во Скопје биле имплементирани речиси двесте проекти повеќе од остатокот од државата заедно. Најголемиот број од овие проекти, сепак, се однесуваат на издавачка дејност, каде Скопје ужива пет пати повеќе јавни средства во 2009 г. и 2010 г. од останатиот дел од државата. Не постојат информации за приватните културни активности.

Според *ЦИКП анкетата на рурални жени и мажи, 2011, руралното население покажа ограничено задоволство со културните активности.* Ова е заедничко гледиште и на мажите и на жените: 27% жени и 29% мажи ја нагласуваат потребата за подобрување во оваа област. Изненадување е дека и покрај пречките што произлегуваат од поголемата оддалеченост од местото каде се нудат културните настани, луѓето што живеат во планинските предели искажаа помала потреба (25%) од оние што живеат во низинските предели (29%).

Од друга страна пак, ова не е случај со продавниците што може да се најдат на 10 минути од руралното население во 90% од селата од двете категории. Не е изненадување дека само продавниците се достапни на разумно растојание во сите рурални области бидејќи тие преставуваат не само приватен вид услуга, туку и економска можност за локалното население поттикнато од локалната побарувачка.

***Графикон 18: Достапност на продавниците***




*Извор: ЦИКП анкета на рурални жени и мажи, 2011*

## *3.3. Резиме на поглавје 3- Дефинирање на статусот на жените*

Руралните жени и мажи се соочени со неразвиена инфраструктура и со ограничена понуда на услуги од јавен карактер. Водата е во ограничени количини за да ги задоволи нивните потреби и е со лош квалитет; канализациски системи не постојат, додека патната мрежа е слабо развиена и без редовно одржување. Јавниот превоз е повеќе достапен во низинските рурални предели и го користат жените, иако родовите стереотипи во однос на управувањето со возила сè уште постојат. Бројот на жени што управуваат моторни возила е помал од бројот на мажи и тие сè уште не управуваат со тешка земјоделска машинерија. Ова ги става руралните жени во тешка и доста неповолна положба бидејќи имаат ограничена мобилност (не можат да одат сами на доктор, не можат да ги носат децата до најблиските детски градинки, не можат да одат до Агенцијата за вработување за да бараат работа и да бидат редовно информирани итн.). Установите за грижа за деца не се достапни во руралните области, додека руралните општини не се заинтересирани да воспостават услуги за грижа за деца бидејќи тие самите треба да генерираат средства, наспроти урбаните општини што ги користат средствата од централниот буџет. Покриеноста со здравствена заштита во руралните области е полоша од понудата во градовите. Како резултат на тоа, руралното население поретко посетува медицински лица во однос на урбаното население. Иако се свесни за универзалната покриеност на системот на здравствено осигурување во Македонија, нашето истражување идентификуваше дека руралното население е понекогаш лишено од пристап до здравствената заштита. Главно ова е резултат на фактот дека докторите се помалку достапни во руралните области. Постојат етнички разлики во навиките на руралните жени за посета на гинеколог, кои се условени од свесноста, традицијата, културата и близината на гинеколошките ординации. Сето ова влијае врз зголемувањето на ранливоста на руралните жени во споредба со руралните мажи и урбаните жени.

Средното образование не постои како понуда во близина на местото на живеење на руралното население што засега тоа не е случај за основното школување. Сепак, новата стратегија за рурален развој може да има потенцијал за воведување промени и се очекува да се зголеми достапноста на основното образование преку редовно обезбедување превоз за учениците што и сега е посочено како проблем.

Руралните жени имаат пониско ниво на образование во споредба со руралните мажи, а особено во споредба со урбаните жени. ЦИКП анкетата на рурални жени и мажи, 2011 покажува дека етничките Македонки забележуваат повисоки образовни постигнувања во споредба со етничките Албанки и Турчинки. Студијата покажува родови стереотипи во изборот на полето на студирање меѓу руралните мажи и жени, каде жените избираат области што се однесуваат на нивните општествено пропишани улоги како лица кои даваат грижа. Постои значителен напредок во нивото на образовни постигнувања кај жените што живеат во руралните области во споредба со минатото. Ова вклучува значително намалување на бројот на жени без или со нецелосно образование и зголемување на бројот на жени со универзитетски дипломи во активната работна сила. Зголемените образовни достигнувања влијаат на сè поголемиот интерес на руралното население за дополнително (неформално) образование.

Се очекува последните резултати во образованието кои се за пофалба да влијаат на два начина: (I) да создадат дополнителен притисок врз државата за да понуди политики што ќе создадат работни места, кои пак ќе бидат пополнети од страна на руралното население; (II) да ја зголеми внатрешната миграција во државата бидејќи доказите покажуваат дека жените што се стекнуваат со образование во урбаните центри не се враќаат дома во селата.

# 4. Руралните жени и економијата

Процесот на транзиција од централно планирана во пазарна економија имаше тешко влијание врз економијата во Македонија чиј развој и извоз, пред сè, се заснова на примарниот сектор (како што се земјоделството и рударството). Големите загуби на работни места, затворањето компании, надополнето со огромните годишни стапки на инфлации од 230 проценти во 1993 и таканаречената внатрешна приватизација беа карактеристики на трансформацијата на земјата (Ристеска и Пулејков 2008). Во текот на периодот на транзиција, доста сличен на другите држави од Централна и Источна Европа, особено Балканот, земјата мораше да помине низ флуктуации на ниво на економски растеж, како и висока инфлација, особено на почетокот на деведесеттите години од дваесеттиот век. Како резултат на економските и политичките шокови и растот на невработеноста се појави проблемот на голема сиромаштија, сè поголема несигурност на работните места, зголемување на неплатената работа, особено во примарниот сектор (земјоделство и рударство) со ниски стапки на продуктивност, со намалување на потрошувачката и со зголемување на бројот на сиромашни работници (Извештај на Светска банка 2009:4).

Ова поглавје се осврнува на економијата во руралните области, на стапката на активност, како и на стапките на вработеност и невработеност кај руралното население. Обезбедува компаративна анализа, како и родово сензитивна анализа на гореспоменатите прашања. Целта на ова поглавје е да се опишат различните карактеристики на руралната економија и како влијаат тие врз ранливоста и можностите на руралните жени.

## *4.1. Руралните жени и невработеноста*

### 4.1.1. Дали руралните жени се соочуваат со пречки да влезат на пазарот на трудот?

**Показателите на македонскиот пазар на трудот покажуваат дека од 2004 г. наваму е постигнат значителен напредок.** Учеството на работната сила е зголемено од 60% во 2004 г. на 64% во 2009, додека стапката на вработеност е зголемена од 37% во 2004 г. над 43% во 2009 г. Освен тоа, стапката на невработеност е намалена од 38% во 2004 г. на 33% во 2009 г[19].

Сепак, како што покажува графиконот подолу, на кој се споредени трендовите во последната декада, со особено внимание на разликите меѓу мажите и жените, овие подобрувања не резултирале со намалување на родовиот јаз, што жените ги става во понеповолна положба на пазарот на трудот. Она што е особено забележливо е јазот во неактивноста, кој има тенденција да биде поширок бидејќи бројот на неактивни мажи се намалува, но намалувањето на бројот на неактивни жени не се одвива според посакуваното. Згора на тоа, особено во последните неколку години додека стапката на вработеност на мажите е значително покачена, истата стапка за жени расте со многу помала брзина, повторно резултирајќи со проширување на родовиот јаз наместо со негово стеснување.

19 Показателите за пазарот на труд се однесуваат на населението на работна возраст како што е дефинирано од страна на МОТ (Меѓународна организација на трудот и Еуростат (т.е. лица на возраст од 15 до 64 години).

***Графикон 19: Трендови кај вработеното, невработеното и неактивното население во апсолутни бројки, поделени според родот, од 2000 г. до 2010 г.***




*Извор: Државен завод за статистика (ДЗС 2000-2006, ДЗС 2008б, ДЗС 2010г, ДЗС 2011а)*

**Како што беше и претходно покажано, руралните жени преставуваат група што е најисклучена од економскиот живот во споредба со руралните мажи, како и со жителите од урбаните средини.** Стапката на активност во 2006 г. за урбаните мажи била 67%, за руралните мажи дури и нешто повисока со 72%. Од друга страна пак, стапката на активност на урбаните жени била 49%, додека руралните жени имаат најниска стапка од 36% *(ДЗС 2010г).* Во графиконот подолу каде се наведени стапките на активност за руралното население според возраста можеме да видиме дека соодносот на мажите (како од руралните, така и од урбаните области) е постојано двапати поголем од оној на руралните жени, за речиси сите возрасни групи. Друг заклучок е дека урбаните жени на возраст од 25 до 60 години се поактивно вклучени во работната сила од руралните жени. Таквата разлика, пак, не постои кај урбаните мажи наспроти руралните мажи. Ова претполага дека руралните жени се соочуваат со повеќе предизвици при нивниот пристап до пазарот на трудот. Покрај ниското образование и ограничените можности за вработување, дополнителните пречки ги вклучуваат предизвиците во однос на превозот, недостигот на установи за грижа за деца, ограничен пристап до информации за можности за вработување и пристап до кредити, заеми за земјоделски активности итн. Последни, но не помалку важни се и патријархалните традиции и стереотипите, кои исто така играат улога.

***Графикон 20: Стапката на активност во руралните области според родот и староснатата група***




*Извор: Анкета на работна сила, 2009 (според ДЗС 2010г.)*

**Како што економски активното население понатаму се дели на вработено и невработено население, руралните жени и понатаму се најисклучена група од пазарот на трудот,** како меѓу вработените така и меѓу оние што не успеале да влезат на пазарот, иако активно се обидуваат (т.е. невработени).

***Табела 11: Стапки на вработеност кај населението над 15 години, според родот и поделба на урбани/рурални области***

| година | урбани жени | урбани мажи | рурални жени | рурални мажи |
|---|---|---|---|---|
| 2007 | 31 | 41 | 24 | 48 |
| 2008 | 32 | 43 | 25 | 50 |
| 2009 | 33 | 45 | 24 | 50 |

*Извор: APC (според ДЗС 2010г)*

Младите жени што живеат во руралните области особено имаат проблеми да се пробијат на пазарот на трудот. Како што покажува табелата подолу, стапките на вработеност на младите рурални мажи почнувајќи од 20 годишна возраст почнува да опаѓа во споредба со урбаните жени. Родовиот јаз останува и понатаму широко отворен во текот на целиот живот меѓу руралните мажи и жени и повторно се стеснува на возраст од 65 и повеќе години.

***Перспективите на жените од руралните средини***

***Графикон 21: Стапки на вработеност во руралните области според родот и старосната група***




*Извор: Анкета на работна сила, 2009 (според ДЗС 2010г.)*

Разгледувајќи ја групата на невработени (т.е. оние што не можат да влезат на пазарот на трудот и покрај тоа што активно бараат работа), повторно се забележува дека руралните жени на млада возраст имаат најмногу проблеми. Како што покажува и графиконот подолу, додека урбаните мажи (со исклучок на оние од постара возраст) имаат слични стапки на невработеност во споредба со урбаните мажи, младите жени од руралните средини имаат повисока стапка на невработеност од руралните мажи со значителен јаз, кој се отвора на возраст од 20 години и полека се стеснува само кон доцните триесетти. Наспроти ова, на постара возраст се отвора обратен јаз за руралните жени што може да биде показател на тоа дека постарите жени се помалку активни во потрагата по вработување. На пензионерска возраст, родовиот јаз повторно се стеснува.

***Графикон 22: Стапка на невработеност во руралните области според родот и старосната група***




*Извор: Анкета на работна сила, 2009 (според ДЗС 2010г.)*

**Ако поблиску го погледнеме женското население кое живее во руралните области ќе видиме дека младите рурални жени иако сакаат да влезат на пазарот на работна сила, истовремено имаат големи проблеми да се пробијат на истиот.** Вкупната стапка на невработеност, која ги отсликува оние што се во активна потрага по работно место, меѓу руралните жени е многу висока, со 34% и особено ги погодува помладите жени меѓу 20 – 34 години (за возрасната група 20 – 24 години, стапката е речиси двојно повисока со 59%). Овие млади жени имаат највисоки апсолутни бројки како процент меѓу невработените жени и највисока стапка на невработеност од економски активното население.

Од друга страна пак, табелата исто така јасно покажува дека помладите рурални жени во просек имаат значително помали стапки на неактивност[20] од сите рурални жени, и последователно на тоа, постарите жени кои живеат во руралните области имаат повисоки стапки на неактивност. Ова може да укажува на послаб интерес (или помирување со состојбата) за пазарот на трудот кај постарите жени што живеат во руралните области. Исто така претполага распространетост на родовите стереотипи, според кои работодавците гледаат на младите жени како на помалку посакувани работници. Таквите стереотипи влечат корен од доминантната улога која се очекува да ја имаат жените во домот, како мајки и сопруги што обезбедуваат грижа и нега за останатите членови од семејството што подразбира дека работодавците очекуваат жените на репродуктивна возраст да бидат повеќе отсутни од работа кога ќе станат мајки со користење на породилно отсуство до 9 месеци и отсуство од работа поради болест кога децата се болни. Овие очекувања за отсуство од работа не важат и за младите мажи кои потенцијално стануваат татковци во својата репродуктивна возраст, исто така,. Таквите стереотипи можат да бидат делумно оспорени со неодамнешното усвојување на политики кои воведуваат можност и таткото да користи отсуство (СВ 158/2010, член 167), но само доколку мајката реши да не го користи породилното отсуство, според членот 165 од истиот закон. Бидејќи ова право е преносливо само без услов за задолжително породилно отсуство на двајцата родители, не се очекува значително да се измени македонското општество, ниту пак се предвидува тоа да доведе до промена на стереотипите на родовите улоги во врска со одговорностите за обезбедување грижа и нега во семејството. Распределбата на работата што се однесува на обезбедување грижа меѓу мажите и жените е подетално објаснета во поглавје 6.

20 Високата стапка на неактивност на најмладите жени мора да се земе предвид во контекст на задолжителното средно образование, според тоа најголем број од овие жени се се уште во образовниот процес.

***Табела 12: Женско население на работна возраст што живее во руралните области според економската активност и возраста***

| *возрасни групи* | *вкупно население* | *активно население* | | *неактивно население* |
|---|---|---|---|---|
| | | **вработени** | **невработени (стапка од актив. население)** | **неактивни (стапка од вкупно население)** |
| 15-19 | 34.825 | 2.307 | 2.051 (47%) | 30.468 (87,5%) |
| 20-24 | 34.358 | 5.931 | 8.431 (59%) | 19.995 (58%) |
| 25-29 | 33.832 | 9.988 | 7.603 (43%) | 16.241 (48%) |
| 30-34 | 33.249 | 10.006 | 6.206 (38%) | 17.037 (51%) |
| 35-39 | 31.922 | 10.622 | 4.287 (29%) | 17.012 (53%) |
| 40-44 | 32.691 | 11.885 | 4.756 (29%) | 16.050 (49%) |
| 45-49 | 28.660 | 10.477 | 3.586 (26%) | 14.598 (50%) |
| 50-54 | 27.210 | 9.349 | 2.429 (21%) | 15.433 (57%) |
| 55-59 | 22.554 | 5.005 | 1.092 (18%) | 16.458 (73%) |
| 60-64 | 17.644 | 3.021 | 371 (11%) | 14.253 (81%) |
| 65 и повеќе | 42.261 | 1.832 | 42 (2%) | 40.388 (96%) |
| **вкупно жени** | **339.207** | **80.421** | **40.854 (34%)** | **217.932 (64%)** |
| **вкупно мажи** | **354.425** | **178.012** | **78.867 (31%)** | **97.546 (27,5%)** |

*Извор:* Анкета на работна сила (ДЗС 2009)

Важно е да се забележи дека официјалните податоци, според Еуростат стандардите, ги вклучуваат неплатените работници во семејството како вработени лица. Во 2009 г, од 64.349 неплатени работници во семејствата 60% биле жени, но поделба на урбани и рурални средини не постои.

ЦИКП анкетата на рурални жени и мажи 2011, користи класификација која се разликува од онаа користена во Анкетата на работа сила, според работниот статус (види табела подолу), додека ние поставивме сосема одделно прашање за да се утврди начинот на кој придонесуваат за семејниот буџет луѓето што не се вработени. **Нашите наоди покажуваат дека во рурална Македонија 3 од 4 жени (78,4%) не се вклучени во пазарот на трудот наспроти секој втор маж (56,2%) кој е вклучен на пазарот на труд.**

***Табела 13: Работен статус на руралното население***

| *Каков е вашиот работен статус?* | *вкупно мажи (% мажи)* | *вкупно жени (% жени)* | *севкупно (% од вкупно)* |
|---|---|---|---|
| формално вработени (примаат плата од работодавец и се пријавени) | 74 (26,8%) | 46 (14,4%) | 120 (20,2%) |
| неформално вработени (примаат плата од работодавец, но не се пријавени) | 21 (7,6%) | 9 (2,8%) | 30 (5,0%) |
| самовработени (имаат регистриран бизнис или регистрирани земјоделци) | 26 (9,4%) | 14 (4,4%) | 40 (6,7%) |
| невработени (ги вклучува сите останати) | 155 (56,2%) | 250 (78,4%) | 405 (68,1%) |
| **вкупно** | **276 (100%)** | **319 (100%)** | **595 (100%)** |

*Извор: ЦИКП анкета на рурални жени и мажи, 2011*

Резултатот покажува дека има помал процент жени отколку мажи што се сметаат за вработени, што е во согласност со податоците од Државниот завод за статистика. Испитаниците во рамките на групите за самовработени и невработени беа понатаму класифицирани во категории според природата на нивното професија.

***Табела 14: Структура на самовработени и невработени***

| *самовработени* | *(% мажи)* | *(% жени)* | *(% од вкупно)* |
|---|---|---|---|
| сопственици на бизнис или носители на лиценца | 82,8% | 84,2% | 83,3% |
| регистрирани земјоделци | 17,2% | 15,8% | 16,7% |
| ***вкупно*** | **100,0%** | **100,0%** | **100,0%** |

| *невработени* | *(% мажи)* | *(% жени)* | *(% од вкупно)* |
|---|---|---|---|
| студенти | 5,6% | 4,7% | 4,9% |
| пензионирани | 25,7% | 17,8% | 20,5% |
| нерегистрирани земјоделци | 13,9% | 1,7% | 6,8% |
| активно бараат работа | 41,7% | 25,4.% | 31,9% |
| неактивни | 13,2% | 50,4% | 35,8% |
| ***вкупно*** | **100,0%** | **100,0%** | **100,0%** |

*Извор: ЦИКП анкета на рурални жени и мажи, 2011*

Иако статистичките податоци не даваат информативни податоци за економската активност во однос на етничките малцинства поделени по родот[21], нашето истражување овозможи да се направат овие споредби.

**Етничките Македонки од руралните области се ретко вработени и кога се вработени обично работат во текстилниот сектор, додека Албанките остануваат дома и се грижат за децата и за домаќинството.** Повеќето жени учесници на фокусните групи не беа формално вработени. Додека ниту една од Албанките не беше вработена, вработените Македонки најчесто работат во текстилни фабрики (особено од селата во Вардарскиот и Источниот регион), други фабрики/индустрија што се блиску до нивните села или работат како продавачки. Во одредени села, (на пр. Блатец, Цапари) има повеќе формално вработени жени во споредба со мажи. Ова се должи на големиот број текстилни фабрики во близина на селата, каде жените се главната работа сила поради традиционалната поделеност на работата (во Македонија, традиционално само жените учат вештини како шиење, сечење, пеглање итн.)

21 Официјалните извештаи на АРС не даваат етнички поделени податоци, сепак една студија од 2009 година покажува дека женското учество на пазарот на трудот е особено ниско меѓу етничките малцинства, како што се Албанците и Ромите. Оваа студија се повикува на АРС од 2000 г. бидејќи само АРС обезбедува етнички поделени статистички податоци, според кои стапката на учество на жените од албанските и од ромските заедници биле 11% и 36% по тој редослед, во споредба со 51% меѓу Македонците. Значителна економска неактивност е забележана во една подоцнежна анкета на жените од Ромска националност. (Институт Евро–Балкан, 2009). Види дополнителен текст.

*Перспективите на жените од руралните средини*

**Етничките Албанци имаат до три работи, додека етничките Македонци без работа активно бараат вработување.** Бидејќи од мнозинството Албанки од руралните заедници не се очекува да работат, од мажите се очекува да работат две или три работи за да обезбедат основни финансиски средства за семејството. Тие најчесто работат како сезонски земјоделски работници и како градежни работници, а понекогаш ги комбинираат овие со домашни земјоделски активности. Наспроти ова, речиси сите Македонци што не се формално вработени (освен постарите) изјавија дека бараат работа и се подготвени да сторат сè за да се вработат, но работа едноставно нема. Се сомневаат дека ќе најдат работа и многу од нив не бараат работа активно. Не сметаат на земјоделството како на потенцијална долготрајна деловна активност.

### 4.1.2. Кои се пречките со кои се соочуваат руралните жени за да влезат на пазарот на трудот?

**Не постојат докази што покажуваат дека пообразованите жени имаат поголеми шанси да бидат невработени.** За да се добие поголем увид во исклученоста на руралните жени од пазарот на трудот можеме да ги погледнеме стапките на (не)вработеност и неактивност споредени со нивото на образовните постигнувања.

Како што покажува табелата подолу, **нивото на образование има една обратно пропорционална врска со ставките на неактивност, што значи дека руралните жени со пониско образование, свесни за слабата достапност на работни места, почесто одбираат да останат надвор од пазарот на труд отколку жените што решаваат да следат поамбициозни образовни цели.** Додека жените со поголемо образование се помалку неактивни, во исто време изненадување е тоа што не постојат докази дека имаат поголеми шанси да бидат вработени. Сосема спротивно – стапката на невработеност на руралните жени со универзитетско образование и на оние што имаат диплома за завршено средно образовани е 40%, додека кај оние со нецелосно основно образование е само 22%. За руралните жени со основно и ниско ниво на средно образование, кои активно бараат вработување, постои помала шанса да бидат невработени (32%) во однос на жените со повисоко ниво на образование. Најзначаен е фактот дека најобразованите рурални жени (оние со универзитетска диплома) имаат поголеми тешкотии да најдат работа, дури и од најмалку образованите жени. Ова покажува дека има многу малку можности за образованите жени во руралните области кои би можеле да бидат поттикнати да мигрираат во урбаните центри каде нивните можности би биле подобри.

Од друга страна, податоците претполагаат дека најчестата состојба на руралните жени е да завршат основно образование и да не учествуваат на пазарот на трудот – до 117.000 или речиси една третина од руралните жени припаѓаат на оваа категорија (неактивни жени со целосно завршено основно образование). Доколку ја комбинираме оваа група заедно со жените со нецелосно завршено основно или без образование, се добива една група на 180.960 рурални жени, која преставува повеќе од половина од руралното женско население (53%) со ниво на образование пониско од задолжителното средно образование (кое е речиси воведено). Во оваа конкретна група, 3 од 4 жени стануваат економски неактивни.

***Табела 15: Женско население на работна возраст што живее во руралните области според економската активност и образованието***

| *образование* | *вкупно* | *вработени* | *невработени (стапка на невработеност)* | *неактивни (стапка на неактивност)* |
|---|---|---|---|---|
| без образование | 17.440 | 737 | 118 (14%) | 16.586 (95%) |
| нецелосно основно | 60.745 | 10.560 | 2.998 (22%) | 47.187 (78%) |
| основно и ниско ниво на средно образование | 156.912 | 27.157 | 12.592 (32%) | 117.163 (75%) |
| 3 години средно образование | 20.583 | 8.709 | 5.861 (40%) | 6.013 (29%) |
| 4 години средно образование | 69.550 | 25.834 | 14.798 (36%) | 28.918 (42%) |
| високо образование | 2.061 | 1.098 | 285 (21%) | 678 (33%) |
| универзитетско образование | 11.915 | 6.326 | 4.202 (40%) | 1.388 (12%) |
| ***вкупно жени*** | **339.207** | **80.421 (23 %)** | **40.854 (34%)** | **217.932 (64%)** |

*Извор:* Анкета на работна сила, 2009, Државен завод за статистика

Во ЦИКП анкетата на рурални жени и мажи, 2011, како што беше и претходно споменато, повеќе од 3 од 4 рурални жени (78%) изјавија дека не работат (додека само секој втор маж не работи). Сепак, само 25% од руралните жени што не работат активно бараат вработување, а повеќе од половина изјавија дека не се активни. Останатите беа главно пензионирани (18% од неактивното население), неколку сè уште студираат, додека уште помалку работат како нерегистрирани земјоделци.

**Семејствата и неплатената домашна работа се покажаа како главни причини за неактивноста на руралните жени.** Во ЦИКП анкетата, 2011, за најголемиот број на неактивни рурални жени (43%) причината поради која не се дел од работната сила, и покрај тоа што имаат желба да работат, се нивните должности во домаќинството, што не е случај кај мажите – само 14% од неактивните мажи го мислат истото. Многу е индикативно дека само мал дел од неактивното рурално население (17%) одговорил дека причината за нивната неактивност е желбата да не сакаат да работат (почесто изјава на неактивни мажи – 26% отколку на неактивни жени – 15%). Спротивно на ова, кај мажите главната причина што не се регистрирани во Агенцијата за вработување е тоа што речиси половина од неактивните мажи не веруваат дека Агенцијата за вработување може да им најде работа. Значителен дел од неактивните жени го мислат истото (39%).

***Табела 16: Причини за неактивност***

| *Ако сте невработени и не барате работа, кои се причините што не сте регистрирани во Агенцијата за вработување?* | *(% мажи)* | *(% жени)* | *(% од вкупно)* |
|---|---|---|---|
| Не верувам дека можам да најдам работа таму. | 49% | 39% | 41% |
| Има премногу обврски за да останеш регистриран/а. | 11% | 3% | 5% |
| Не сакам да работам. | 26% | 15% | 17% |
| Сакам да работа, но имам други важни обврски како мајка/татко и домаќинка. | 14% | 43% | 37% |
| ***вкупно*** | **100%** | **100%** | **100%** |

*Извор: ЦИКП анкета на рурални жени и мажи, 2011*

**Друга причина за руралните жени може да биде помиреноста со ситуацијата бидејќи се чини дека тие се поранливи на однос на долготрајна невработеност.** Меѓу оние што се сметаат за невработени, а активно бараат работа, долготрајната невработеност (над 6 години) преовладува во најголем дел од случаите и е почеста кај руралните жени (77%) отколку кај руралните мажи (56%).

**Рурални гласови 6: Традиционални семејни улоги и економска активност на руралните жени**

*,,Ние сме домаќинки, не бараме работа, сега за сега нема работа ни за мажите, и тие се невработени, а ние имаме премногу работа дома, перење, готвење за семејството, обврски… “*
*„Јас сум дома со моите домашни обврски и не работам никаде. Ние жените исто треба да работиме, ама нема што да се работи, дури и да има, не верувам дека мажите ќе нѐ пуштат да работиме”.*

жена од село Меслодешти

*„Понекогаш работам приватно, а секогаш на поле, татко ми е наставник, а мајка ми и сопругата се дома, се грижат за домаќинството и за децата”.*

маж од Желино

*„Некои жени одат да работат во фабрики, текстилно производство, дури во Валандово. Сѐ додека ги плаќаат добро...“*

жена од Ново Село

***Табела 17: Времетраење на период на невработеност***

| *Колку долго барате работа?* | *(% мажи)* | *(% жени)* | *(% од вкупно)* |
|---|---|---|---|
| помалку од година | 8,8% | 7,1% | 7,9% |
| 1 – 3 години | 16,3% | 10,2% | 12,9% |
| 3 – 6 години | 18,8% | 6,1% | 11,8% |
| 6 – 10 години | 7,5% | 18,4% | 13,5% |
| 10 или повеќе години | 48,8% | 58,2% | 53,9% |
| ***вкупно*** | **100,0%** | **100,0%** | **100,0%** |

*Извор: ЦИКП анкета на рурални жени и мажи, 2011*

Општа претпоставка е дека неактивните луѓе се зависни од социјална помош и воопшто не работат. Но анкетата покажува похетерогена слика според која руралните жители на земјата се занимаваат со активности настрана, како што се земјоделството или друго, но **егзистенцијалното земјоделство руралните жени и мажи не го сметаат за работа.** Кога луѓето што не се вработени ги прашавме за тоа дали има нешто со што се занимаваат, се покажа дека помалку од половината се навистина зависни и неактивни, додека повеќе од половина од нив се вклучени во активности што создаваат извори за семејниот приход. Овие мажи и жени или работат на семејните фарми (до 27%, а сепак не се сметаат себеси за нерегистрирани земјоделци) или повремено работат за други (11%). Сепак, само 13% (или 11 од 82) од оние што одговориле дека работат на семејните фарми се гледаат себеси како нерегистрирани земјоделци. И овој вид работа се разликува меѓу двата пола. Мнозинството

мажи, што повремено работат, се сезонски земјоделски работници, додека жените како вид работа што повремено ја работат за други ги наведуваат готвењето, шиењето, фризерските услуги, чистењето.  Освен тоа, ракотворбите се сметаат како исклучиво женска професија.

***Табела 18: Работа која ја вршат луѓето што не се вработени***

| *Ако не сте вработени, дали се занимавате со нешто што било друго?* | *% мажи* | *% жени* | *(% од вкупно)* |
|---|---|---|---|
| Работам не семејната фарма. | 52% | 49% | 27% |
| Произведувам ракотворби. | 0% | 100% | 14% |
| Повремено работам за други. | 62% | 38% | 11% |
| Не работам ништо. | 37% | 63% | 48% |

*Извор: ЦИКП анкета на рурални жени и мажи, 2011*

**Иако е за половина помала веројатноста руралните жени (4,4%) да бидат самовработени отколку руралните мажи (9,4%), сличен сооднос на самовработени мажи и жени се регистрирани како земјоделци.** Сепак, поради малите апсолутни бројки, анкетата од овој размер не може да даде прецизни резултати за бројот на регистрирани земјоделци. Процентите соодветствуваат со бројот на студенти и пензионирани луѓе меѓу руралното население и за мажите и за жените. Меѓутоа меѓу нерегистрираните земјоделци има повеќе мажи отколку жени. Како што споменавме претходно, ова не значи дека жените не учествуваат во земјоделските работи, тие повеќе се сметаат себеси за помошници отколку за регистрирани фармери.

Дискусиите во фокус-групите исто така откриваат дека и покрај тоа што сите жени, без разлика дали се формално вработени или не, извршуваат земјоделски активности, само жените од две села (Извор – Вардарски регион и Гермијан – Пелагониски регион) се изјаснија како земјоделци. Тие изјавија дека се регистрирани како индивидуални земјоделци и ги користат бенефициите за жените-земјоделки.

## *4.2. Руралните жени и приходот*

### 4.2.1 Извор на приходи за руралните жени и нивните семејства

**Дел од руралното население, особено оние што не работат зависат од парични дознаки од странство и од социјална помош.** Сите испитаници одговорија на прашањето дали имаат какви било дополнителни средства на приход (види табела подолу). Секое десетто рурално семејство прима парични дознаки од странство. Само 7% од сите рурални семејства примаат социјална помош, следено од други 4% кои примаат финансиска помош од пријатели, членови на семејството или од хуманитарни организации во земјата.

***Табела 19: Извори на приход за рурално население***

| *дополнителни средства на приход* | *одговори* | *(% од вкупно)* |
|---|---|---|
| закупнина од земја или сопственост | 20 | 3% |
| парични пратки од странство | 58 | 10% |
| социјална помош | 42 | 7% |
| помош од пријатели, семејство или хуманитарни организации | 25 | 4% |

*Извор: ЦИКП анкета на рурални жени и мажи, 2011*

**Сепак, најзначаен приход се создава од производство и од продажба на земјоделски производи.** Земјоделските производи од домашно производство се друг важен извор на приход, директно преку продажба на вишок земјоделски производи на пазар или индиректно преку штедење на домашниот приход со тоа што се консумира храна произведена на семејните фарми или бавчи. До 32% од сите анкетирани селани пријавија приход од земјоделско производство. Табелата подолу покажува анализа на користењето на храна произведена на фармите. Покажа дека мнозинството испитаници најмногу ја користат храната за консумирање, додека остатокот го продаваат (41%), секое четврто лице делумно ја консумира храната што ја произведува, а делумно ја продава, додека секое трето лице изјави дека најголем дел од произведената храна ја продава на пазар.

***Табела 20: Користење на храната произведена од руралното население.***

| *Доколку сте земјоделец или работите на семејна фарма, како ја користите храната што ја произведувате?* | *одговори* | *од одговорите* |
|---|---|---|
| Најголем дел (80% или повеќе) се продава на пазар. | 66 | 34% |
| Дел се продава на пазар, дел е за домашна употреба. | 48 | 25% |
| Најголем дел (80% или повеќе) е за домашна употреба. | 79 | 41% |
| ***вкупно*** | **193** | **100%** |

*Извор: ЦИКП анкета на рурални жени и мажи, 2011*

**Пензиите, платата на членовите на семејството и сезонската работа се идентификувани како главни извори на приход при дискусиите на фокусните групи.** Пристапот до финансиите е најголемиот проблем што го идентификуваат учесниците, без разлика на областа во која се селата или без разлика на нивниот род, етничкото потекло или образованието. Тие се снаоѓаат на различен начин:

1. **Пензии од родители/баби и дедовци.** Ова е често единствениот сигурен извор на приход за едно семејство. Сепак, некои од нив се плашат дека кога пензионерите ќе починат, нивната финансиска ситуација ќе стане уште потешка.
2. **Плата на еден член од семејството.** Обично, еден член на поширокото семејство е вработен. Во македонските села може да се случи тоа да биде или сопругот или сопругата, додека во албанските семејства само машките членови од семејството се формално вработени.
3. **Земјоделство.** Додека од една страна сите одгледуваат производи што ги употребуваат нивните семејства, некои од нив ги продаваат доколку имаат добар принос. Сепак, ова не се смета како стабилен извор на приход, бидејќи понекогаш приносите се уништени од временските услови, а исто така и не се загарантирани откупните цени.
4. **Сезонска работа.** Обично во текот на летото постои можност за дополнителен приход со берење шумски овошја или печурки. Речиси сите селани од Североисточниот регион го користат ова како дополнителен извор на приход во текот на летните месеци, особено поради релативно неплодната почва во овој регион, која не гарантира сигурен принос.

Наспроти ова, иако многумина тврдат дека имаат роднини кои живеат во странство, речиси никој не изјави дека е можно да се живее од парите што им ги праќаат тие. Се чини дека е тоа приход што е само дополнителен и често со повремен карактер.

**Рурални гласови 7: Животот без доход од формално вработување е тежок**

*„Ќе собереш пари и ќе го вратиш долгот во продавницата, но од наредниот ден пак почнуваш да се задолжуваш“.*
Македонка од село Старо Нагоричане

*„Тие [*роднините што живеат во странство*] ќе пратат еднаш 10 долари и велат дека немаат пари ни за себе и дека и нивниот живот исто така е тежок “.*
Македонка од село Длабочица

*„Главно живееме од нашите родители и баби и дедовци. За 10-20 години ќе нема пензионери, и не знам тогаш како ќе преживееме*“.
маж од село Долни Дисан

### 4.2.2 Ниво на приход и неговата поделба меѓу мажите и жените

**Животниот стандард на руралното население е пет пати понизок од просечниот животен стандард во државата.** Поделувајќи го пријавениот семеен приход според бројот на членови во семејството што зависат од тој приход (освен деца помали од 7 години) пресметавме еден приближен показател на животниот стандард. Распространетоста на руралното население е претставена со графиконот подолу. Просечниот животен стандард на руралните семејства е 5.424 денари/месец, споредено со 25.771 денари што им се на располагање на македонските граѓани (според податоците за животен стандард на Државниот завод за статистика). Сепак, руралните семејства исто така живеат и од субвенционирано земјоделство што не е случај кај урбаните семејства.

***Графикон 23: Распределба на животниот стандард меѓу руралните семејства-Животен стандард (доход/семејство/лице)***




*Извор: ЦИКП анкета на рурални жени и мажи, 2011*

*Перспективите на жените од руралните средини*

**Помногубројните рурални семејства имаат најнизок животен стандард.** Ако го анализираме животниот стандард на семејството споредено со етничката припадност, се забележува дека албанските семејства имаат понизок стандард за живот што најмногу се должи на поголемиот број на луѓе што зависат од доходот на семејството. Распределбата меѓу турските и македонските семејства има повеќе сличности. Просечниот животен стандард на македонските, албанските и турските семејства е 6.135, 3.813 и 5.585 денари месечно, по тој редослед.

***Графикон 24: Распределба на животниот стандард според етничките групи***




*Извор: ЦИКП анкета на рурални жени и мажи, 2011*

За да се испита финансиската независниот на лицата, потребно е да се спореди личниот доход со кој располагаат поединците. **Споредувајќи ги руралните мажи и руралните жени, анкетата докажа дека руралните жени најчесто се без личен приход.** Важен показател за економското зајакнување на жените е нивото на личен приход надополнето со работниот статус. Распределбата на пријавениот личен доход на руралните мажи и жени во нашата анкета е прикажана во графиконот подолу. 58% од сите рурални жени воопшто не примаат личен приход, споредено со ¼ од мажите. За секое ниво на приход, во истото ниво има повеќе мажи отколку жени, а нееднаквоста расте со растењето на нивото на приходот. Пресметаниот просечен личен приход за мажи е 8.873 денари, додека за жени е помалку од половина – 3.890 денари. Треба да се има предвид дека овде се вклучени сите жени и мажи, што делумно објаснува зошто е многу пониска од официјалната плата од 21.000 денари пресметано според исплатени плати.

***Графикон 25: Распределба на личен приход според родот***




| | 0 | 1-10,000 | 10,000-15,000 | 15,000-20,000 | 20,000-25,000 | 25,000+ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| мажи | 28% | 32% | 21% | 11% | 8% | 4% |
| жени | 58% | 26% | 10% | 3% | 3% | 0% |

*Извор: ЦИКП анкета на рурални жени и мажи, 2011*

Оваа родова нееднаквост е многу понагласена меѓу албанското рурално население, каде неверојатен е фактот дека три од четири жени (74%) воопшто не примаат личен приход, додека само 45% од етничките Македонки се наоѓаат во истата положба (за споредба види графикон 21 и 22).

***Графикон 26: Распределба на личен приход според родот и етничката припадност***

**26а: Распределба на личен приход - Македонци**




| | 0 | 1-10,000 | 10,000-15,000 | 15,000-20,000 | 20,000-25,000 | 25,000+ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| мажи | 24% | 37% | 19% | 10% | 6% | 3% |
| жени | 45% | 34% | 13% | 4% | 4% | 0% |

**26б: Распределба на личен приход - Албанци**




| | 0 | 1-10,000 | 10,000-15,000 | 15,000-20,000 | 20,000-25,000 | 25,000+ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| мажи | 23% | 18% | 27% | 17% | 12% | 3% |
| жени | 74% | 14% | 6% | 2% | 3% | 1% |

*Извор: ЦИКП анкета на рурални жени и мажи, 2011*

**Гледајќи ја самоодржливоста (споредба на индивидуалните со семејните приходи), мажите се финансиски повеќе самоодржливи, додека руралните жени се зависни од своите сопрузи.** Од податоците за животниот стандард и личниот приход, можеме да создадеме една променлива што ќе покаже дали е едно лице финансиски самоодржливо, т.е. дали тоа лице барем заработува износ на пари што тој/таа ги троши од семејниот приход (под претпоставка дека сите членови во семејството над седумгодишна возраст трошат прилично исто). Оваа променлива на самоодржливоста ни го покажува степенот на економска независност што ја има едно лице. Не изненадува што поголем процент мажи од жени се самоодржливи (73% наспроти 41%). Од оние интервјуирани, речиси половина од Македонките беа самоодржливи, една четвртина од Албанките и ниту една од Турчинките. Севкупно, овој примерок ја потврдува идејата дека сопругот е традиционално главен хранител во семејството, а оваа традиција е најприсутна во муслиманските семејства.

***Перспективите на жените од руралните средини***

***Табела 21: Финансиска самоодржливост***

| | *% мажи* | *% жени* |
|---|---|---|
| самоодржливи | 73,5% | 41,1% |
| не се самоодржливи | 26,5% | 58,9% |
| ***вкупно*** | **100%** | **100%** |

*Извор: ЦИКП анкета на рурални жени и мажи, 2011*

**Колку се пообразовани руралните жени, толку повеќе се финансиски самоодржливи.** Анализирано во однос на образовните достигнувања (види табела подолу), самоодржливоста е позитивно поврзана со нивото на образование, т.е. колку една жена е повеќе образована, толку е поверојатно таа да биде финансиски самоодржлива. Жените што не се стекнале со никакво образование покажуваат мала неправилност во податоците, но ова може да се должи или на нискиот апсолутен број, којшто предизвикува голема несигурност и ниска застапеност во резултатите.

***Табела 22: Самоодржливост на жените врз основа на нивното ниво на образование***

| | *без образование* | *незавршено основно* | *основно образование* | *средно образование* | *високо образование* |
|---|---|---|---|---|---|
| самоодржливи | 50% | 27% | 29% | 54% | 79% |
| не се самоодржливи | 50% | 73% | 71% | 46% | 21% |
| ***Вкупно*** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** | **100%** |

*Извор: ЦИКП анкета на рурални жени и мажи, 2011*

## *4.3. Руралните жени и земјоделството*

### 4.3.1 Положбата на жените во земјоделскиот сектор

Економското учество на руралните жени е главно ограничено на земјоделски активности, и додека нивното учество во индивидуалниот/семеен вид земјоделски бизнис е урамнотежен со учеството на мажите, нивното учество во компаниите е пониско од она на мажите.

Според пописот на земјоделство, спроведен во 2007 г. има вкупно 192.675 индивидуални земјоделски претпријатија, кои во основа ги вклучуваат семејните фарми (за деталнa и комплетна дефиниција, осврнете се на Методологија на пописот (ДЗС, 2007). Вкупно 471.069 члена на домаќинства работат на индивидуални земјоделски претпријатија. Од овие, 202.325 се жени, со што стапката на учество на жените е речиси 42.8%. Сепак, ова е само просечна стапка за жените што се вклучени во земјоделските активности. Како што покажува табелата подолу, жените имаат повисока стапка на учество во групите кои се однесуваат на продуктивната возраст меѓу 35 и 64 години. Овие групи заедно сочинуваат речиси 60% од вкупната женска работна сила во земјоделскиот сектор или 25% од вкупната работна сила во секторот (мажи и жени).

***Табела 23: Родовата структура на домаќинствата и компаниите што извршуваат земјоделски активности***

| *возрасни групи* | *членови на домаќинство и бизниси* | | | *само членови на домаќинство* | | | *само бизниси* | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | **Жени** | **%** | **Вкупно** | **жени** | **%** | **Вкупно** | **жени** | **%** |
| *< 25* | 59.902 | 24.210 | 40,4 | 59.801 | 24.176 | 40,4 | 101 | 34 | 33,7 |
| *25-34* | 72.883 | 30.287 | 41,5 | 72.341 | 30.147 | 41,7 | 542 | 140 | 25,8 |
| *35-44* | 93.018 | 41.712 | 44,8 | 91.352 | 41.209 | 45,1 | 1.666 | 503 | 30,2 |
| *45-54* | 102.492 | 44.984 | 43,9 | 100.160 | 44.329 | 44,3 | 2.332 | 655 | 28,1 |
| *55-64* | 78.745 | 34.636 | 44 | 77.917 | 34.503 | 44,3 | 828 | 133 | 16,1 |
| *> 65* | 69.573 | 28.002 | 40,2 | 69.498 | 27.962 | 40,2 | 75 | 40 | 53,3 |
| ***вкупно*** | **476.613** | **203.831** | **42,8** | **471.069** | **202.326** | **42,9** | **5.544** | **1505** | **27,2** |

*Извор: Попис на земјоделството (ДЗС, 2007)*

**Сепак, жените поминуваат помалку работни часови во индивидуални земјоделски претпријатија.** Вистинското учество на жените според работни часови е всушност пониско од 42,8%, поради повисокиот процент на жени што поминуваат помалку време во семејните земјоделски претпријатија отколку мажите (види табела подолу). Едноставно кажано, мажите работат повеќе часови на фармите отколку жените. На ова може да влијае фактот дека жените се поактивно вклучени во други домашни задачи, како што е грижа за домаќинството и децата (ова прашање поопширно е објаснето во поглавјето 6).

***Графикон 27: Земјоделски активности според родот и работните часови- членови на домаќинства што работат во индивидуални земјоделски претпријатија, според годишни работни часови***




*Извор: Попис на земјоделството (ДЗС, 2007).*

***Перспективите на жените од руралните средини***

Анкетата за работна сила има поограничена дефиниција за земјоделски работници и ги вклучува оние чија примарна професија е земјоделството, што резултира со многу помал број луѓе што работат во земјоделството (107.500 во 2007 г.) од оние регистрирани со Пописот на земјоделството (471.000 во 2007 г.). И апсолутниот број и уделот на жените како процент во вкупниот број на земјоделски работници флуктуира во последните неколку години. Според ова, бројот на жените-работници опадна во 2007 г. и 2009 г., но повторно се зголеми во 2008 г. Уделот на жените во земјоделството останува под нивоата наведени во Пописот на земјоделството, но сепак одржува високо ниво на учество со 38% (2009 г.). Од вкупниот број на земјоделски работници, околу 111.489, или 95,6% (ДЗС, 2010а: 32) работат во приватни претпријатија каде што постои мала варијација во однос на полот.

АРС наведува уште една можна причина за загриженост во однос на жените. Вкупната бројка на вработени вклучува 54.349 неплатени семејни работници – и жените претставуваат речиси 60% (38.403). Истовремено, голем дел од неплатените семејни работници работат во земјоделството, ловот и шумарството (55.712 или речиси 87%). И покрај тоа што на ова ниво родово поделените податоци не се наведени (на пр. колкав дел од семејните работници во земјоделството се жени) може да се претпостави дека соодносот би бил или ист или сличен. Ова покажува дека доколку 43.786 жени работат во земјоделството, значителен дел од нив всушност работат како неплатени семејни работници.

***Табела 24: Вработени лица во земјоделството според родот, 2006-2009***

| *вработени во земјоделството, ловот и шумарството* | *мажи* | *жени* | *процент на жени (%)* |
|---|---|---|---|
| *2006* | 70.125 | 44.360 | 39% |
| *2007* | 67.444 | 39.989 | 37% |
| *2008* | 72.976 | 46.521 | 39% |
| *2009* | 72.815 | 43.786 | 38% |

*Извор:* Жени и мажи во Република Македонија (ДЗС, 2008б; ДЗС, 2010г)

**Жените не учествуваат еднакво во различните активности во земјоделските претпријатија.** Тие имаат пониско ниво на учество во управувањето и во администрацијата (43%), но сепак нема регистрирано жени во земјоделските услужни гранки. Подолу е даден пресек на земјоделските претпријатија.

***Табела 25: Жени вработени во земјоделски претпријатија, 2009***

| *вработени во земјоделството, ловот и шумарството* | *мажи* | *жени* | *процент на жени (%)* |
|---|---|---|---|
| производство на житни култури | 712 | 203 | 22% |
| овоштарство | 132 | 14 | 10% |
| лозарство | 525 | 29 | 5% |
| сточарство | 584 | 102 | 15% |
| примарна преработка на земјоделски производи | 167 | 91 | 35% |
| услужни дејности | 45 | 0 | 0% |
| управување и администрација | 312 | 240 | 43% |
| ***вкупно*** | **2.477** | **679** | **22%** |

*Извор:* Државен завод за статистика (ДЗС, 2010г: 107)

**Оние жени што се вклучени во управувањето на земјоделските претпријатија се најчесто економисти по професија.** Од лицата вработени во земјоделските претпријатија, мнозинството се квалификувани професионалци со средно, високо или универзитетско образование. Повеќето од нив се агрономи, но исто така има ветеринарни доктори, економисти и останати професии. Најголем удел на учество жените имаат меѓу економистите. 72% од вкупниот број економисти со средно образование што работат во земјоделски претпријатија се жени, во споредба со 59% жени од оние економисти со високо или со универзитетско образование. Најниската стапка на учество е меѓу ветеринарите (само 5% и 7% по тој редослед); сепак, вкупниот број ветеринари е исто така доста мал, така што може да биде и нерепрезентативен. Најголем дел од агрономите се мажи: 82% од оние со средно и 84% од оние со вишо образование се мажи.

***Табела 26: Обучени работници во земјоделските претпријатија според родот и според образованието, 2009***

| *вработени во земјоделски претпријатија* | *средно образование* | | | *високо или универзитетско образование* | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **мажи** | **жени** | **% жени** | **мажи** | **жени** | **% жени** |
| агрономи | 249 | 53 | 18% | 282 | 54 | 16% |
| ветеринари | 21 | 1 | 5% | 14 | 1 | 7% |
| економисти | 32 | 82 | 72% | 35 | 50 | 59% |
| останати | 447 | 181 | 29% | 67 | 61 | 48% |
| ***вкупно*** | **749** | **317** | **30%** | **398** | **166** | **29%** |

*Извор:* Државен завод за статистика (ДЗС, 2010 г: 107)

Горенаведените наоди претполагаат дека значителен дел од земјоделската работа (поврзана со агрономски професии) сè уште се смета за примарно машка професија, иако вкупниот удел на жени во земјоделскиот сектор е на значително ниво (38%). Како што покажува наредната табела, значителен дел од лицата вработени во земјоделството се сезонски работници. И додека оваа табела покажува дека земјоделските субјекти се склони кон тоа почесто да вработуваат женски сезонски работници, најголем број од сезонските работници се вработуваат од страна на индивидуални земјоделци при што секој втор од сезонските работници е маж. Според тоа, дури и меѓу сезонските работници, севкупно гледано жените не претставуваат повеќе од 38% од работната сила.

***Табела 27: Сезонски работници во Македонија според родот и според видот на претпријатија***

| *сезонски работници (според видот на претпријатие)* | *вкупно* | *мажи* | *жени* | *% жени од вкупниот број работници* |
|---|---|---|---|---|
| Македонија (вкупно) | 109.606 | 67.686 | 41.920 | 38% |
| индивидуални | 103.187 | 65.337 | 37.850 | 36,7 |
| бизнис | 6.419 | 2.349 | 4.070 | 63,4 |

*Извор: Земјоделски попис, 2007 (ДЗС 2008а)*

**Друга критична родова точка на загриженост е растечкиот јаз во платите на земјоделскиот сектор според последните расположливи податоци.** Анализата на нето платите покажува дека и покрај фактот дека платите се зголемуваат и за жените и

за мажите, во многу сектори родовиот јаз во платите не е намален од 2002 до 2006[22]. Сосема спротивно, покачувањето на платите во некои сектори придонесе за зголемување на родовиот јаз во платите, вклучувајќи го и земјоделскиот сектор, каде јазот се проширил од 22% на 33%, или секторот на хотели и ресторани, кој е важен за агротуризмот, со јаз кој скокна од 15% до 50% (детали за родовиот јаз во плати за сите сектори се наведени во анекс табела А2.2).

**Објаснување: Што е родов јаз во плати?**

Родовиот јаз во платите се однесува на разликата во платите што ги заработуваат мажите и жените. Показателот на ЕУ за надгледување на насоките за вработување како референтна точка ги зема заработките на мажите, и според тоа неприспособениот родов јаз во плати се пресметува како разлика меѓу просечната бруто плата на мажите и жените според работен час како процент од бруто платата на мажите според работен час. Во тој случај, родовиот јаз во платите покажува за колку проценти треба да се зголемат платите на жените за да бидат еднакви со оние на мажите. И покрај тоа што во принцип колективните договори и законите за минимална плата се родово неутрални, жените с# уште заработуваат помалку од мажите.

(Source: Eurostat, Labour Market Policy database, 2006).

***Табела 28: Пресметките за родовиот јаз во платите за избрани сектори според просечна нето плата.***

| *просечни плати во денари во избрани сектори* | *2002* | | | *2006* | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **жени** | **мажи** | **родов јаз во плати** | **жени** | **мажи** | **родов јаз во плати** |
| земјоделство | 5.308 | 6.775 | **22%** | 6.014 | 8.935 | **33%** |
| хотели и ресторани | 8.628 | 10.170 | **15%** | 10.129 | 20.126 | **50%** |

*Извор: Државен завод за статистика (2003, 2008) пресметки на авторите (Родов јаз во платите е % разлика меѓу платите на жените и платите на мажите)*

### 4.3.2 Идни перспективи за руралните жени и мажи во земјоделството

**Земјоделската работа се користи како начин да се зголеми животниот стандард на луѓето што живеат во руралните средини.** Во студијата[23] на Моелерс и Хеидхјуз од 2004 г., 120 македонски селани беа прашани за нивното мислење за земјоделската работа. Иако студијата не може да се смета за репрезентативна на национално ниво поради малиот примерок, резултатите се индикативни, особено поради квалитативните аспекти на прашањата што се однесуваат на статусот на земјоделската работа меѓу руралните домаќинства. Прашани за својата мотивација за земјоделска работа, како важни фактори испитаниците ги наведоа зголемувањето на доходот и обезбедувањето на подобар животен стандард. Втора по важност беше целта да се обезбедат средства за следната генерација во семејството, додека последно беше желбата да се ужива во руралниот начин на живот. Исто така, најголем мотив зад можната одлука да се откажат од земјоделството е желбата за промена на начинот на живот, следен од зголемувањето на семејниот приход и намалувањето на работниот товар. Ова дава до знаење дека постои еден вид стигма, или во најмала рака воздржан однос кон

22 За жал, Државниот завод за статистика ги нема објавено најновите родово дисегрегирани податоци за плати според секторот и поради тоа не може да се опишат најновите трендови.

23 Одлука за диверзификација во руралниот неземјоделски сектор на транзициската економија: случајот на Словенија и Македонија, 2004 г., Моелерс и Хеудхјуз (Moellers and Heudhues).

земјоделската работа, која ги надминува ниската профитабилност и тешкиот работен товар што најчесто се поврзуваат со овој вид работа.

Според наодите од ЦИКП анкетата на рурални жени и мажи, 2011, како што беше и претходно покажано, 41% од оние што произведуваат храна на фарми најмногу ја користат за домашно консумирање, а го продаваат само вишокот, додека само 34% произведуваат пред сè за продавање, а консумираат 20% или помалку. Со други зборови, **земјоделската работа се гледа како механизам за да се излезе на крај со месечните трошоци, со тоа што се штеди на одредени производи за секојдневна употреба и доколку е можно да се заработи дополнителен приход преку продажба на вишокот производство.** Ова исто така се потврдува и со ЦИКП дискусиите во фокус-групите. Дополнително, фокус-групите исто така наведоа дека, иако секое семејство одгледува одредени култури, помалку од половина испитаници изјавија дека ги продаваат производите. Тие најчесто одгледуваат зеленчук за нивна лична употреба, а во случај на повисоки приноси семејството може да одлучи да го продаде вишокот.

Слично на резултатите од анкетата, само ретки учесници во целните групи ги сметаат земјоделските активности како вработување и како начин на живот. Ова може да е поврзано со тоа што големината на земјиштето што го поседуваат им дозволува само егзистенцијално земјоделство, но неизбежно е дека ова е една од причините зошто големо мнозинство не се регистрирани како земјоделци. Друга главна причина што

**Рурални гласови 8: Земјоделството како механизам за да се излезе на крај со месечните трошоци**

*„Земјоделството не е профитабилно. Нафтата е скапа, сезонските работници се скапи, а парите што ни се ветени не ни ги исплаќаат. Субвенции добиваат само одредени луѓе. Затоа младите луѓе се обидуваат да најдат излез од земјоделството“.*

Македонка од село Грдец

**Објаснување:**
**Регистрирани индивидуални земјоделци – Услови и погодности**

**Услови за да се биде регистриран земјоделец,**

- Поднесувачот на барањето треба да поседува земјоделско земјиште, или да има земјиште под наем;
- Поднесувачот на барањето не може да биде пензионер, трговец или каков било вид економски сопственик;
- Поднесувачот на барањето треба да е здрав;
- Поднесувачот на барањето не смее да има кривично досие.

Апликацијата за внесување во регистарот на индивидуални земјоделци треба да се поднесе во Министерство за земјоделство.

**Погодностите за регистрираните земјоделци се следните**:

- Економска и правна сигурност;
- Пристап до финансии; право да добие земјоделско земјиште или концесија;
- Пристап до средства преку Програмата за земјоделска поддршка;
- Право на пензија и инвалидско осигурување

**Постојат три критериуми за регистрирање за осигурителна пензија како земјоделец во Фондот за пензиско и здравствено осигурување**:

- Доказ за сопственост на земјоделско земјиште, или
- купопродажен договор или договор за изнајмување на земјоделско земјиште; или
- потврда за поседување / концесија од Катастар

Придонесот кој регистрираните земјоделци го плаќаат во Фондот е минимален пензиски придонес во вредност од 20% од просечната плата во Македонија (1.090 МКД) или повеќе.

ја наведуваат се однесува на високите трошоци за одржување на регистрираните фарми (даноци, месечни придонеси за барем еден вработен итн.), кои тешко се плаќаат на редовна основа поради сезонската природа на работата и поради непостојаноста на приносот и пласманот.

**Високите даноци на плата се главните причини поради кои земјоделците не се регистрираат.** ЦИКП дискусиите на целните групи за руралните жени покажуваат дека, иако земјоделците не се многу запознаени со погодностите што би ги имале како регистрирани земјоделци (види го објаснувањето), сите ги нагласуваат трошоците како главен фактор што ги демотивира (еднакво и мажите и жените), и ги засноваат своите тврдења на примери со нивни познаници што се регистрирале, но им било тешко да ги покријат трошоците и да тргнат пари настрана[24].

Како што ќе биде покажано во поглавјето 9, сопственоста на имотот претставува проблем жените да бидат регистрирани како земјоделци. Иако машките потомци обично се привилегирани во наследување на семејните имоти, во многу семејства имотите не се законски пренесени од таткото или од дедото, иако тие починале. Трошоците за пренос на имотот се релативно високи и луѓето не можат да си дозволат да ги регистрираат на свое име.

**Иако вкупно има повеќе мажи што имаат право на земјоделска пензија (поради фактот дека повеќе мажи работат во земјоделството), доказите покажуваат дека жените покажуваат тенденција да доминираат меѓу корисниците на минимални земјоделски пензии регистрирани во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.** Ова се должи најмногу на фактот дека жените најчесто живеат подолго и примаат семејни пензии. Податоците покажуваат дека има 804 женски корисници, во споредба со 36 машки корисници на такви пензии. Минималната земјоделска пензија во декември 2010 г. беше 3.744 денари месечно. Ситуацијата е обратна со редовните земјоделски пензии со месечна вредност од 6.282 денари (исто за декември 2010 г.). Мора да се истакне дека овој вид пензии не само што е со двојно поголема вредност, туку и ја користат осум пати повеќе корисници, вкупно 13.264 мажи и 1.851 жена, што остава само 12% од луѓето со право на користење редовни земјоделски пензии да бидат жени. Ова значи дека на секои седум машки корисници на редовна земјоделска пензија доаѓа само една жена. Детален пресек според родот за секој вид пензија е даден во табелата подолу.

24 Во овој контекст, Федерацијата на фармери на Република Македонија протестираше на воведувањето на системот на бруто плата во 2009 г. бидејќи со тоа трошоците за плата за фармерите беа покачени од 1.600 денари на 8.000 денари.

***Табела 29: Земјоделски пензии поделени според Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, декември 2010 г.***

| | *минимална земјоделска пензија* | | | *пензии за индивидуални земјоделски работници* | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| основа за пензија | **мажи** | **жени** | **% жени** | **мажи** | **жени** | **% жени** |
| возраст | 493 | 384 | 44% | 7.569 | 1.674 | 18% |
| семејство | 36 | 904 | 96% | 5.153 | 84 | 2% |
| инвалидност | нема | нема | нема | 542 | 93 | 15% |
| ***вкупно*** | **529** | **1.288** | **71%** | **13.264** | **1.851** | **12%** |

*Извор:* Фонд за пензиско и инвалидско осигурување, 2011

### 4.3.3 Родова поделба на улогите во земјоделството

**Колку се пообразовани жените толку подеднакво учествуваат во донесувањето одлуки за земјоделско производство.** Степенот на вклученост на жените во земјоделството може да се оцени преку постапките во процесот на одлучување што постојат во земјоделските претпријатија. Прашани за тоа кој одлучува за земјоделското производство, 35,4% рурални жени рекоа дека сопругот и сопругата ги носат тие одлуки заедно, 24,1% одговорија дека тоа е сопругот, споредено со 5,4% кои рекоа дека е тоа жената (според Јакимовски и Матилов 2002 г.) ЦИКП анкетата на рурални жени и мажи, 2011 исто така дава опис дека во 18,9% од домаќинствата сите возрасни членови на семејството учествуваат во донесувањето одлуки. За останатиот дел од учесниците ова прашање не е применливо бидејќи нивните домаќинства не се вклучени во никаков вид земјоделско производство. Не е за изненадување дека пообразованите жени се стремат кон тоа да имаат подемократски процес на донесување одлуки во кој учествуваат сите членови од семејството – 25,6% од жените со високо или со универзитетско образование истакнаа дека е тоа случај со нивните домаќинства. Слично, 20% од овие жени им дозволуваат на своите мажи да ги носат одлуките, најнизок таков процент во сите образовни категории.

**Рурални гласови 9:**
**Свет на „машки работни обврски“**

*„Кога ќе подразмислам, подобро е да си маж, за нив има повеќе работа, во градежништво, додека ние по завршувањето на училиштето седиме дома и чекаме милосрдие. Повеќе би работела и би пренесувала греди отколку да седам дома и да чекам работа“.*
Македонка од село Длабочица

*„Ако некоја жена отиде на откупен пункт, ќе ни се смеат... Дури и ако некоја жена знае повеќе од мажите, тоа можеш да го кажеш дома, не во јавност“.*
Македонка од село Муртино

**Студијата Родова рамнотежа во земјоделскиот сектор (ЦИКП, 2008а) покажува дека постои родова сегрегација на работните места во земјоделството.** Секое семејство има двор каде одгледува зеленчук, додека некои имаат и поголеми ниви. И покрај тоа што и мажите и жените од македонска етничка припадност сакаат да бидат формално вработени, родовата сегрегација на работни места е голема. Иако поделбата на земјоделските активности е подеднаква меѓу мажите и жените во едно семејство, сепак постои поделба на активности. Мажите најчесто се одговорни за потешките физички задачи како што

се: копање, наводнување, жнеење, додека и жените и мажите работат на садење, берење, пакување итн. Кога станува збор за чување добиток, жените главно се занимаваат со хранење на животните и со молзење. Мажите најчесто ги продаваат производите на пазар и ги договараат цените. Тие веруваат дека ова се активности за кои се потребни вештини, како самоувереност којашто според нив не е доминантна кај жените. Децата се исто така вклучени во земјоделските активности. Тие ги учат работите уште на многу млада возраст гледајќи ги постарите членови од семејството. Многу од работите што обично ги извршуваат мажи не се сметаат соодветни за жените и воопшто не се земаат предвид од страна на жените. Жените наведуваат различни причини во врска со родовата спецификација на земјоделските активности. Додека едни тврдат дека жените не можат да ги работат традиционално машките задачи бидејќи не се доволно физички силни, други велат дека би можеле да ги работат, но ако се зафатат и со тие активности, тогаш за мажите не би имало што да работат. Сепак, постојат етнички разлики во однос на родовата спецификации на земјоделските активности. Додека од една страна македонските мажи и жени работат заедно на поле, албанските жени главно извршуваат земјоделски активности во близина на куќата, т.е. во дворот, а мажите најчесто работат надвор од куќата.

## *4.4 Резиме на поглавје 4 – Руралните жени и економијата*

Во рурална Македонија мнозинството жени не се дел од пазарот на трудот, што не е случај и со руралните мажи. Руралните жени остануваат економски неактивни во текот на целиот свој живот бидејќи од нив не се очекува да најдат работа. Ова е особено карактеристично за етничките Албанки. За останатите, студијата покажува дека нивото на образование има многу висока обратна пропорционалност со стапката на неактивност, што значи дека руралните жени со пониско образование, свесни за малиот број работни места, решаваат да останат надвор од пазарот на труд повеќе отколку жените што решиле да постигнат поамбициозни образовни цели. Семејствата приврзани кон патријархалните вредности и неплатената домашна работа се главните причини за неактивност на руралните жени.

Студијата исто така заклучува дека руралните жени се поранливи во однос на невработеност во споредба со руралните мажи, како и споредено со урбаните жени. Стапката на невработеност меѓу руралните жени е многу висока и особено ги погодува помладите жени. Етничките Македонки се ретко вработени и ако се вработени најчесто тоа е во текстилниот сектор, додека етничките Албанки остануваат дома зафатени со децата и домашните обврски. Етничките Албанци мораат да работат и до три работи за да ги прехранат своите семејства со многу деца. Етничките Македонци без работа не бараат вработување активно. Оние рурални жени што бараат вработување се ранливи на долгорочната невработеност. Егзистенцијалното земјоделство е единствена форма на активност што произведува приход, но повеќето од нив не ја сметаат за работа. Сепак, бројката на руралните жени што решаваат да бидат самовработени (и главно се регистрирани како земјоделци) е помала од половина од руралните мажи.

Земјоделската работа се користи како начин да се подобри животниот стандард во руралните средини и е помалку платена. Според официјалната статистика, повеќе мажи работат во земјоделскиот сектор, сепак неплатената и непријавената работа останува скриена од официјалните податоци. Доказите со кои располага оваа студија покажуваат

дека, како корисници на минимална земјоделска пензија регистрирани во Заводот за пензиско и инвалидско осигурување, жените ги има во поголем број од мажите, главно бидејќи тие ги наследуваат пензиите од своите починати сопрузи. Од друга страна пак, во апсолутните бројки има 8 пати повеќе корисници на редовни земјоделски пензии меѓу кои најголемиот дел се мажи. За да примаат редовна земјоделска пензија луѓето мора да се регистрирани како земјоделци. Бројот на регистрирани земјоделци во Македонија е мал, а главна причина се високите даноци на платите. Жените се исто така помалку застапени во индивидуалните земјоделски претпријатија и оние што работат во такви претпријатија обично имаат менаџерски позиции. Сепак, останатите работат на семејните фарми како неплатени семејни работници, повремено како ниско платени сезонски работници или поминуваат како непријавена работна сила што, сепак, придонесува како член на семејството што помага.

На земјоделството се гледа како на механизам што им овозможува да излезат на крај со месечните трошоци, со тоа што се штеди на одредени производи за секојдневно користење и ако е можно да заработат дополнителен приход од продавање на вишокот производство. Колку пообразовани се жените толку поеднакво е нивното учество во донесување одлуки за земјоделско производство. Во работните задолженија во земјоделството постои родова сегрегација. Мажите најчесто се одговорни за потешките физички задачи како што се: копање, наводнување, жнеење, додека и мажите и жените работат на садење, берење, пакување итн.

# 5. Социјален живот и учество на руралните жени во општеството и во политиката

Македонија е држава со голем напредок во реформите за децентрализација, кои овозможуваат да се дискутира и да се дебатира околу потребите на заедницата, приоритетите и ресурсите на локално ниво. Законот за локална самоуправа предвидува задолжителни јавни консултации (член 42) при донесување одлуки. Ова се користи во речиси сите општини, иако се разликуваат според степенот на учество и според свеста на граѓаните за тоа од општина во општина. Со децентрализацијата процесите на креирање политики и управување со ресурси се пренесуваат на локално ниво, но тоа има влијание и на одлучувањето во семејствата, област каде жените веќе се наоѓаат и каде можат да дејствуваат. Нивното вклучување во одлучувањето е клучен фактор поради продуктивните и репродуктивните улоги што ги имаат жените во руралните средини, тие најдобро се запознаени со секојдневните прашања и со локалните проблеми. Жените ги знаат како потребите на своите деца што се однесуваат на здравјето и образованието, така и проблемите во земјоделството и стопанството. Затоа многу е важно руралните жени да бидат вклучени во локалните процеси на донесување одлуки и општо во политиката. И покрај тоа, постои изобилство докази кои покажуваат дека нивото на вклученост на жените во процесите на носење одлуки и особено во политиката зависи од многу фактори, почнувајќи од традиционалната поделба на домашните активности, преку општествените родови стереотипи што ги истиснуваат жените од јавниот простор, како и недостигот слободно време да се вклучат во општествените активности, како што е донесувањето одлуки. За таа цел, во овој дел ќе дискутираме за активностите и за општествениот живот на руралните жени како и за нивното учество во политиката.

## *5.1. Руралните жени и нивните секојдневни активности*

**Домашните активности се главно занимање на руралните жени и област каде родовата нееднаквост е најнагласена.** Руралните жени поминуваат 4 часа и 17 минути во домашни активности, значително над руралните мажи кои поминуваат 1 час и 12 минути во истите активности. Ова претставува еден вид на неплатена работа. Мажите надоместуваат поминувајќи повеќе часови на платена работа (3 часа и 21 минута/ден наспроти 1 час и 22 минути за руралните жени), иако не во целост бидејќи им останува еден час што повеќе најчесто го користат на слободни активности. Постои мала разлика меѓу урбаните и руралните жени во однос на начинот на користење на времето. Најзабележително е дека урбаните жени поминуваат 3 часа и 43 минути дневно извршувајќи домашни активности, околу половина час помалку од руралните жени кои поминуваат 4 часа и 17 минути дневно (ДЗС, 2010в).

*5. Социјален живот и учество на руралните жени во општеството и во политиката*

***Табела 30: Просечно време од ден поминато по активности според лица на возраст над 10 години***

| *активности* | *мажи од рурални области* | *жени од рурални области* | *жени од урбани области* | *мажи од урбани области* |
|---|---|---|---|---|
| спиење | 8 часа и 29 мин. | 8 часа и 34 мин. | 8 часа и 30 мин. | 8 часа и 36 мин. |
| слободни активности | 5 часа и 15 мин. | 4 часа и 36 мин. | 4 часа и 54 мин. | 6 часа и 5 мин. |
| домашни активности | 1 час и 21 мин. | 4 часа и 17 мин. | 3 часа и 43 мин. | 1 час и 14 мин. |
| работен однос | 3 часа и 21 мин. | 1 час и 22 мин. | 1 час и 49 мин. | 2часа и 43мин. |
| јадење и пиење | 2 часа и 13 мин. | 2 часа и 15 мин. | 2 часа и 3 мин. | 2 часа и 4 мин. |
| друга лична нега | 1 час и 9 мин. | 1 час и 10 мин. | 1 час и 12 мин. | 1 час и 7 мин. |
| патување | 1 час и 22 мин. | 52 мин. | 1 час | 1 час и 24 мин. |
| учење | 47 мин. | 52 мин. | 43 мин. | 42 мин. |
| доброволна работа и информативна помош | 2 мин. | 2 мин. | 4 мин. | 4 мин. |
| друго | 1 мин. | 1 мин. | 1 мин. | 1 мин. |
| **вкупно** | **24 часа** | **24 часа** | **24 часа** | **24 часа** |

**Извор:** ***Анкета за користење на времето 2009 (ДЗС 2010в)***

**Руралните мажи и урбаните жени имаат повеќе време за социјализирање од руралните жени.** Најпопуларниот избор за слободни активности во сите групи е гледање ТВ и филмови. Руралните жени трошат 101 минута дневно гледајќи телевизија, што е за малку пократко од урбаните жени и руралните мажи. Во однос на проценти, т.е. споредено со другите можности, одморањето и друштвениот живот се почести активности меѓу руралните жени отколку кај другите групи, додека спортувањето е поретко. Времето поминато во компјутерски активности е значително зголемено за сите групи од претходната анкета за користење на времето во 2004 г.

***Табела 31: Просечно време од денот поминато во слободни активности за лицата на возраст над 10 години***

| *слободни активности (во минути)* | *мажи од руралните области* | *жени од рурални области* | *жени од руралните области* |
|---|---|---|---|
| ТВ и видео | 113 | 101 | 110 |
| одморање | 78 | 79 | 68 |
| друштвен живот, одење на гости, телефон | 51 | 52 | 50 |
| спорт, шетање, планинарење | 30 | 14 | 25 |
| компјутер и видео | 8 | 4 | 3 |
| други активности на компјутер | 12 | 9 | 18 |
| читање книги, списанија | 7 | 7 | 9 |
| верски активности | 6 | 4 | 4 |
| хобија и игри | 6 | 2 | 3 |
| радио и музика | 3 | 4 | 3 |
| забава и култура | 1 | 0 | 0 |

*Извор:* Анкета за користење на времето, 2009 (ДЗС, 2010в)

*Перспективите на жените од руралните средини*

**Жените наспроти квалитетот на руралниот живот** 53,6% од руралните жени анкетирани во 2001 г. сметаат дека нивната економска и социјална ситуација е влошена во последните 10 години, додека околу 10% сметаат дека нивната положба е подобра од пред 10 години (Јакимовски и Матилов 2002: 22). Додека од една страна, поголеми оптимисти се образованите жени што работат во неземјоделските сектори, од друга страна, жените од чисто земјоделски домаќинства имаат повеќе песимистички поглед на својата економска и социјална добросостојба. Попесимистички биле исто така и жените што живеат во планинските села и оние што не се вработени или што работат во земјоделството. Не е изненадување дека во истата анкета, **руралните жени потврдиле дека би сакале да продолжат да живеат во селата, но под услов да работат нешто друго надвор од земјоделството.** Севкупно, 52,4% од руралните жени во 2001 г. сакале да останат во своите села, но претпочитаат да најдат вработување надвор од земјоделството, додека една од четири жени сакала да се пресели во град и да живее и да работи таму (сценарио кое најмногу го сакаат помладите и пообразованите жени).

Претскажувањата од ова сценарио делумно се исполнети. Како што беше покажано и погоре, ниту мажите ниту жените не ги сметаат земјоделските активности за главна стратегија што генерира приход. Освен тоа, образованите жени се охрабрени да ги искористат сите можности да останат во урбаните центри (наоѓајќи работа или мажејќи се). Како што ќе покажеме подолу (во поглавјето посветено на приватниот живот), постојат голем број случаи на мажи што не можат да се оженат бидејќи нема жени во нивното село (или во блиските села). Жените повеќе сакаат да го напуштат селото и да се преселат во градовите каде или се мажат и/или наоѓаат работа. Според најновите податоци (ДЗС, 2010 г.) стапката на внатрешна миграција на жените на возраст од 15-29 години е 11.61% што е десет пати повисока од стапката на мажи од истата старосна група и е највисока стапка од сите возрасни групи.

**Повеќе работни места, развиено земјоделско производство и подобро школување како решенија за оваа ситуација.** Во студијата од 2001 г. на прашањето да ја наведат најважната животна потреба во нивните домаќинства, руралните жени го одговорија следното: 39,9% од нив како најважно го избраа подобрувањето на економската состојба на своето семејство, 22,0% наоѓање работа, 12,8% развој на земјоделското производство, за 11,0% школувањето на нивните деца е најважно, 7,8% обезбедување домашна грижа и помош за самите нив и 5,5% одговорија дека најважно им е подобрување на станбените услови (Јакимовски и Матилов 2002:34). Нема потреба дополнително да се објаснува дека јазот во можностите за вработување, идентификуван во овој извештај, покажува дека овие потреби остануваат како најголем приоритет за подобрување на состојбата на руралните жени и мажи.

## *5.2. Учество во донесувањето одлуки*

**Социјалната вклученост и учеството на жените од руралните средини преку членство во различни организации е многу ограничена.** Во 2002 година, најголем број жени изјавија дека биле вклучени во политичките партии (14% од анкетираните), но споредено со високата стапка на членство од 45% која е карактеристична за руралните мажи, очигледно е дека заостанува нивото на социјална вклученост на жените зад онаа на мажите. За сите други видови организации (како што се спортски клубови, културни,

еколошки, земјоделски здруженија, хуманитарни организации, религиозни организации, професионални организации и други) членството на жените е помало од 10%, но ситуацијата е многу слична и кај руралните мажи, со исклучок на спортските клубови каде што ¼ од мажите изјавија дека се нивни членови (Димитриевска, 2003: 30-35).

**Анкетата за руралните жени и мажи, 2011 спроведена од страна на Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП), покажува дека само 25% од руралните жители се активни во каков било вид општествена организација, од кои само 7% се рурални жени.** Најголем интерес на општествена активност кај руралните жени се забележува во нивното членство и учество во религиозни групи и граѓански организации. Ова е спротивно од мажите кои се членови на / или активни првенствено во спортски клубови, земјоделски здруженија и бизнис асоцијации. Резултатите соодветствуваат со ситуацијата што беше идентификувана и што беше анализирана погоре, при што руралните мажи се вработени, или работат во земјоделскиот сектор и имаат повеќе слободно време од руралните жени.

*Табела 32: Учеството на руралните жители во општествени организации*

| *Дали учествувате во активностите или дали сте член на следниве организации?* | *да* | | *не* | | *нема податоци* | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **мажи** | **жени** | **мажи** | **жени** | **мажи** | **жени** |
| бизнис/трговски организации (освен земјоделски/агрикултура) | 13 | 2 | 237 | 296 | 27 | 17 |
| земјоделски/ агрикултурни асоцијации | 20 | 1 | 240 | 305 | 18 | 15 |
| спортски клубови или групи | 26 | 3 | 213 | 285 | 38 | 32 |
| културни клубови или групи | 5 | 7 | 226 | 279 | 46 | 34 |
| граѓански организации | 8 | 10 | 222 | 274 | 47 | 36 |
| синдикати | 15 | 5 | 217 | 275 | 45 | 39 |
| локални религиозни групи или мрежи | 16 | 15 | 240 | 282 | 21 | 24 |
| неформални групи или мрежи | 3 | 1 | 246 | 295 | 24 | 22 |
| ***други*** | **5** | **1** | **227** | **270** | **22** | **18** |
| ***ВКУПНО*** | **111** | **45** | | | | |
| ***% од вкупно*** | **18%** | **7%** | | | | |

*Извор: ЦИКП анкета на руралните жени и мажи, 2011 година*

**Истражувањето спроведено во 2001 година покажа дека се помалку вклучени руралните жени од мажите при решавањето на секојдневните проблеми во нивната заедница.** Додека само 5% од руралните жени изјавија дека се целосно вклучени и 20,5% се делумно вклучени, од друга страна, 15% од мажите изјавија дека се целосно вклучени и 36% се делумно вклучени. Како правило, колку поголем степен на образование имаат руралните жители, толку е поголема веројатноста истите да бидат повеќе вклучени во решавањето на проблемите на нивните заедници. (Јакимовски, 2004: 72).

**Во ЦИКП анкетата на руралните жени и мажи од 2011 година, се наведува дека постои поголем степен на учество во процесот на донесување одлуки на ниво на заедницата.** Од испитаниците што одговориле ова прашање, само 13,6% учествуваат во процесот на донесување одлуки на ниво на заедницата, додека 86,4% воопшто не учествуваат. Ова

укажува на фактот дека децентрализацијата можеби има некакво влијание врз зголемената свесност за учество во демократските процеси во руралните средини. Сепак, родовиот јаз укажува на тоа дека останува на ниско ниво вклученоста на жените дури и во 2011 година, бидејќи само 5,5 % од жените земаат учество во политичкиот живот во своите заедници, освен преку процесот на гласање.

***Табела 33: Учество во процесот на донесувањето одлуки на ниво на заедница***

| *Дали освен преку гласањето учествувате во политичкиот живот на вашата заедница?* | *вкупно одговори по (под)група* | *не* | *да* | *% на позитивни одговори по (под)група* |
|---|---|---|---|---|
| мажи | 272 | 210 | 62 | 22,8% од мажи |
| жени | 309 | 292 | 17 | 5,5% од жени |
| вкупно | 581 | 502 | 79 | 13,6% од вкупно одговори |

*Извор: ЦИКП анкета на руралните жени и мажи, 2011 година*

**Најчести начини на учество во процесот на донесување одлуки во заедницата се активностите во политичка партија и општинските состаноци/дебати/јавни расправи.** Поголемиот број учесници во дискусиите со фокусните групи (како мажите така и жените) не беа свесни за можностите и за начините на учество во процесот на донесување одлуки на локално ниво. Општо мислење е дека треба да сте член на политичка партија (обично на повисоко ниво во хиерархијата) за да имате можност да учествувате.

***Табела 34: Начини на учество***

| *Доколку одговорот е да (на претходните прашања), на кој начин учествувате?* | *мажи* | *жени* |
|---|---|---|
| партиски активизам | 35 | 10 |
| општински состаноци/дебати/јавни расправи | 23 | 6 |
| друго | 3 | 1 |
| ***вкупно*** | 61 | 17 |

*Извор: ЦИКП анкета на руралните жени и мажи, 2011 година*

**Мажите се 3 до 4 пати поактивни во процесот на донесување одлуки на ниво на заедницата во споредба со жените.** Поголемиот број жители што живеат во руралните средини се информираат преку вербална комуникација, додека мал број од нив 0,99% се информираат преку Интернет. Сепак, во текот на дискусиите со фокус-групите беше забележано дека мажите се повеќе инволвирани во процесот на донесување одлуки на локално ниво, поради што од нив се очекува да имаат повеќе време за ваков вид активности, во споредба со жените од кои се очекува да останат дома. Има податоци само за жените од селото Цапари кои земале учество на локалните состаноци.

Сепак, сите жени се согласија дека треба да бидат повеќе застапени во процесот на донесувањето одлуки на локално ниво, но треба да се обезбедат и механизми што ќе го овозможат нивното учество. Тие можеби нема да бидат во можност да патуваат на поголеми растојанија (на пример до општинските центри) или да поминуваат време во канцелариите на месните заедници, но доколку се поканети во домот на некоја жена и доколку се побара

**Рурални гласови 10: Политика? Нема традиција за учество на жените**

*„Една од основните работи кога станува збор за донесувањето одлуки во нашето село е дека одлучуваат мажите. Секогаш кога се организира состанок, информацијата стигнува до мажите и жените, но жените не се организираат и не учествуваат. Никој не нѐ спречува, но не постои традиција“.*

македонска жена од селото Грдец

*„Никој не нѐ прашал, ниту нѐ собрал да дискутираме за локалните проблеми. Зошто да не се собереме како овде денес и да ги споделиме нашите идеи“.*

македонска жена од селото Старо Нагоричане

*„Тие не организираат ништо... само кога има избори, селаните се собираат и се прашуваат и пак нема ништо за нас, нашите жени седат дома или се на нивите. Тие не знаат како да дискутираат, нашите жени се необразовани“.*

албанска жена од селото Страчинци

нивното мислење за одредени прашања, тие со задоволство би зеле учество.
Жените Албанки имаат помала самодоверба во однос на нивното учество, главно поради нискиот степен на образование и неувереноста дека можат да дадат придонес. Тие се цврсто уверени дека секој поединец треба да биде доволно образован за да биде во можност да се вклучи во процесот на донесување одлуки во врска со своето секојдневно живеење.

**Нема заинтересираност за учество на ваков вид состаноци бидејќи тие се уверени дека нема никој да ги прифати нивните сугестии.** На прашањето зошто не учествуваат во политичкиот живот, 44,4% од руралните жени и мажи одговориле дека не веруваат дека ќе им донесе некаква корист таквото учество. Околу 5,3% се изјасниле дека немаат доволно информации за да земат активно учество, 1,8% рекле дека времето воопшто не им одговара. Други одговориле дека не веруваат во политика, некои од нив не се заинтересирани или дека воопшто немаат време.

***Табела 35: Причини зошто да не се учествува***

| *Доколку одговорот е НЕ[25], која е причината поради која вие не учествувате?* | *мажи* | *жени* |
|---|---|---|
| немам доволно информации | 17 | 15 |
| не верувам дека ќе имам некаква корист | 117 | 150 |
| би сакал/а, но времето на одржување на состанокот е проблем | 5 | 6 |
| мојот партнер /семејство не ми дозволува | 3 | 6 |
| друго | 22 | 30 |
| ***вкупно*** | 164 | 207 |

*Извор: ЦИКП анкета на руралните жени и мажи, 2011 година*

25 Се однесува на претходното прашање ”Дали освен преку гласањето учествувате во политичкиот живот на вашата заедница?”

**Руралнi гласови 11: Тие не нè слушаат**

*„Доколку нè повикаат да учествуваме, ние не би имале против да го кажеме нашето мислење“.*
македонска жена од Старо Нагоричане

*„Што и да кажеме, нема да биде прифатено. Одиме таму, тие зборуваат, ние слушаме, кога тие ќе завршат си одиме. Тие не нè прашуваат за нашето мислење и често не можете да зборувате“.*
македонска жена од селото Ново Село

**Општините прават мали напори да се подигне свеста за учество на јавноста, или таквите напори не се забележани од страна на руралното население.** Во некои случаи, општините треба да се консултираат со своите граѓани со цел да се задоволат нивните потреби. Според анкетата, 18,3% од мажите испитаници и 12,8% од жените испитаници изјавиле дека се запознаени со случаи кога општините имаат побарано мислење од нивните жители. Спротивно на ова, 40,86% од жените испитаници не се запознаени со случаи на вршење консултации, слично како и 27,7% од мажите испитаници.

Ова укажува на две работи: или руралните жители не се свесни за напорите за учество што ги спроведуваат општините или самите општини не допираат до руралните средини или имаат ограничени напори што се однесуваат на поттикнување на учество на граѓаните.

**Со руралните жени воопшто не се консултираат во врска со прашањата поврзани со заедницата, проблемите и политиките.** На крај, во ЦИКП анкетата на руралните жени е наведено дека 88,5% од испитаниците не се запознаени со случаи кога општината се консултирала со женските членови на заедницата. Од нив, 41% се мажи, додека 47,5% се жени. Во овој контекст, не можат да се имаат големи очекувања од општините во однос на донесување родово одговорни одлуки при дефинирањето на развојните приоритети или на локалните политики, кои соодветно би се одразиле на перспективите на руралните жени.

***Табела 36: Консултација со жените***

| *Дали сте запознаени со случаи кога општината се консултирала со женските членови на заедницата?* | *да* | *не* |
|---|---|---|
| мажи | 33 | 247 |
| жени | 36 | 286 |
| *вкупно* | 59 | 533 |

*Извор: ЦИКП анкета на руралните жени и мажи, 2011 година*

## *5.3. Учеството на руралните жени во политиката*

Сè уште постои тенденција политиката во Македонија да се смета за машка професија. Фактот дека во моментов само една жена е претседател на политичка партија и во Владата има само две жени-министри и една заменик-премиер (13%),[26] но ниту една жена не ја

26 Лилјана Поповска е лидер на партијата ДОМ. Во рамките на Владата која беше формирана по предвремените избори од 2011 година, г-ѓа Теута Арифи од ДУИ ја врши функцијата заменик-премиер за европски прашања, г-ѓа Гордана Јанкуловска ја врши функцијата министер за внатрешни работи, а Елизабета Канческа Милевска е министер за култура од ВМРО-ДПМНЕ.

извршува функцијата градоначалник, ниту пак некогаш била избрана за претседател на државата, делумно го потврдуваат ова тврдење. Во една репрезентативна демократија се очекува жените да бидат застапени во сите општествени сегменти, како во владата така и во политичкиот живот воопшто.

### *5.3.1. Рурални жени, избори и политичко раководство*

Од нејзината независност во 1990 година, па сѐ до 2011 година, имаше седум парламентарни изборни циклуси одржани во земјата, од кои пет беа редовни парламентарни избори и два беа предвремени избори. Во текот на овој период беа користени различни изборни модели, и истите имаа поголемо или помало влијание врз застапеноста на жените во македонското Собрание.

Во табелата 37 дадена подолу е претставен нагорниот тренд во бројот на жени-кандидатки за членови во Собранието во периодот по 2002 година, кога во согласност со Законот за избори беше воведена задолжителна определба за вклучување на помалку застапениот пол на кандидатските листи. За жал, *Државната изборна комисија* не располага со поделба на податоците според рурални/урбани средини, со што би се овозможила анализа за тоа дали афирмативните активности преземени во 2002 година имаат некакво влијание врз можностите на руралните жени.

***Табела 37: 1990-2006 година, Кандидати за членови на Парламентот***

| *избори* | *вкупен број кандидати* | *број на мажи* | *% на мажи* | *број на жени* | *% на жени* |
|---|---|---|---|---|---|
| *1990* | 1.158 | 1.099 | 95% | 59 | 5% |
| *1994* | 1.766 | 1.640 | 92, 8% | 126 | 7,2% |
| *1998* | 614 | 561 | 91,4% | 53 | 8,6% |
| *2002* | 3.060 | 1.952 | 63,7% | 1.108 | 36,3% |
| *2006* | 2.700 | 1.745 | 64,6% | 955 | 33,4% |
| *2008* | 1.540 | 1.006 | 63,3% | 534 | 34,7% |

*Извор: Државна изборна комисија и Државен завод за статистика (ДЗС, 2008)*

Првично, политичките партии ја искористија слабоста на законските одредби за минимална застапеност од 30% на двата пола, со ставање на своите сопартијки-кандидатки на недобитни позиции на кандидатските листи за пратеници. На тој начин, и покрај воведувањето на позитивни мерки, застапеноста на жените во Собранието не се зголеми до задоволително ниво. Минималниот праг од 30% застапеност на жените беше достигнат, т.е. жените беа застапени во Собранието со 30% од вкупниот број пратеници, откако имаше промени во Законот за избори во 2006 година (имено, беше одлучено дека мора да биде од помалку застапениот пол секоја трета личност на листата), и учеството на жените се зголеми на 35% во 2008 година, но истиот се намали на 31% на изборите во 2011 година.

***Табела 38: Избрани членови на Парламентот според полот во периодот од 1990-2015 година***

| *изборен период* | *број на жени членови на парламентот* | *% на жени од вкупниот број* |
|---|---|---|
| *1990-1994* | 5 | 4% |
| *1994-1998* | 4 | 3% |
| *1998-2002* | 9 | 8% |
| *2002-2006* | 21 | 18% |
| *2006-2008* | 36 | 30% |
| *2008-2011* | 42 | 35% |
| *2011-2015* | 38 | 31% |

*Извор: Веб-страницата на Националниот парламент (www.sobranie.mk)*
*Забелешка: До 2011 година, Парламентот имаше 120 члена. Од предвремените избори во 2011 година, бројот на пратеници се зголеми на 123 (3 мандати за кои гласаа членовите на дијаспората што живеат надвор од земјата).*

До предвремените избори во 2011 година, жените имаа 42 од вкупно 120 **места во Собранието**, што претставува 35% учество на жените на национално ниво. По предвремените избори од 2011 година, жените имаат 38 од 123 мандати, што изнесува 31% учество. Сепак, и покрај бројот на мандати добиени од страна на жените, важно е да се земат предвид жените што се застапени на клучните лидерски позиции. Во Парламентот што работеше од 2008 година до предвремените избори во 2011 година, 8 жени беа назначени на лидерски позиции во парламентарните тела, што претставува 28% од клучните лидерски позиции, вклучувајќи претседател, заменици-претседатели, претседатели на совет и советодавни тела. По предвремените избори во 2011 година, жените-членови на парламентот беа назначени на девет лидерски позиции, што претставува 32%.[27]

**Албанските партии имаат повеќе жени на управувачки позиции во партијата во споредба со македонските политички партии.** Партиите имаат сопствена управувачка структура што донесува одлуки за идеологијата, политичките вредности и за партиската програма. Анализата на статутите, како основни документи што го регулираат нивното работење, укажува на тоа дека имаат иста или слична структура сите партии .[28] Анализата на присуството на жените во највисоките лидерски позиции укажува на тоа дека имаат повеќе жени на позицијата заменик-претседател албанските партии (двајца од четворица заменици-претседатели, т.е. Нова демократија; еден од двајца, т.е. ДУИ; еден од тројца, т.е. ДПА), додека поголемите македонски политички партии имаат значително помалку (еден од тројца).[29] Само две од овие жени со високи партиски позиции доаѓаат од руралните

27 До предвремените избори во 2011 година, жени-пратеници ги имаа следниве лидерски позиции: една беше заменик-претседател (1 од 3), две беа претседатели на Советодавно тело (од 3) и пет од 21 имаа раководни позиции во Комитетите. По формирањето на Парламентот во 2011 година, жени ги вршат следниве лидерски функции: две ја вршат функцијата заменик-претседател, две се претседатели на Советодавни тела и пет од 21 се претседатели на Комитети.

28 Тие имаат претседател на политичката партија, заменици-претседатели (од двајца до четворица заменици-претседатели), генерален секретар и Извршен одбор (во некои партии истиот се нарекува Централен одбор / Комитет).

29 Во рамки на трите најголеми албански партии, т.е. Демократската партија на Албанците (во понатамошниот текст ДПА), Демократската унија за интеграција (во понатамошниот текст ДУИ) и Нова демократија (во понатамошниот текст НД), може да се забележи учеството на жените на високи менаџерски позиции, бидејќи сите три партии имаат жени заменици-претседатели (во случајот на Нова демократија, две жени заменици-претседатели од вкупно четири заменици-претседатели на партијата), што не е случај со трите најголеми партии од таканаречениот македонски блок, т.е. ВМРО ДПМНЕ, СДСМ и ЛДП.

области: Силвана Бонева (од Струмица) и Мирјана Краја Сејдини (од Врапчиште), но сепак ниту една од нив не може да биде опишана како рурална жена, која ги претставува потребите на руралната жена, поради тоа што тие немаат поведено ниту едно прашање за дискусија што е поврзано со животот на руралните жени. **Слично на ова, анализите за учеството на мажите и жените** во управувањето (извршниот/централниот одбор) на најголемите партии покажуваат дека **имаат најголем процент на учество на жените албанските партии, по што следуваат некои од македонските партии** (на пример: Демократската партија на Албанците има 25% жени во извршниот/централниот одбор, СДСМ има 21,8%, додека останатите партии имаат помалку од 20%). Беше тешко да се одреди учеството на руралните жени, главно поради тоа што не објавуваат урбана/рурална статистика ниту политичките партии ниту Државната изборна комисија.

**Руралните жени остануваат надвор од активната политика.** Како што беше наведено погоре, **многу мал број рурални жени се вклучени во партиски активности** (само 10 рурални жени го наведоа ова во ЦИКП анкетата на рурални мажи и жени од 2011 година  и 14% се изјасниле дека се членови на политички партии во анкетата од 2002 година). За нив, најчестиот начин на учество во политиката е преку гласање на изборите. ЦИКП анкетата на руралните жени и мажи од 2011 година покажува дека гласале на изборите 42,5 % од руралните мажи во споредба со 48,8% од руралните жени. Разликата од 6% во полза на жените претставува позитивна промена за демократскиот процес и за нивното политичко учество во заедницата.

***Табела 39: Гласање на избори***

| *Дали гласате на локалните/ националните избори?* | *да* | *не* |
|---|---|---|
| мажи | 256 | 21 |
| жени | 294 | 29 |

*Извор: ЦИКП анкета на руралните жени и мажи, 2011 година*

**Гласањето во име на друго лице и семејното гласање, кои се забележани во руралните области, ги засегаат руралните жени во однос на нивната автономија во донесувањето одлуки и гласањето за избраната политичка партија.** Според анализите спроведени при подготовка на Стратегијата против семејно гласање или гласање во име на друг на Државната изборна комисија, гласањето во име на друг и семејното гласање беше забележано од страна на невладините организации МОСТ и СЕК како честа појава во регионите лоцирани во западниот дел на Македонија (Тетово, Теарце, Желино, Дебар, Ростуше, Струга итн.). Во овој документ се тврди дека, според моменталната состојба, се нарушува правото на слободно гласање на одредена група граѓани – најчесто маргинализирани жени од руралните делови на западна Македонија. Институционалниот одговор на овие околности досега беше оценет како ограничувачки во однос на помошта на најмаргинализираните групи жени, така што не е јасно дали луѓето што се опфатени со активностите против гласањето во име на друго лице и семејното гласање се всушност членови на овие групи. Информативните материјали што беа дистрибуирани во форма на летоци или печатени пораки на артикли се најчесто во пишана форма, со што се спречува пораката да стигне до неписмените луѓе, кои се најзасегнати од овој проблем. Исто така, тие обично им се обраќаат на жените, со што се потценува улогата на мажите како поттикнувачи на проблемот.

## 5.3.2. Жените и локалната власт

Територијата на Република Македонија е поделена на 85 единици на локална самоуправа или општини (вклучувајќи го градот Скопје). Градоначалникот и Советот на општината се извршните тела на овие општини. Во секој општински совет, членовите на советот се избрани на непосредни избори.
Со оглед на искуството со парламентарните избори и лекциите што беа научени во однос на воведувањето квоти во изборниот закон од 2002 година, истата грешка не беше направена со промените во Законот за локални избори (СВ 54/2011), каде што недоволната застапеност на жените на локално ниво беше решена со следниве измени: „Минимум 30% од помалку застапениот пол треба да биде на првата половина од листата за локалните избори и 30% од помалку застапениот пол треба да биде на втората половина од листата".

***Графикон 28: Избрани општински советници по пол***




*Извор: Државна изборна комисија 2000, 2002, 2005, 2009 година и пресметки на авторот*

На графиконот даден погоре е прикажано дека афирмативните акции за помалку застапениот пол се ефикасни во однос на локалните избори, поради тоа што жените го зголемија своето учество во општинските совети во последните три круга од локалните избори. По изборите од 2009 година, од вкупно 1.391 члена на советот, 373 избрани советници биле жени или 27% (види ги деталите илустрирани на мапата дадена подолу). Во главниот град, жените учествуваат со 19% во градот Скопје, додека во општина Конче нивната застапеност изнесува 0%. Општо земено, 1/3 од општините (29 од 85) имаат совети во кои жените се застапени со над 30% од вкупниот број членови. Општина Крушево има најголем процент жени-членови на советот, 54,5%, и претставува единствена општина каде што жените се мнозинство во советот. Во 3 општини (Ново Село, Радовиш и Зајас) процентот на жени-членови на советот изнесува меѓу 40% и 50%.
Од друга страна, голем процент на општини (**42 %** или 36 од 85) имаат жени-советници

помал број од просечниот. Постои статистички незначителна разлика меѓу застапеноста на жените во руралните и во урбаните области. Во урбаните области, 27,8% жени се членови на општинските совети, во споредба со 26,5% жени што се членови на општинските совети во руралните области.

***Мапа 2: Учество на жените во локалните совети***




ЦИКП, Локални избори, 2009 година

Иако погоре опишаната ситуација е резултат на позитивната дискриминација на жените во изборниот закон, важно е да се истакне дека не е жена ниту еден од сегашните градоначалници. Ова е релевантно во однос на фактот дека Законот за локални избори им овозможува на партиите да номинираат кандидати за градоначалници, а истовремено прифаќа номинации поддржани од (најмалку 10.000) граѓани. Сепак, фактот дека жените немаат важно учество во раководните тела на партиите, резултира со тоа што партиите ретко номинираат жени-кандидати за градоначалници. Историски гледано, партиите номинирале жени за мандат (2005-2009). Во овој изборен циклус, жени беа избрани да раководат со општините Крушево (Лефкија Гаџовска од СДСМ), Центар (Виолета Аларова од ДА и подоцна од ВМРО-ДПМНЕ) и Осломеј (Саније Садику од ДПА). Партиски неопределени жени-кандидатки ретко преземаат иницијатива за кандидатура за градоначалник со поддршка од граѓаните. Изборната кампања е скапа и се смета дека е прилично исцрпувачка и понекогаш заморна, додека истовремено генералната перцепција во земјата е дека ретко можат да мобилизираат гласачи независните кандидати, а особено жените во споредба со политичките партии, а особено во споредба со мажите. Една од причините е фактот дека најчесто се вклучуваат партиски активисти за време изборните кампањи, и поради тоа што има помала веројатност жените да бидат активни партиски членови, тие имаат ограничени можности да допрат до гласачите.

## *5.4. Резиме на поглавје 5 - Социјален живот и учество на руралните жени во општеството и во политиката*

Руралните жени помалку се вклучени во решавањето на секојдневните проблеми во нивната заедница од мажите, иако тие го зголемија своето учество во процесот на донесување одлуки на локално ниво. Најчестите начини на учество при донесувањето одлуки на општинско ниво се партиски активизам и општински состаноци /дебати /јавни расправи. Сепак, мажите се три до четири пати поактивни при донесувањето одлуки на општинско ниво во споредба со жените. Постои незаинтересираност за учество во донесувањето одлуки на општинско ниво и истовремено постои мала свесност за напорите за учество на јавноста спроведени од страна на општините, или пак таквите напори не се забележани од страна на руралните жители. Како резултат на ова, со жените воопшто не се консултираат во врска со прашањата поврзани со општината, проблемите и со политиките. Ова укажува на фактот дека политиките, инструментите за нивна имплементација и конечно, начините на управување за одделните политички области не ги одразуваат потребите на руралните жени и жените не се вклучени во ниту една фаза од процесот на креирање на јавни политики.

Политиката во Македонија сѐ уште се смета за машки домен. Афирмативните акции за помалку застапениот пол спроведени во 2002 година го зголемија учеството на жените во рамки на националната и локалната политика, но влијанието на оваа мерка во однос на можностите за руралните жени останува неутврдено. *Државната изборна комисија* не располага со податоци поделени на рурални/урбани, со што би се овозможило спроведување на ваквата анализа. Истражувањето покажа дека албанските партии имаат повеќе жени носители на високи партиски функции во споредба со македонските политички партии. Се добиваат слични резултати и при анализата на учеството на жените во менаџерскиот/извршниот/централниот одбор на најголемите партии.

Руралните жени остануваат надвор од активната политика. Како што беше погоре споменато, многу мал број рурални жени се вклучени во партиските активности. За време на изборите, во некои области во западна Македонија забележано е гласање во име на друго лице и семејно гласање, каде што жртвите се обично жени од малцинските групи.

# 6. Руралните жени и приватниот живот

Македонското општество е прилично конзервативно определено од патријархалните традиции што силно влијаат врз позицијата на жените во општеството. Првенствената улога на сопруги и мајки во приватната сфера, семејството, им наметнува особено специфична улога на жените во општеството. Во ЦИКП анкетата на руралните жени и мажи од 2011 година, 75% од испитаните рурални жени биле мажени, 16% не биле мажени и 1% биле разведени.[30]

Најголемиот број мажени рурални жени се исто така мајки. Просечната возраст на мајките за вкупен број породувања во руралните средини изнесува 27,1 години, во споредба со 28,4 години на мајките од урбаните средини. Раѓањето на првите деца за руралните мајки се случува на возраст од 24,8 години, додека урбаните мајки раѓаат за прв пат на возраст од 26,8 години. Во двата случаи, руралните жени стануваат мајки на помала возраст (ДЗС, 2011б).

## *6.1. Руралните жени и семејството*

**Руралните жени имаат слобода при изборот на својот сопруг, и покрај цврстите социјални очекувања и патријархалните норми.** Голем дел од руралните жени денес имаат многу поголема слобода при изборот на брачен партнер во споредба со ваквата практика во минатото. Сепак, социјалните норми и очекувања сè уште имаат силно влијание врз одлуката на жените при склучувањето брак и при изборот на сопруг. Многу често, овие социјални норми претставуваат личен избор и дејствуваат како фактори со различен степен на влијание при изборот на сопруг. Кога руралните жени беа запрашани за важноста на нивото на образование, финансиската состојба, етничка и религиозна припадност на нивните потенцијални сопрузи во 2002 година, резултатите покажаа дека етничката и религиозната припадност се најважните фактори при изборот на сопруг за најголемиот број рурални жени (Јакимовски и Матилов 2002: 61-64). Иако овие фактори почесто беа важни за етничките жени Албанки отколку за етничките жени Македонки, сепак во двата случаи, најмалку четири од пет жени без разлика на нивната етничка припадност, ги сметаа нив за многу важни.[31] Резултатите од **анкетата спроведена во 2011 година го потврди ова, покажувајќи дека етнички мешаните бракови и религиозно мешаните бракови сè уште претставуваат реткост меѓу руралните жители**. ЦИКП анкетата на руралните жени и мажи, 2011 покажува дека најголемиот број испитаници (81%) се женети/мажени со личност што има иста етничка и религиозна припадност како нивната. Во само 2.6% од случаите, се склучиле бракови меѓу луѓе со иста религија, но различна етничка припадност, што е карактеристично за албанското и турското население.

30 Резултатите од ЦИКП анкетата на руралните жени се слични со оние презентирани во „Родов концепт во руралните средини во Република Македонија", истражување спроведено во 2003 година (Димитровска, 2003:2).

31 На пример, сите анкетирани жени Албанки (100%) изјавиле дека религијата е многу важна, во споредба со 84,8% од македонските рурални жени. Слично на ова, за 96,5% од албанските жени етничката припадност е многу важен фактор, за разлика од 80,6% од Македонките (Јакимовски и Матилов 2002: 61-64).

*Перспективите на жените од руралните средини*

**Така, резултатите укажуваат на тоа дека руралните заедници се етнички и религиозно хомогени.** Религиозното и етничкото потекло се многу поважни фактори што се земаат предвид, наспрема социјалното и класното потекло на потенцијалните сопружници. Веќе споменатото истражување од 2002 година укажува на тоа дека образованието и финансиската состојба биле сметани за многу важни фактори само за една од три рурални жени, но сепак постоеле значајни етнички разлики: речиси 86% од албанските жени сметале дека финансиската состојба на нивните сопрузи е од големо значење и 82% од нив сметаат дека истото се однесува и на нивото на образование, во споредба со 21% и 23% од етничките жени Македонки соодветно (Јакимовски и Матилов 2002: 61-64).

**Во едно претходно истражување исто така се тврдеше дека традициите и стереотипите се карактеристични за животот на руралните жени,** истакнувајќи дека останува многу важно вреднувањето на улогата на жените како мајки. Најпрво, истражувањето покажува дека во просек сите рурални жени сакаат да имаат 2,2 деца, додека истовремено посакуваниот просечен број деца е малку поголем меѓу постарите жени, жените од земјоделските домаќинства и над 3 деца кај етничките турски и албански жени. Истовремено, 81% од македонските жени сметале дека сопругот не треба да ја напушти својата сопруга под никакви околности доколку тие не можат да имаат дете, во споредба со 58,5% од албанските рурални жени (Јакимовски и Матилов 2002: 42).

**Според ЦИКП анкетата на руралните жени и мажи од 2011 година, најголемиот број брачни парови имаат деца (87,7%).** Најголемиот број македонски семејства имаат две деца (76,7% од вкупниот број на семејства со две деца), додека поголемиот број албански семејства имаат три деца (46,8% од вкупниот број семејства со три деца).

**Општото мислење дека руралните жители обично живеат во пошироки семејства (семејства со три генерации) се потврдува со податоците од ЦИКП анкетата на руралните жени и мажи од 2011 година.** Податоците покажуваат дека ова е случај кај малку повеќе од половината рурални семејства (56,9%) додека останатите (43,1%) се изјасниле дека живеат одделно (иако не мора да значи дека живеат далеку од останатите членови на семејството). Најчесто, турските рурални жители живеат во пошироки семејства (70%), што е карактеристично за само 40% од македонските и албанските семејства. Дискусиите во фокус-групи исто така покажаа дека поголемиот број на учесници жив еат во пошироки семејства. Обично (најмладиот) син продолжува да живее со своите родители и да се грижи за нив, и штом ќе се ожени, неговата сопруга исто така доаѓа да живее во куќата. Жените живеат со своите родители сè додека се омажат, а во случај да не се омажат, тие остануваат во истата куќа и живеат со својот брат/ браќа и снаа/ снаи.

**Рурални гласови 12: Жените ги напуштаат селата, оставајќи ги мажите сами**

*„Само градските жени кои се посиромашни од нас би размислиле да дојдат и да живеат овде. Инаку, никој не сака да дојде. Животот на село е тежок".*
македонски маж од селото Луке

**Сепак, во рамки на дискусиите со целните групи беа забележани бројни примери на неженети мажи во возрасната група од 30 до 40 години.** Овие мажи не можат да се оженат поради недостигот на жени во селото (или во околните села). Постои поголема веројатност жените

да ги напуштат селата и да отидат да живеат во градовите, каде што се мажат. Една од причините зошто мигрираат полесно е фактот дека жените не поседуваат имот и немаат што да изгубат или да добијат доколку ги напуштат селата. Спротивно на ова, жените од градовите не се подготвени да дојдат и да живеат на село, особено ако станува збор за економски неразвиена област. Како резултат на недостигот жени, се забележува појавата на релативно нова практика, спомената во дискусиите во фокус-групи: имено, во различни претежно македонски села, учесниците ја споменаа практиката на купување жени од Албанија. Како што беше објаснето од страна на дискутантите, практиката се состои од плаќање одредена сума пари(најчесто 500 евра) на семејството на невестата (дел од христијанската традиција) што доаѓа од рурални и недоволно развиени региони во Албанија, за таа да се омажи за македонски маж кој живее во рурална и неразвиена средина во Македонија.

**Руралните жени и понатаму се главните што се грижат за децата во рамките на семејството.** Според последното истражување - анкета за користење на времето од 2009 година, руралните жени посветуваат во просек два пати повеќе време на грижа за децата отколку руралните мажи. Иако изгледа дека урбаните жени посветуваат малку повеќе време на овие задачи за разлика од руралните жени, но незначително, тие по сè изгледа почесто го споделуваат овој вид обврски со своите урбани партнери, но сепак тие секојдневно посветуваат повеќе време на грижа за децата од нивните мажи.

***Табела 40: Просечно време кое секојдневно го користат луѓето постари од 10 години на активности поврзани со грижа за децата, само за луѓето кои ги извршуваат овие активности (урбани / рурални и жени / мажи)***

| *активности поврзани со грижа за децата (времето кое се користи секојдневно, во минути)* | *рурална средина* | | *урбана средина* | |
|---|---|---|---|---|
| | **мажи** | **жени** | **мажи** | **жени** |
| вкупен просек на грижа за децата | 71 | 120 | 91 | 129 |
| физичка грижа и надзор на децата | 55 | 94 | 61 | 95 |
| подучувања, играње со децата | 69 | 80 | 76 | 80 |
| останата грижа за децата | 39 | 39 | 37 | 43 |

*Извор*: *Анкета за користење на времето, 2009 година (ДЗС, 2010в: 94)*

Доколку ги погледнеме дополнителните активности, кои се исто така поврзани со грижата за децата (на пр. работи во домаќинството што се често корисни, како за партнерот така и за останатите членови на семејството), како што се: приготвување на храната, миење садови, грижата за тоа секој да има чисти алишта, како и превозот на децата онаму каде што е потребно (училишта, доктори итн.), сликата е повторно понеповолна за руралните жени. Тие користат дополнително време особено при подготовка на храната и пеглање, додека руралните мажи малку придонесуваат или воопшто не придонесуваат. Тие исто така користат значително повеќе време на овие активности во споредба со урбаните жени. (Повеќе детали поврзани со останатите активности во домаќинството се анализирани во следното потпоглавје).

***Табела 41: Просечно време што секојдневно го користат луѓето постари од 10 години на одредени дополнителни активности поврзани со грижа за децата (и грижа за останатите членови на семејството), само за луѓето што ги извршуваат овие активности***

| *дополнителни активности поврзани со грижа за децата* (*времето кое се користи секојдневно, во минути*) | *рурална средина* мажи | жени | *урбана средина* мажи | жени |
|---|---|---|---|---|
| подготовка на храна | 53 | 122 | 49 | 95 |
| перење алишта | 58 | 60 | 52 | 50 |
| пеглање | 0 | 60 | 32 | 52 |
| превезување дете | 28 | 33 | 40 | 38 |

*Извор:* Анкета за користење на времето, 2009 година (ДЗС, 2010в: 94)

## *6.2. Руралните жени и активностите во домаќинството*

**Се забележува родова поделба на активностите во руралните домаќинства.** Врз основа на анкетата за користење на времето, се забележува јасен пример на доминантно машки и женски активности во домаќинството, кои се исти како во урбаните, така и во руралните средини. Приготвувањето на храната, миењето на садовите, чистењето на куќата и физичката грижа и надзор на децата се примарно женски активности, бидејќи тие во просек трошат повеќе време на нив за разлика од мажите. Тука ги вклучуваме и перењето алишта, пеглањето и рачната изработка на облека, за кои жените се во целост одговорни. Од друга страна, само градежните работи и поправките, како и грижата за домашните миленичиња претставуваат примарна одговорност на мажите, но со оглед на потрошеното време, тие во секој случај не се соодветни за обезбедување на еднаква распределба на трудот. Пазарењето намирници и обезбедувањето услуги, како и останатото одржување на домаќинство не се претежно ниту женски ниту машки активности, додека играта со децата исто така се врши од страна на двајцата родители, но во поголема мера од страна на мајката.

Некои активности не се однесуваат на поделбата по полови, туку на урбаниот наспрема руралниот начин на живот. Така, руралните жители од двата пола трошат значително повеќе време на градинарство и на грижата за домашните животни, за разлика од урбаните жители. Заклучокот е дека местото на живеење нема големо влијание врз нееднаквата распределба на трудот. Родовите стереотипи се сè уште длабоко вкоренети во нашето општество, со што се регулираат многу аспекти од нашето секојдневно живеење. Обично се смета дека урбаните жени се поеманципирани од руралните жени, но во однос на распределбата на неплатената работа, ова мислење не е поддржано со факти.

***Табела42: Просечно време (во минути) што секојдневно го користат луѓето постари од 10 години, според активности, во урбани и рурални средини (поделени по пол), само за луѓето што ги извршуваат овие активности***

| *активности во домаќинството* | *рурална средина* | | *урбана средина* | |
|---|---|---|---|---|
| | **мажи** | **жени** | **мажи** | **жени** |
| подготовка на храна | 53 | 122 | 49 | 95 |
| миење садови | 31 | 62 | 31 | 54 |
| чистење на домот | 55 | 72 | 49 | 68 |
| останато одржување на домаќинството | 80 | 50 | 71 | 45 |
| перење алишта | 58 | 60 | 52 | 50 |
| пеглање | 0 | 60 | 32 | 52 |
| рачна изработка и производство на текстил | 126 | 133 | 68 | 122 |
| останата грижа за алиштата | 57 | 12 | 33 | 19 |
| градинарство | 134 | 106 | 120 | 81 |
| грижа за домашните животни | 101 | 80 | 81 | 36 |
| грижа за миленичињата | 39 | 28 | 35 | 18 |
| шетање на кучето | 83 | 66 | 52 | 70 |
| останато градинарство и грижа за миленичињата | 214 | 100 | 119 | 0 |
| изградба и поправки | 117 | 50 | 107 | 135 |
| пазарење и услуги | 56 | 39 | 42 | 37 |
| физичка грижа и надзор на децата | 55 | 94 | 61 | 95 |
| подучување, играње со децата | 69 | 80 | 76 | 80 |
| останата грижа за децата | 39 | 39 | 37 | 43 |

*Извор:* Анкета за користење на времето, 2009 година (ДЗС, 2010в: 94)

Иако најновата анкета за користење на времето не обезбеди подлабока анализа на времето што се троши во активности поврзани со домаќинството и грижата за децата, поранешните истражувања спроведени врз руралната популација укажуваат на тоа дека **образованието и етничката припадност можеби претставуваат фактор за традиционалните стереотипни сфаќања за родовата распределба на активностите во домаќинството.** Кога руралните жители од двата пола биле прашани дали прават разлика меѓу активностите што ги извршуваат машките и женските членови на семејството, повеќе од половината испитаници (58,3%) изјавиле дека тие не прават такви разлики. Нивните мислења не се разликувале значително во однос на полот, возраста или професионалната ориентација. Сепак, помалку образованите луѓе (50%) и Албанците (77%) изјавиле дека, всушност, прават разлика меѓу машките и женските активности. Резултатите од реалната поделба на домашните обврски според истражувањето всушност потврдуваат **дека машко-женска поделба на активности де факто постои кај поголем дел од руралните семејства, иако многумина од нив изјавиле дека не ја согледуваат таквата разлика** (Димитриевска, 2003).

**ЦИКП анкетата и дискусиите во фокусни групи составени од рурални жени ги потврдија овие наоди.** Обично, домашните обврски (чистење, готвење) ги вршат жените,

иако кај некои македонски семејства, во ретки случаи, мажот може да помогне, обично доколку жената е вработена, а мажот не е вработен. Сепак, кога жените се вработени, тие истовремено се грижат и за домашните обврски, и истите ги извршуваат пред одење на работа или откако ќе се вратат од работа. На тој начин целиот товар за одржување на домаќинството паѓа врз жените, проследено со извршување на секојдневните земјоделски активности. Од друга страна, мажите се главно одговорни за активностите за кои е потребна физичка сила, како што се цепењето и носењето дрва, носењето намирници итн. Тие се исто така одговорни за превозот на членовите од семејството, бидејќи тие имаат возачки дозволи.

***Графикон 29. Извршување на домашните обврски меѓу мажите и жените, поделени според етничката припадност***

***29а: Испитаници од македонска етничка припадност***




***29б: Испитаници од албанска етничка припадност***




*ЦИКП анкета на руралните жени и мажи, 2011 година*

Забелешка: Лентите се однесуваат на процентот на испитаници од соодветните етнички групи

**Руралнигласови 13: Машки и женски активности во домаќинството**

*„Мојата жена работи додека јас сум дома со болната ќерка. Не ми е тешко да го подготвам ручекот, а и грижата за ќерката е моја обврска“.*

македонски маж од селото Волково

*„Жените ги извршуваат машките и женските обврски, додека мажите ги извршуваат само машките обврски“.*

македонска жена од селото Гермијан

*„За невработените е полесно да ги поделат домашните обврски, но ако се вработени, тогаш жената има повеќе домашни обврски“.*

македонска жена од селото Грдец

**Кај македонската етничка група се забележуваат промени во сфаќањето за споделување на активностите во домаќинството.** Во рамки на ЦИКП дискусиите со фокус-групи за руралните жени, беше забележано дека концептот на споделување на домашните обврски е подоминантен кај македонските семејства, при што околу половина од испитаниците (мажи и жени) изјавиле дека сопругот и сопругата или сите членови на семејството ги делат домашните обврски. Интересно, во анкетата пак од друга страна, 13% од македонските мажи изјавиле дека ги извршуваат овие работни обврски, иако жените со иста етничка припадност не се согласуваат со нивните изјави. Можеби кај македонските мажи има промени во сфаќањето за машки и женски домашни обврски или пак тие само се обидуваат да се претставаат себеси како поинволвирани во оваа област.

**Извршувањето на домашните обврски и понатаму се смета за доминантно женска активност во албанските и турските семејства.** Останатите етнички заедници главно сметаат дека ова се сè уште женски активности. Во рамките на потрадиционалните албански домаќинства, над 65% од испитаниците (65% мажи и 72% жени испитаници) се согласуваат дека извршувањето на домашните обврски останува да биде главно женска активност. Во турските семејства, од друга страна, постојат големи разлики во мислењата на мажите и жените. Додека мажите во поголем број случаи наведуваат дека ги делат домашните обврски со жените (59% се изјасниле потврдно), 52% од жените мислат дека овие задачи сè уште само тие ги извршуваат.

Кај албанските семејства бидејќи жените не се формално вработени, тие се одговорни за домашните обврски, додека мажите работат надвор од дома, главно како сезонски работници. Во поголемиот број случаи, на жените им е дозволено да работат во рамките на селото, да извршуваат домашни обврски или да вршат одреден вид работа која може да се работи од дома (на пример: шиење). Додека и мажите и жените се вклучени во грижата за децата, жените главно ги преземаат обврските како хранење, облекување, помагање со домашните задачи и воспитување. Сепак, треба да се истакне дека сите домашни обврски бараат време и енергија и оние што ги извршуваат (главно жените) ги вршат бесплатно, додека сезонските и другите видови не/формална (надвор од дома) работа се платени. Ова се однесува на сите етнички заедници.

## *6.3. Моќта на руралните жени за донесување одлуки во рамки на домаќинствата*

**Руралните жени и понатаму имаат подредена улога при донесувањето одлуки во рамки на домаќинствата.** Традиционално во руралните домаќинства, жените имаа подредена улога и немаат влијание во однос на донесувањето важни одлуки што влијаат на семејството. На табелата подолу е прикажано дека главната моќ во донесувањето одлуки во македонските семејства ја имаат мажите. Анализирајќи ги резултатите, можеме да заклучиме дека влијанието на руралните жени врз процесот на донесување одлуки во семејството е помало од влијанието што го имаат мажите. Единствената работа за која тие имаат поголема моќ за одлучување од своите сопрузи е доделувањето работни задачи на децата, што соодветствува со идејата дека жената е домаќинка и таа главно се грижи за децата. Сепак, охрабрувачки е податокот дека, барем според добиените одговори, во поголемиот број домаќинства и жените и мажите донесуваат важни одлуки, подеднакво во сите области. Исто така многу важно, особено за младите девојчиња, е да се нагласи фактот дека во поголемиот број рурални семејства одлуките што влијаат лично на нив ги донесуваат самите деца, како на пример со кого да се омажат (75%), каде да одат на училиште и што да учат (51%). Ова се позитивни трендови што во секој случај немаше да бидат забележани пред 50 години, па дури и до неодамна.

***Табела 43: Донесување одлуки во руралните домаќинства, според руралните жени и мажи***

| *Кој донесува одлуки во вашето семејство во врска со следниве работи?* | *машките членови на семејството* | *сопругот* | *јас и сопругот / сопругата заедно* | *сите членови на семејството* | *сопругата* | *женските членови на семејството* | *децата/ младите* | *вкупно* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| трошење на месечната заработка | 7 | 28,7 | 33.,4 | 20,7 | 8 | 1,2 | 1 | 100% |
| купување нови скапи производи | 5,1 | 23,9 | 37,4 | 21,4 | 9,9 | 0,7 | 1,5 | 100% |
| земјоделско производство или бизнис одлуки | 10,9 | 33,9 | 31,2 | 14,8 | 6,7 | 0 | 2,3 | 100% |
| доколку некој сака да работи надвор од дома | 1 | 42,6 | 28,9 | 10,7 | 15,3 | 0,3 | 1,2 | 100% |
| дали да посетува обука или да научи одредени вештини | 0,7 | 44,3 | 27,1 | 8,7 | 18,1 | 0,3 | 0,9 | 100% |
| за кого да гласа на избори | 1,5 | 42,3 | 11 | 13,5 | 29,2 | 0,2 | 2,4 | 100% |
| образование на вашите деца | 1,3 | 16,3 | 44,1 | 10,9 | 4,2 | 0,2 | 23 | 100% |
| за кого да се омажат/оженат вашите деца | 0,4 | 9,5 | 6,1 | 4,1 | 1,4 | 0 | 78,6 | 100% |
| кога вашите деца ќе се мажат/ жената | 0,4 | 8,6 | 5,9 | 9,7 | 2,9 | 0,2 | 72,3 | 100% |

*Извор:* ЦИКП анкета на руралните жени и мажи, 2011 година

Дадените одговори се усогласени во однос на половите, што значи дека машките испитаници ги дале истите одговори како и руралните жени. Сепак, она што изненадува е фактот дека во однос на одлуките за месечниот буџет, ниту образованието, ниту возраста, па дури ни работниот статус не влијаат значително врз моќта на жените во донесувањето на овие одлуки во рамки на семејството. За жал, овие независни варијабли не беа анализирани во однос на останатите прашања, но сепак укажуваат на тоа дека традиционалниот концепт за улогата на жените во руралните домаќинства е длабоко вкоренет во културата и истиот не зависи од економскиот статус.

**Во ЦИКП анкетата на руралните жени и мажи од 2011 година се наведува дека во албанските семејства мажите донесуваат одлуки во врска со семејниот буџет.** Етничкото потекло влијае врз резултатите – кај 82% од албанските семејства, машките членови на семејството одлучуваат во врска со распределбата на месечниот приход, во споредба со 15% од македонските семејства кои практикуваат сличен начин на донесување одлуки. Авторитетот на таткото/сопругот исто така е поистакнат во албанските и турските семејства кога станува збор за купување поважни производи, додека влијанието на децата е минимално. Исто така, фокус групите го истакнаа податокот дека најстариот машки член на семејството ги донесува важните одлуки во рамките на конзервативните муслимански семејства.

**Рурални гласови 14: Одлуки во врска со вработување**

*„Зошто тој да не те поддржи, ти ќе донесеш пари дома“.*

македонска жена од селото Гермијан

*„Во нашето село мажите одлучуваат дали ќе работиме или не. Во некои семејства, иако има работа за жените, ним не им е дозволено да работат, тоа е менталитет“.*

албанска жена од селото Мерово

**Македонските мажи немаат против нивните жени/ќерки да работат. Машките членови на семејството одлучуваат по ова прашање во албанските рурални заедници.** Целните групи покажаа дека Македонците ги поттикнуваат своите жени и ќерки да работат, со цел да се обезбеди дополнителен приход за семејството. Поголемиот број албански семејства се разликуваат по однос на ова прашање. Доколку жената е пообразована, тие го сметаат вработувањето за нормален чекор, но сепак во случајот со помалку образованите жени, вработувањето најчесто не се смета за опција. Дури и ако е жената мотивирана да бара формално вработување, конечната одлука најчесто ја донесува мажот (сопругот, таткото). Во случајот со полибералните семејства, каде што на жените им е дозволено да работат, тие сепак не бараат работа бидејќи веруваат дека нема да бидат во можност да ја најдат. Согледувајќи ги тешкотиите со кои се соочуваат мажите кога бараат работа, жените сметаат дека ќе биде уште потешко за нив да најдат соодветно вработување.

**Во македонските семејства, одлуката во однос на склучувањето бракови ја донесуваат идните брачни партнери, додека кај некои албански семејства практиката на двете**

**семејства да одлучуваат за браковите останува како традиција.** Сите се согласуваат дека се одамна завршени времињата кога одлучуваа семејствата во име на партнерите, и во денешно време дури и семејството да не е среќно со изборот на брачниот партнер, тие не се мешаат во донесувањето одлуки.

***Табела 44: Донесување одлуки во врска со браковите во руралните домаќинства, според руралните жени и мажи***

| *Кој одлучува во вашето семејство во врска со следниве работи?* | *машките членови на семејството* | *сопругот* | *јас и сопругот / сопругата заедно* | *сите членови на семејството* | *сопругата* | *женските членови на семејството* | *децата/ младите* | *вкупно* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **семејства составени од возрасни етнички Македонци** | | | | | | | | |
| кога вашите деца ќе се мажат/женат | **0** | **8,7** | **4,4** | **3,2** | **4,1** | **0** | **79,3** | 100% |
| за кого ќе се омажат/оженат вашите деца | **0** | **9,9** | **4,9** | **3,2** | **1,7** | **0** | **90,8** | 100% |
| **семејства составени од етнички Албанци** | | | | | | | | |
| кога вашите деца ќе се мажат/женат | **0,6** | **10,4** | **7,3** | **23,8** | **0,6** | **0** | **57,3** | 100% |
| за кого ќе се омажат/оженат вашите деца | **0,6** | **10,3** | **7,3** | **6,1** | **1,2** | **0** | **74,5** | 100% |

*Извор:* ЦИКП анкета на руралните жени и мажи, 2011 година

Сепак, постојат разлики кога станува збор за мешаните бракови, особено меѓу припадници на различни религии. Во однос на старите ергени, ниту религијата, ниту етничкото потекло не се важни. Бидејќи е тешко да се најде невеста, ниту неговото семејство има против тој да земе невеста од различно етничко и религиозно потекло. Во рамките на албанските семејства, постојат одредени разлики. Додека некои ја имаат надминато традицијата двете семејства да одлучуваат за браковите, кај одредени семејства оваа традиција е сè уште доминантна.

**Рурални гласови 15: Одлуки за браковите**

*„Во некои села, тие земаат католички невести од Албанија, и јас го одобрувам тоа; но доколку тие се муслиманки, не го одобрувам“.*
македонски маж, Волково

*„Мојот син има 31 година, и доколку тој одлучи да се жени не ми е гајле кого ќе избере, само нека се ожени“.*
македонска жена, Сопот

*„Младите сами одлучуваат кога станува збор за женење и тогаш разговараат со нас. Во моето семејство нема да има притисок ниту од мене ниту од мојот сопруг, ние имаме меѓусебно разбирање. Времето кога нашите татковци одлучуваа за нас е минато“.*
албанска жена, Долгожди

*„Во нашето село, машките членови на семејството главно одлучуваат за браковите. Но сепак, тие дозволуваат децата да се видат претходно“.*
албанска жена, Мерово

**Рурални гласови 16: Одлуки во врска со образованието**

*„Девојките обично одат на факултет по завршувањето на средното образование, додека мажите често почнуваат со работа по завршување на средното образование.“*

македонска жена, Длабочица

*„Во нашето села, девојчињата не го продолжуваат нивното образование; многу им е далеку. Само момчињата одат. Ова е традиција“.*

албанска жена, Мерово

**Одлуките во врска со образованието на децата, како што беше прикажано во табелата погоре, главно ги донесуваат родителите.** Сите села имаат основно училиште во близина. Бидејќи средното образование стана задолжително, бројот на деца што не се запишуваат во средно училиште значително опадна, без разлика на локацијата на селото и неговиот етнички состав. Сите учесници во ЦИКП фокус-групи со рурални жени и мажи во 2011 година потврдија дека има училишни автобуси/комбиња организирани за превоз до најблиските средни училишта, а децата исто така ги користат и поволностите на бесплатното студентско сместување. Учесниците се согласија дека не се прават разлики меѓу машките и женските деца во денешно време. Во некои села (Долно Дисан, Длабочица, Гермијан, Ново Село, Петровец) женските деца се пообразовани во споредба со машките деца. Единственото село каде што девојчињата не беа подеднакво третирани во однос на образованието беше Мерово, планинско село во близината на Тетово.

## *6.4. Руралните жени и имотот*

**Жените не се сопственици, ниту пак имаат желба да поседуваат имот на свое име.** Ова се одразува во моделите на сопственост во кои машките членови на семејството, без разлика дали тоа е таткото или сопругот, се речиси целосни сопственици на имотот и на материјалните средства.

***Табела 45: Поседување материјални средства во руралните семејства***

| кој поседува | недвижен имот (куќа) каде што живееш | нивата или фармата на која што работиш | машинерија за фармата | заштеда |
|---|---|---|---|---|
| сопругот | 56,9 | 43,7 | 27,6 | 26,8 |
| таткото на сопругот | 23 | 18,5 | 6,8 | 3,5 |
| сопругата | 3,7 | 1,9 | 0,7 | 0,5 |
| мајката на сопругот | 2,2 | 1,5 | 0,5 | 0,2 |
| останати | 12,7 | 11 | 7,8 | 3,5 |
| не поседувам | 1,5 | 23,4 | 56,7 | 65,6 |
| ***вкупно*** | 100% | 100% | 100% | 100% |

*Извор:* ЦИКП анкета на руралните жени и мажи, 2011 година

***Перспективите на жените од руралните средини***

Погоре наведените резултати укажуваат на тоа дека е сопругот членот од семејството што најчесто го поседува имотот. Следен по важност е таткото (под претпоставка дека живеат во исто домаќинство), потоа следува жената и на крај, мајката. Само 5% од анкетираните домаќинства се изјасниле дека жената е носител на правото на сопственост на куќата и овој процент беше поголем во споредба со сите останати видови на материјални средства.

**ЦИКП дискусиите во фокус-групи на рурални жени и мажи од 2011 година исто така го докажуваат фактот дека постојат етнички разлики во донесувањето одлуки во однос на користењето на имотот.** Кај македонските семејства, иако имотот е претежно во сопственост на мажите, одлуките за тоа на кој начин ќе се користи истиот главно се донесуваат заеднички, во консултација со сите членови на семејството, но најчесто меѓу сопругот и сопругата. Кај албанските семејства, постарите машки членови на семејството се доминантни во однос на донесувањето одлуки, додека жените ги поддржуваат нивните одлуки. Сепак, доколку сопругот и сопругата живеат одделно, постои зголемен тренд на заедничко донесување одлуки меѓу брачните партнери.

**Во однос на наследување на имотот, доминантна традиција во сите заедници е мажите да бидат наследници на имотот.** Ретко жените, најчесто вдовиците, имаат некаков имот на свое име. Поголемиот дел од нив не гледаат ништо што дискриминира во оваа традиција. Тие го прифаќаат како нешто нормално, и се придржуваат до него без приговори. Се смета дека жената ќе го однесе имотот што го наследила во друга куќа кога ќе се омажи, и истиот нема да остане во семејството. Традицијата налага на тоа дека дури и ако на жената ѝ се понуди дел од имотот, таа не треба да го прифати.

**Рурални гласови 17: (не) Наследување на имот**

*„Сè што поседува мојот свекор припаѓа на мојот сопруг, ние живееме заедно и тоа е наше. Нема потреба имотот да ѝ се препишува на жената.“*

македонска жена од селото Гермијан

*„Нема потреба да се расправам со брат ми за тоа парче земја. Ќе биде подобро доколку тој ме почитува доволно и ми даде кило компири или нешто од нивата кога ќе дојдам, отколку да се гледаме гневно еден со друг секој ден. “*

македонска жена од селото Длабочица

*„Откако татко ми почина, моите две сестри се откажаа од правото на дел од имотот, и тој беше поделен меѓу мене и моите двајца браќа. Иста беше ситуацијата и кај мојата жена. Кога почина татко ѝ , таа се откажа од имотот и го остави на своите браќа“.*

македонски маж од селото Блатец

**Сепак, се добива впечаток дека традициите во однос на правото на наследство се менуваат кај македонските семејства.** Учесниците на ЦИКП фокус-групи со рурални жени и мажи во 2011 година изјавија дека има зголемен број случаи каде што ќерките добиваат значителен дел од имотот, особено кога станува збор за побогати семејства. Сепак, повеќето од нив веруваат дека е многу тешко оваа традиција во целост да се промени во блиска

иднина. Кај албанските семејства, традицијата во однос на наследувањето на имотот од страна на мажите е уште подоминантна. Сепак, како што напомена еден од учесниците, ова е во спротивност со исламската традиција.

**Рурални гласови 18: Исламот и наследување на имотот**

*“Од религиозна гледна точка, ова (целото наследство да му припадне на мажот) не е точно. Според исламот, кога имотот се дели, мажите треба да наследат две третини, додека жените треба да наследат една третина од имотот“.*

албански маж од селото Желино

## *6.5. Резиме на поглавје 6 - Руралните жени и приватниот живот*

Активностите во домаќинството се главна преокупација на руралните жени и ова е областа каде што родовата нееднаквост е најмногу истакната. Руралните жени трошат поголем дел од своето време на активности во домаќинството, што претставува еден вид неплатена работа, додека руралните мажи компензираат со трошење повеќе часови вршејќи платена работа, иако не во целост, бидејќи тие имаат еден дополнителен час што го користат за слободни активности. Руралните мажи и урбаните жени имаат повеќе време за социјализација од руралните жени. Социјалната вклученост и учеството на руралните жени преку членство во различни организации е многу ограничена.

Руралните жени и понатаму имаат понезначајна позиција во домаќинството, во однос на донесувањето одлуки и во однос на одлуките за месечното буџетирање; ниту образованието, возраста, ниту работниот статус не влијаат значително врз моќта на жените во процесот на донесување семејни одлуки. Ова укажува на тоа дека традиционалниот концепт за улогата на жените во руралните домаќинства е длабоко вкоренет во културата и е независен од економскиот статус. Во ова истражување исто така се истакнува дека во албанските семејства, не сопругот, туку најстариот маж во семејството одлучува за буџетот на домаќинството. Кај македонските семејства, одлуките за склучување брак ги донесуваат идните брачни партнери, додека кај некои од албанските семејства има практика двете семејства да одлучуваат за браковите и иако таа е во опаѓање, сепак постои.

Жените не се сопственици, ниту се заинтересирани да поседуваат имот на сопствено име. Има докази дека постојат етнички разлики во донесувањето одлуки во однос на користењето на имотот. Кај македонските семејства одлуките за тоа на кој начин ќе се користи имотот главно се донесуваат заеднички, во консултација со сите членови на семејството, но најчесто меѓу сопругот и сопругата. Кај албанските семејства, постарите машки членови на семејството се доминантни во однос на донесувањето одлуки, додека жените ги поддржуваат нивните одлуки. Во однос на наследството на имотот, постои доминантна традиција во сите заедници, при што мажите да го наследуваат имотот.

# 7. Политики за создавање на јавна вредност за руралните жени

Во ова поглавје ќе се осврнеме на постојните политики и на институционалните механизми што даваат поддршка на руралните жени. Нашето внимание е насочено кон политиката за еднакви можности и кон политиката за рурален развој. Целна група на првата политика се жените и мажите, додека целна група на втората се руралните средини, нивниот развој и на населението што живее таму. Кон овие политики и механизми се пристапува со хипотезата дека преку нив се обезбедуваат резултати и услуги за руралните жени, кои се значајни за нив (тие ги вреднуваат истите), односно создаваат јавна вредност за руралните жени. За целите на оваа анализа, ние ќе ја користиме аналитичката рамка за создавање на јавна вредност конципирана од Марк Мур.

## *7.1. Вовед во аналитичката рамка за јавна вредност*

Ефективноста на јавниот сектор зависи од тоа дали јавната администрација на ефикасен начин ги спроведува легитимно доделените задолженија – или, според зборовите на Марк Мур – „развој и оперативност на *капацитетите* преку обезбедување ресурси и спроведување активности со цел да се спроведат програмите за кои постои легитимна *поддршка* " (Мур, 2005 година). Така, за да се спроведе една политика потребно е да се донесе **одлука** („да постои средина во која се авторизира"[32]) што да се направи, кој треба да го направи тоа и со какви ресурси ова треба да биде направено; и **капацитет** (според традиционалните школи за јавна администрација, под ова се подразбира технички вештини и знаење) со цел да се спроведе оваа одлука на ефикасен и ефективен начин.

**Дијаграм 1**




*Извор: Мур, М. (2005): „Создавање јавна вредност"*

32 Заб. на прев.: Авторизирачка околина (The 'Authorizing Environment') - дефиниција: Актери од кои менаџерите треба да добијат авторизација и ресурси за да опстанат и да бидат ефективни – *„Креирање јавна вредност преку државните институции" – Марк Х. Мур, Гејлен Вилјамс Мур, 2005 година*

Она што недостига во Дијаграмот 1 даден погоре, во кој се презентира развојот и спроведувањето на политиките, е земањето предвид на тоа дали политиката, правната рамка, програмата и/или финансиските инструменти за нејзино спроведување во суштина се вреднувани од страна на јавноста, а во нашиот случај тоа се руралните жени. Користејќи ја терминологијата на Марк Мур: дали политиките, програмата и финансиските инструменти создаваат јавна вредност.

**Дијаграм 2**




*Извор: „Создавање јавна вредност" (Мур, 2005 година)*

На дијаграмот 2 визуелно е прикажан односот меѓу капацитетот за спроведување на политиките, авторизирачката средина (која е создадена од донесена одлука и/или т.н. легитимна поддршка) која ја создава оваа политика, и вредноста што се создава со оваа политика. Секој круг во дијаграмот ги означува програмите или активностите што ја имаат таа особена карактеристика. На тој начин, на дијаграмот се прикажуваат активности што ги имаат сите три карактеристики, делови каде што се применуваат две карактеристики, и делови каде што се применува само една карактеристика. Како што е прикажано на дијаграмот 2, деловите што се преклопуваат се релативно мали – на пример, активностите за кои организацијата има капацитет, има поддршка, и која навистина се вреднува од јавноста, претставуваат релативно мали делови од целината.

Овој дел од дијаграмот 2 – зоната каде што сите три карактеристики се преклопуваат – може да се смета за лесен дел од работата на државниот службеник. Овде, предизвикот е да се осигури дека овие програми и активности се спроведуваат ефикасно и ефективно, со оглед на тоа дека има обезбедена поддршка од јавноста за нивното спроведување. Предизвикот е да се заврши работата во оваа зона, без да се троши премногу време и

енергија – затоа што тие потенцијални ресурси се многу повеќе потребни во останатите делови од дијаграмот – и да се осигури дека вниманието посветено на нив не се користи како средство за избегнување на потешките, поважните предизвици потребни за останатите делови од дијаграмот.

Останатите делови од дијаграмот ги претставуваат тешките предизвици кои се одделени – стратешки различни еден од друг. Делот каде што капацитетот и поддршката се поклопуваат, и тоа не создава јавна вредност се однесува на политиките, активностите и програмите за кои има обезбедена политичка поддршка (одлука) и организацијата има ресурси – знаење, вештини, луѓе, пари, простор, и така натаму – за да ги спроведе. Единствената тешкотија е тоа што оваа политика, програма (и/или финансиски инструмент) не создава јавна вредност. Другата алтернатива е доколку го земеме предвид делот каде што јавната вредност се создава преку политики, програми и/или финансиски инструменти, но организацијата нема ниту капацитет ниту поддршка од раководните лица за спроведување итн.

Суштинска карактеристика на аналитичката рамка не е тоа што нуди одговори на овие прашања – прашањата во голема мера зависат од контекстот. И добивањето на овие одговори главно ќе зависи од деталите што се однесуваат на секоја ситуација одделно. Корисноста на рамката е во тоа што таа упатува, на организиран начин, кон најрелевантните прашања што треба да бидат одговорени. Во демократските општества, успешните и трајните програми на крајот мора да ги имаат сите три карактеристики – организацијата (на пример, државната институција) мора да биде во можност да ги развие и да ги одржува соодветните капацитети за спроведување на програмата; јавноста (на пр. гласачите, граѓаните) мора да дава постојана поддршка во однос на трошоците за различните ресурси што се потребни за спроведување на програмата, и официјалните лица (на пр. државните службеници) што работат на нив, мора да веруваат дека на тој начин се создава јавна вредност. Работењето во секој одделен дел од дијаграмот претставува различен стратешки предизвик, при што се дефинира преостанатата работа што треба да се изврши преку усогласување на капацитетот и поддршката, со цел да се обезбеди поголема вредност.

## *7.2. Политики и политичко уредување кои обезбедуваат поддршка за руралните жени*

Како што беше споменато погоре, ние овде се фокусираме на политиката за еднакви можности меѓу мажите и жените и политиката за рурален развој. Рамките на овие две политики се сметаат за најрелевантни за руралните жени и истите служат како инструмент за вклучување на личните искуства на руралните жени, како и алатка за трансформација на руралните животи.

### 7.2.1. Политика на еднакви можности меѓу жените и мажите и поддршка за родова рамноправност

Државата е потписник на клучните меѓународни правни инструменти што ги штитат човековите права на жените, како и политичките, економските, социјалните и културните

права. Овие, заедно со целите што треба да се постигнат во рамките на процесот на европска интеграција, претставуваат важна движечка сила за голем број позитивни промени усвоени во земјата во однос на законодавството, политиките и градењето на институциите, вклучувајќи ги оние што се однесуваат на родовата рамноправност. Сепак, според најновите извештаи што се однесуваат на напредокот на Македонија во однос на овие клучни заложби, државата сè уште се соочува со бројни предизвици и недостатоци. Во заклучните коментари на CEDAW Комитетот наведени во најновиот извештај за земјата, како и во последниот Извештај од Европската комисија за напредокот на земјата во евроинтеграциите, во рамките на клучните области на загриженост вклучена е и родовата рамноправност и маргинализацијата на руралните жени. Поконкретно, постои загриженост во врска со големиот степен на економска неактивност и стапките на невработеност кај жените, како и опстанокот на патријархалните ставови и длабоко вкоренетите родови стереотипи што имаат социјално влијание врз младите девојки и жени, и што ги попречуваат нивните можности во приватниот и јавниот живот (ЕК 2010). CEDAW Комитетот ги повикува особено државните актери да имплементираат сеопфатни мерки во руралните области, кои ќе резултираат со промени во широко прифатените стереотипни улоги што ги имаат мажите и жените во македонското општество. Ваквите мерки треба да вклучуваат подигнување на свеста и образовни кампањи што се однесуваат на жените и мажите, девојките и момчињата, со цел да се елиминираат стереотипите поврзани со традиционалните родови улоги во семејството и во општеството, во согласност со членовите 2 (ф) и 5 (а) од Конвенцијата. Во Извештајот за напредок на ЕК во 2010 година се истакнува загриженоста дека *има остварено мал напредок во социјалната вклученост* и особено дека *е малку направено во подобрувањето на правата на жените од руралните средини* (ЕК, 2010: 18).

Од друга страна, анализите на тековната институционална и политичка поставеност во државата укажуваат на тоа дека во Македонија постои поддршка или надлежни органи за прашањата поврзани со родовата рамноправност. Постојат три аргументи кои го потврдуваат ова: (I) постојат мерки со кои се забранува дискриминација по однос на пол и со кои се штитат правата на жените; (II) постои Закон што конкретно се однесува на еднаквите можности меѓу мажите и жените; и (III) има Национален план за акција за родова рамноправност, во кој се вклучени конкретни мерки за постигнување родова рамноправност.

Првото се состои од правна рамка, која ги содржи следниве документи: Устав, Закон за судовите, Закон за јавното обвинителство, Кривичен законик, Закон за спроведување санкции, Изборен законик, Закон за работни односи, Закон за средно образование, Закон за високо образование, Закон за внатрешни

**Објаснување:** CEDAW

**Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените**

CEDAW беше усвоена од страна на Генералното собрание на ОН во 1979 година, и стапи на сила во 1981 година. Досега, 185 земји ја ратификуваа Конвенцијата, вклучувајќи ја и Македонија, која е членка на Конвенцијата од 1994 година (како една од земјите од Поранешна Југославија).

Секоја држава подготвува периодични извештаи за постигнатиот напредок во елиминацијата на дискриминацијата врз жените, како што е наведено во соодветните членови од Конвенцијата. За последниот извештај на земјата, кој беше поднесен во 2011 година, ќе биде дискутирано на CEDAW Комитетот во февруари 2012 година.

Повеќе: http://www2.ohchr.org/english/bodies/cedaw/index.htm

работи, Закон за наследство и Закон за семејство, членовите 3 и 4 од Законот за Култура и Закон за социјална заштита. Оваа рамка го користи концептот за родова рамноправност утврден од страна на ОН. Сите овие документи ги одразуваат заложбите на Македонија, како земја потписничка на Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (CEDAW) и Европската конвенција за човекови права.

Во согласност со погоре споменатите меѓународни обврски и стремежот да се стане земја членка на ЕУ, Македонија го усвои Законот за еднакви можности на жените и мажите во 2006 година, што резултираше во концептуални измени во пристапот за родова рамноправност, промовиран во претходно споменатите законски акти. Концептот за родова рамноправност беше заменет со рамка за еднакви можности, промовирана од ЕУ и CEDAW (Акција Здруженска, 2010 година). Со Законот за еднакви можности на мажите и жените се уредуваат основните и посебните мерки за воспоставување еднакви можности за жените и мажите, институционалната мрежа и нејзините надлежности, процедурата за идентификување на нееднаков третман на жените и мажите, како и правата и должностите на медијаторот за еднакви можности на мажите и жените.

**Националниот план за акција за родова рамноправност** (во понатамошниот текст: НПАРР) го покрива периодот од 2007 до 2012 година. Ова се смета за „основен документ преку кој меѓународните одговорности на земјата (како на пример CEDAW) што се однесуваат на родовата рамноправност се соединуваат и обезбедуваат насоки и мерки за постигнување на родова рамноправност и унапредување на статусот на жените" (според Акција Здруженска, 2010 година). Бројни активности се насочени кон руралните жени, според четирите стратешки цели на НПАРР. Во рамките на стратешката цел 1, се планира изготвување анализа за ефикасното остварување на правата на жените во однос на руралните жени, создавање капацитети за остварување на правата на руралните жени, како и подигнување на јавната свест. Во рамки на стратешката цел 2 се планира отворање на неколку центри за домашна грижа на постари лица, со што ќе се намали бројот на негуватели кај руралните жени. Во склоп на истата компонента, предвидена е студија за стапката на напуштање на училиштето и подигнување на свеста во однос на образованието, со цел да се намали бројот на напуштања на училиштето кај руралните жени. Стратешката цел 3 е насочена кон зголемување на учеството на руралните жени во процесот на донесување одлуки.

**Објаснување:**
**Национален план за акција за родова рамноправност 2007-2012**

Десет стратешки области на дејствување:

1. жената и човековите права;
2. жената во процесите на одлучување;
3. жената и здравјето;
4. жената и социјалната заштита;
5. жената и образованието;
6. жената и вработувањето;
7. жената и насилството;
8. жената и медиумите;
9. жената и мировните активности;
10. жената и животната средина.

Имплементацијата се врши преку оперативни планови во кои се дефинираат активностите, ресурсите и одговорните учесници.

На крај, во стратешката цел 4 вклучени се неколку мерки за вработување на жените од руралните средини, преку: поттик за отворање сопствен бизнис и зголемување на нивното

знаење и бизнис вештини преку едукација и обуки. Исто така, во НПАРР се споменуваат руралните жени на страница 44, каде што се бара „вклучување на жените во имплементација на Стратегијата за подигнување на јавната свест за управување со животната средина и спроведување на еколошките програми за едукација на урбаните и руралните жени, во однос на превенцијата и конкретните активности за заштита и унапредување на животната средина".

Поради тоа, можеме да тврдиме дека политиката за родова рамноправност во Македонија не е во целост слепа, туку ги зема предвид потребите на руралните жени. Сепак, овој документ беше критикуван поради тоа што не се базира на цврсти анализи и како резултат на ова, мерките што се промовираат не ја одразуваат во целост ситуацијата во која се наоѓаат жените од руралните средини. Понатаму, активистите за родова рамноправност од граѓанското општество тврдат дека имплементацијата на НПАРР не е ефикасна поради неколку причини, на пример: планот нема добра структурна поставеност, институционалната мрежа на координаторите за еднакви можности утврдени со Законот за еднакви можност не била искористена во процесот на подготовка на овој план, не постојат механизми за одговорност во процесот на известување за имплементацијата на НПАРР и сл. (Акција Здруженска, 2010 година).

### 7.2.2. Капацитет (институционални механизми) за родова рамноправност

Родовата машинерија во земјата беше воведена со воведувањето на Законот за еднакви можности (во продолжение: ЗЕМ). Тој се однесува и на централното и на локалното ниво на власта. Се состои од следниве инструменти/механизми:

- Сектор за еднакви можности (во продолжение: СЕМ) кој е формиран во рамките на Министерството за труд и социјална политика во март 2007 година. СЕМ се состои од две одделенија: Одделение за родова рамноправност и Одделение за превенција и заштита од секаков вид на дискриминација.
- Координаторите за еднакви можности (КЕМ) беа назначени во ресорните министерства. Нивното назначување и задолженија се регулирани со член 13, став 3 -5.
- Парламентарна Комисија за еднакви можности формирана во Националниот парламент, во согласност со ЗЕМ. Оваа комисија функционира од септември 2006 година, и има задача да врши мониторинг на правната регулатива што ја предлага Владата, од аспект на родовата рамноправност.
- Комисии за еднакви можности на жените и мажите (КЕМ) и Координатори за еднакви можности на жените и мажите, во рамки на единиците за локална самоуправа, формирани и воведени во единиците на локалната самоуправа со донесување на ЗЕМ во 2006 година. Во моментов, постојат околу 75 назначени координатори, и беа формирани исто толкав број на локални комисии за еднакви можности. Нивните членови се избрани општински советници од различни политички партии, со мандат од 4 години. Овие комисии подготвуваат и усвојуваат локални акциски планови за родова рамноправност.

***Перспективите на жените од руралните средини***

Оваа институционалната мрежа за еднакви можности би требало да обезбеди поддршка во остварувањето на севкупните цели за родова рамноправност. Сепак, според застапниците за родова рамноправност (Акција Здруженска, 2010 година) постојат неколку предизвици што ги спречуваат во остварувањето на овие цели:

1. Во тековниот Акциски план за родова рамноправност нема јасни препораки во однос на спроведувањето на Законот, и при тоа координаторите за еднакви можности на централно и на локално ниво немаат јасни цели во однос на тоа што треба да направат;
2. Претходното е тесно поврзано со друг критичен предизвик, кој претставува недостиг на јасен опис на работните задачи на координаторите за еднакви можности на локално и на централно ниво на власта. Со ова се попречуваат активностите на мрежата, како и остварувањето на севкупните цели пропишани со ЗЕМ;
3. Не постои буџет наменет за остварување на целите за родова рамноправност или на целите за еднакви можности. СЕМ главно е зависен од финансиската помош од донаторските агенции, како што се: Агенцијата на ОН за заштита на правата на жените (UN Women), ОБСЕ или Програмата за развој на Обединетите нации (UNDP);
4. Заклучно, во склоп на тековната рамка, СЕМ има ограничени овластувања во однос на координацијата и вклучувањето на родовата перспектива во сите развојни политики на централно и на локално ниво.

Исто така, постојат заштитни механизми во однос на родовата дискриминација. Во делот подолу истите се подетално објаснети.

Во согласност со членот 23 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, од декември 2009 година, во Секторот за еднакви можности во рамки на Министерството за труд и социјална политика е вработен правен застапник за еднакви можности, кој треба да служи како медијатор при спроведувањето на процедурите за идентификација на нееднаков третман меѓу мажите и жените. Оваа процедура може да се однесува на нееднаквиот третман и во јавниот и во приватниот сектор, и постои координација во работата со останатите институции, како што се инспекциите и народниот правобранител. Од крајот на 2009 година, бројот на добиени поплаки, кои се однесуваат на родовата дискриминација, изнесува две. И двете се поднесени од машки граѓани и се однесуваат на правата според законот за семејство.

Законот за превенција и заштита од дискриминација ја поставува основата за формирање на независна седмочлена непрофесионална Комисија за заштита од дискриминација (Службен весник бр. 50/2010). Надлежностите на Комисијата делумно се преклопуваат со надлежностите на народниот правобранител, како и со оние на правниот застапник за еднакви можности вработен во министерството. Доколку некое лице смета дека е предмет на некаква форма на дискриминација, таа/тој може да поднесе жалба до Комисијата за антидискриминација, којашто дискутира и дава совети и препораки за расположливите мерки за заштита во рамки на судовите и останатите институции. Досега, Комисијата разгледувала само еден случај што се однесува на родова дискриминација. И повторно,

жалбата е поднесена од страна на машко лице и истиот го обжалува правото на детски додаток на мајка со три деца[33].

Законот за народен правобранител беше изменет во 2009 година, со што се обезбеди можност за формирање на Секторот за антидискриминација (Службен весник бр. 60/2003). Оттогаш, беше вработен дополнителен персонал, и народниот правобранител почна со преземање активности во случај на нееднаков третман во јавниот сектор врз основа на полот. Еден од замениците на народниот правобранител има надлежност да постапува во случаи на дискриминација според полот. Во 2010 година, бројот на жалби поднесени од страна на граѓаните се зголемил за 11% во споредба со 2009 година. Сепак, нема достапни официјални податоци во врска со соодносот на жалби поднесени од страна на мажи и жени (Канцеларија на народниот правобранител, 2010 година). До овој момент, нема регистрирано случај на поднесена жалба до канцеларијата на народниот правобранител што се однесува на полова дискриминација. Иако биле советувани дека нивниот случај претставува дискриминација врз основа на полот, ниту еден од апликантите не сакал да ја поднесе жалбата како форма на дискриминација[34].

Како што може да се забележи, заштитните механизми не се многу ефикасни, што главно се должи на нискиот степен на информираност на македонските граѓани за нивното постоење, како и недоволната запознаеност со постапките за примена на овие механизми. Сепак, главната причина поради нивната неефикасност е фактот дека многу е тешко да се докаже родовата дискриминацијата на работното место, како и недостигот од институционални алатки што ќе помогнат во обезбедувањето докази во таквите случаи: т.е. во случај на нееднаков паричен надомест, пример за институционална алатка може да претставува евалуацијата на работното место, при што може да се констатира родова дискриминација (Казанџиска, Ристеска и Шмидт, 2011 година).

### 7.2.3. Каква вредност создава родовата рамноправност за руралните жени?

ЦИКП анкетата на руралните жени и мажи од 2011 година обезбеди примарни докази во врска со некои од прашањата поврзани со родовата дискриминација. Анкетата покажа дека многу рурални жители сметаат дека почувствувале една или друга форма на дискриминација. 16,7% од сите испитаници чувствуваат дека тие биле предмет на дискриминација, и овој процент е речиси двојно поголем кај мажите (21,6%) отколку кај жените (12,4%). Оваа разлика може да се објасни со фактот дека мажите се повеќе вклучени во јавниот и во општествениот живот, ова особено се однесува на етничките малцинства, и поради тоа, тие: а) може да имаат поголем степен на свесност за дискриминацијата како таква и б) имаат повеќе можности да доживеат дискриминација при контактот со институциите.

33 Интервју со Јован Ананиев, член на Комисијата за антидискриминација (28 март, 2011 година).
34 Интервју со Уранија Пировска, државен советник за меѓународна соработка и односи со јавноста.

*Перспективите на жените од руралните средини*

***Графикон 30: Дискриминација***




*Извор: ЦПРМ анкета на руралните жени и мажи, 2011 година*

Се чини дека најчестиот вид дискриминација се врши врз основа на етничката припадност (види ги основните видови дискриминација, наведени по редослед на зачестеност во табелата подолу), бидејќи овој вид дискриминација беше најчесто наведуван од страна на испитаниците што изјавиле дека биле предмет на дискриминација. Етничката дискриминација е најприсутна меѓу албанското и турското рурално население – секој десетти Албанец или Турчин изјавил дека се почувствувал дискриминиран. Вториот најчест вид дискриминација е политичкиот, по што следува според религиозната припадност. Најретки видови дискриминација што беа наведени се социјалниот статус и родот. Додека политичките и религиозните видови дискриминација беа почесто споменувани од страна на мажите, социјалната и етичката дискриминација се еднакво (или речиси еднакво, во вториот случај) присутни меѓу жените и мажите. Родовата дискриминација, според изјавите на многу мал број рурални жители (три жени и двајца мажи) е единствениот вид дискриминирачка практика што ја доживуваат повеќе жените отколку мажите, дури и во незначителна мера.

***Табела 46: Случаи на дискриминација, според изјавите на мажите и жените***

| *Доколку вие сте биле предмет на дискриминација, која беше причината за дискриминацијата? (број на случаи)* | *дискриминирани мажи (%)* | *дискриминирани жени (%)* | *вкупно* |
|---|---|---|---|
| **каков било вид дискриминација (100)** | **60%** | **40%** | **100%** |
| етничка (30) | 56,7% | 43,3% | 100% |
| политичка (25) | 68% | 32% | 100% |
| религиозна (12) | 58,3% | 41,7% | 100% |
| социјален статус (8) | 50% | 50% | 100% |
| родова(5) | 40% | 60% | 100% |
| останато (3) | 25% | 75% | 100% |

*Извор: ЦПРМ анкета на руралните жени и мажи, 2011 година*

Религијата беше наведена како основа за дискриминација во 12% од случаите. Од нив, две третини од испитаниците беа муслимани, а една третина православни христијани. Имајќи ги предвид податоците што се однесуваат на религиозната дискриминација во нашиот примерок, можеме да заклучиме дека муслиманите се религиозна група што е предмет на дискриминација врз основа на религиозната припадност во руралните средини. Од друга страна, политичката дискриминација (врз основа на членство во политичка партија или симпатии) во поголемиот број случаи беше наведена од страна на етничките Македонци (22 од 25). Кога станува збор за дискриминацијата врз основа на социјалниот статус, испитаниците нагласиле дека нивното социјално потекло, не само во однос на приходот, туку и во однос на потеклото (урбано наспрема рурално) и образованието (писмени наспрема неписмени) се предмет на дискриминативни ставови и практики. Седум од осум случаи од таков вид се наведени од страна на етнички Македонци и еден таков случај бил наведен од страна на етнички Турчин. Со цел да се комплетира целокупната слика, пријавените случаи за дискриминација врз друга основа вклучуваат возраст (еден случај) и хендикеп (два случаи).

Врз основа на добиените резултати, би можело да се заклучи дека нивото на свест за родовата дискриминација е релативно ниско, изненадувањето е дури и пониско кај жените, при што ова ја попречува реализацијата на други активности поврзани со родовата рамноправност, како што се еднаквата застапеност во политиката, економијата и еднаквата распределба на одговорностите во општеството и дома.

## *7.3. Политичка рамка за зголемување на вработувањето и справување со сиромаштијата*

### 7.3.1. Поддршка за зголемување на вработувањето и справување со сиромаштијата

Националната стратегија за вработување (2007-2010) поставува една многу важна цел во однос на жените: да се зголеми стапката на вработување кај жените од 30% во 2005 година до 38% во 2010 година (стр.13). Политиките за кои се смета дека ќе го олеснат постигнувањето на оваа цел се следниве: (I) приближување на македонското законодавство кон она на ЕУ во однос на еднаквите можности; (II) подготовка на едукативни програми што ќе ги зголемат можностите на жените за нивно вработување во секторите каде што тие се помалку застапени; (III) реформи во малите и средни претпријатија и поттикнување на претприемништвото кај жените; развој на мрежа од приватни и јавни детски установи.

Програмата за мерки за активно вработување од 2011 година дава поддршка на Стратегијата за вработување на Владата, преку преземање бројни мерки што се однесуваат на вкупно 6 целни групи: млади невработени, невработени Роми, невработени професионални војници, невработени луѓе од енергетскиот сектор, луѓе невработени подолго од 6 месеци и жени невработени подолго од 3 месеци (при што жените од малцинските етнички групи ќе бидат позитивно дискриминирани). Програмата исто така ги опфаќа жените што се жртви на семејно насилство, преку специјални мерки што имаат цел економски да ја зајакнат оваа целна група.

***Перспективите на жените од руралните средини***

Вработувањето се смета за еден од начините за намалување на зависноста на жените од нивните сопрузи, но исто така и еден од начините за намалување на социјалната исклученост поради сиромаштија на жените во поодминати години . Доколку жените се вработени, тие имаат право на надоместоци (како што се старосна пензија). Националниот план за акција за родова рамноправност (2007-2012) се фокусира на подобрување на положбата на жените на пазарот на трудот[35]. Во овој документ се наведува дека регулирањето на работниот статус и статусот на земјоделец за жените од руралните средини се релевантни за неутрализација на факторите за социјална исклученост на руралните жени.

За таа цел, Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост за периодот од 2010-2020, беше усвоена во текот на 2010 година. Овој документ ги идентификува факторите што беа претходно споменати во оваа студија, а кои влијаат врз пристапот до здравствените и образовните услуги на луѓето што живеат во рурални средини. Понатаму, во стратегијата исто така се дискутира за недостигот од институционални механизми за долгорочна грижа за старите лица, што е особено проблематично за руралните средини, каде што исто така недостига и пристапот до специјализирани здравствени установи. Се препорачува жените што припаѓаат на етничките групи да се сметаат за дел од социјално исклучените групи население. Во однос на вработувањето на овие групи, се препорачува основање на зони за вработување што ќе го промовираат вработувањето преку афирмативни мерки.
Имајќи предвид дека од 2006 година Македонија го има усвоено Законот за еднакви можности и има спроведено низа мерки во областа на образованието (задолжителното средно образование, дисперзирањето на високото образование и намалувањето на школарината), и имајќи го предвид зголемениот број на образован кадар на пазарот на трудот, можеме да заклучиме дека мерките дадоа придонес во зголемување на учеството на жените на пазарот на трудот. Сепак, поддршката на жените преку разни мерки (обуки, субвенции и активни мерки за вработување) мора да биде зајакната. Анализата на Активните мерки за вработување за која ќе биде дискутирано во следното потпоглавје (во понатамошниот текст: АМВ) покажува дека родовата перспектива не е земена предвид при проектирањето и при спроведувањето на овие мерки. Покрај тоа, овие мерки не се насочени кон економски неактивното население (Малеска – Сачмароска и др., 2010 година), иако најчесто руралните жени се неактивни како што беше прикажано погоре во оваа студија. Иако анализата се однесува на АМВ од 2009 година, нема измени во мерките од 2010 и 2011 година, со цел истите да се усогласат со препораките на аналитичкиот тим (освен за мали подобрувања во однос на обезбедувањето податоци поделени по пол). Активностите за зајакнување на процесот при барањето работа и учењето вештини, за жените треба да бидат неразделно поврзани со мерките за развој на подобра инфраструктура и услуги (како што е грижата за децата). И во двете активности треба да се земат предвид предизвиците што произлегуваат од културните околности на руралното население во Македонија, коешто е многу конзервативно и патријархално.

35 Националниот акциски план ја наведува потребата од воведување на родовиот концепт при креирањето на политиките, при развојот на програмите и мерките за активно вработување и тој ги опфаќа жените што се корисници на социјална помош, што се жртви на семејно насилство и што се останати форми на исклученост.

### 7.3.2. Капацитет за зголемување на вработувањето и искоренување на сиромаштијата

Поддршката за зголемување на вработеноста се стимулира преку Активните програми на пазарот на трудот, како и преку дополнителни конкретни или пилот-проекти, кои главно се реализираат со поддршка од страна на странски донатори и пред-пристапни фондови што ги обезбедува Европската унија. Во тој контекст, бројни институции се вклучени во процесот на подготовка и имплементација на овие програми, вклучувајќи го Министерството за труд и социјална политика (МТСП), Агенцијата за вработување на РМ (АВРМ) преку центрите за вработување, Агенцијата за поддршка на претприемништвото (АППРМ).

Како што е прикажано на табелата подолу, активните политики за вработување обезбедуваат расположливи податоци за анализа на родовите прашања од 2009 година, во однос на: програмите за самовработување, субвенционираните програми за вработување и програмите за подготовка за вработување.

**Табела 47: Преглед на активните мерки за вработување (АМВ), планирани и потрошени средства за секоја програма.**

| вид програма | буџети во денари (П - планирани и Р – реализирани буџети) | | | учество во вкупниот АМВ буџет | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2007 | 2008 | 2009 | 2007 | 2008 | 2009 |
| програма за самовработување | П: 73.000.000<br>Р: 99.506.409 | П: 97.236.600<br>Р: 02.487.500 | П: 122.407.300 | 0,37<br>0,54 | 0,51<br>0,54 | 0,53<br>- |
| програма за формализирање на постоечки бизниси | - | П: 18.136.500<br>Р: 19.513.500 | П: 47.000.000 | - | 0,09<br>0,10 | 0,20 |
| програма за подготовка за вработување | - | П: 61.363.600<br>Р: 50.776.000 | П: 21.546.560 | - | 0,32<br>0,27 | 0,93<br>- |
| програма за субвенционирано вработување | П: 111.800.000<br>Р: 76.338.400 | П: 110.150.000<br>Р: 94.436.000 | П: 339.006.000 | 0,57<br>0,41 | 0,57<br>2,70 | 1,46<br>- |
| програми за обука/стажирање | - | П: 360.000.000<br>Р: 1.692.000 | П: 13.500.000 | - | 1,87<br>0,00 | 0,06<br>- |
| програми за активно вработување (локална инфраструктура) јавни работи во локалната самоуправа | П: 27.600.000<br>Р: 19.797.915 | - | П: 228.980.000 | 0,14<br>0,11 | - | |
| ангажирање на невработени лица од неразвиените региони во изведување на градежни работи и работа на еколошки проекти | П: 19.000.000<br>Р: 20.180.970 | - | - | 0,10 | - | - |
| обуки и консултации за невработените лица | П: 50.000.000<br>Р: 50.000.000 | - | - | 0,26<br>0,26 | - | - |
| пилот-анкета за слободни работни места | - | - | П: 730.000.000 | - | - | 3,15<br>- |
| подобрување на економската ситуација на жените жртви на семејно насилство | - | - | П: 35.000.000 | - | - | 0,15<br>- |
| програма за поддршка на лица од ромска националност | - | - | П: 4.800.000 | - | - | 0,02<br>- |

*Извор: Според Малеска – Сачмароска и др. 2010 година (стр. 40, табелата е приспособена)*

***Перспективите на жените од руралните средини***

Студијата „Родово-буџетска анализа на социјалната заштита и активни политики за вработување” врши проценка на ситуацијата и на тековните институционални капацитети. Во неа се укажува на предизвиците во однос на: недостигот на податоци дисегрегирани по пол за корисниците на средствата во рамки на соодветните мерки, со што се оневозможува соодветна споредба; како и недостигот на податоци за следење на трендовите. Така, една од клучните препораки за зајакнување на капацитетите и за обезбедување ефикасна имплементација на оваа политика е подобрување во однос на прибирањето и обезбедувањето податоци (Малеска – Сачмароска и др., 2010 година).

Анализата на јавно достапните податоци објавени од Агенцијата за вработување (во понатамошниот текст АВРМ) во последните години укажува на подобрување во известувањето за податоците дисегрегирани по пол, во однос на корисниците на услуги. Сепак, јавно достапните податоци не овозможуваат рурална/урбана споредба. Прегледот на достапните податоци од АВРМ од 2008 до 2010 година презентирани подолу, даваат резиме во однос на корисниците и како такви отвораат дискусија во однос на неколку прашања. Подеталниот преглед на табелата укажува на тоа дека жените имаат поголеми шанси да бидат вклучени во индиректни видови поддршка (на пр. обуки) со несигурен потенцијал за директно и видливо подобрување на нивниот економски статус или пристап до можности за добивање приход (како што се кредитите). Жените имаат мало ниво на учество во најважните мерки што се фокусираат на самовработување, вклучувајќи директна поддршка преку финансиските механизми за отпочнување  или за развој на бизнисот (варираат од 25 до 40%). Овие мерки би можеле да претставуваат особено важна можност за жените од руралните средини, каде што секако има недостиг од можностите за вработување (сепак, треба да се истакне дека најголемиот број рурални жени се неактивни, и на тој начин не ги исполнуваат условите за овие програми сè додека не се регистрираат како невработени лица).

Од друга страна, мажите корисници не само што преовладуваат во програмите што се однесуваат на директна поддршка за самовработување, вклучувајќи и пристап до кредити, но исто така и во апсолутни бројки (во споредба со останатите мерки) се побројни од жените корисници на останатите програми. Со други зборови, податоците укажуваат на тоа дека мажите имаат поголема корист од пристапот до поголеми финансиски средства преку вклучувањето во овие програми, за разлика од жените кои сепак доминираат во останатите програми. Жените се почесто вклучени во програмите што можат да се категоризираат како „помалку или без пари/кредит”, како што се обуки и стажирање (види ги деталите за обуки во прилог табелата 2.3). Генерално, иако деталните буџети не може да се анализираат, податоците за основните корисници укажуваат на тоа дека имплементацијата на АППТ најверојатно има помало влијание врз поддршката на пристапот до директни пари/кредит за жените, за разлика од корисниците кои се мажи.

**Табела 48: Податоци дисегрегирани по пол за Активните мерки за вработување**

| соодветни програми и години | број на корисници | | | процентуално учество | |
|---|---|---|---|---|---|
| | вкупно | жени | мажи | жени | мажи |
| **Програма за самовработување** | | | | | |
| 2008 | 500 | 187 | 313 | 37,4 % | 62,6 % |
| 2009 | 654 | 245 | 409 | 37,5 % | 62,5% |
| 2010 | 700 | 280 | 420 | 40 % | 60 % |
| **Програма за формализирање на постојните бизниси** | | | | | |
| 2008 | 113 | 33 | 74 | 29,2 % | 65,5% |
| 2009 | 250 | 74 | 176 | 29,6 % | 70,4% |
| 2010[36] | 250 | 62 | 188 | 24,8 % | 75,2 % |
| **Програма за подготовка за вработување (обуки, повторни обуки)** (повеќе детали во прилог табелата А2.3) | | | | | |
| 2008 | 1716 | нема податоци поделени по пол | | | |
| 2009 | 244 | 187 | 57 | 76,6 % | 30,5 % |
| 2010 | 280 | 167 | 113 | 59,6 % | 40,4 % |
| **Програма за субвенционирано вработување** | | | | | |
| 2008 | 219 | 115 | 104 | 52,5 % | 47,5 % |
| 2009-2010 | нема податоци поделени по пол | | | | |
| **Стажирање за млади луѓе под 27 години** | | | | | |
| 2008 | 141 | 86 | 55 | 60,9 % | 39 % |
| 2009 | 120 | 60 | 60 | 50 % | 50 % |
| 2010 | 142 | 83 | 59 | 58,5 % | 41,5 % |
| **Пилот-анкета за слободни работни места** (корисниците се невработени луѓе ангажирани како анкетари) | | | | | |
| 2009 | 89 | 64 | 25 | 71,9 % | 28,1 % |
| 2010 | 58 | 46 | 12 | 79,3 % | 20,7 % |
| **Економско зајакнување на жените – жртви на семејното насилство** | | | | | |
| 2010 – субвенционирано вработување | 8 | 8 | - | 100% | - |
| 2010 – самовработување | 20 | 20 | - | 100% | - |
| **Програма за поддршка на ромското население** | | | | | |
| 2009 | 16 | 10 | 6 | 62,5 % | 37,5% |
| 2010 | нема податоци поделени по пол | | | | |

*Извор: АВРМ 2009, АВРМ 2010, АВРМ 2011.*

Споредбата меѓу мажи и жени корисници на програми што се различни од АМВ програмата, укажува на модел сличен на претходниот. Жените се доминантната целна група во однос на мерките што обезбедуваат индиректна поддршка, каде конкретното и директно влијание врз промената на работниот статус е доведен во прашање (како совет, информации и обуки). Спротивно на ова, мажите многу почесто имаат корист од можностите за директна

36 Од нив 22 се регистрирани како индивидуални земјоделци (нема поделба по пол, според АВРМ од 2011 година).

поддршка, како обезбедување пари/кредит или вклучување во активности преку кои се стекнуваат со материјална корист (како програмата за јавна работа или програмата за поддршка за пристап до кредит за самовработување).

**Табела 49: Учеството на жените во програмите за вработување (освен оние на АМВ)**

| вид програма | корисници | | |
|---|---|---|---|
| | сите | жени | жени (% од сите) |
| **Програма за јавна работа** | | | |
| 2009 | 4.983 | 625 | 12,5 % |
| **Проект – самовработување со кредити**[37] | | | |
| 2008-2009 кумулативни податоци | 3.310 | 1.041 | 31,45 % |
| 2010 – кумулативни податоци | 3.093 | податоците не се дисегрегирани по пол | |
| **Професионална ориентација и совет** (за студенти и невработени луѓе) | | | |
| 2008 – сите услуги | 26.376 | 13.740 | 52,1 % |
| 2009 – професионални информации | 11.464 | 6.301 | 54,9 % |
| 2009 – совет, професионална ориентација | 2.031 | 1.209 | 59,5 % |
| 2010 – сите услуги | 21.672 | 12.700 | 58,6 % |
| 2010 – професионални информации | 16.827 | 9.404 | 55,9 % |
| 2010 – совет, професионална ориентација | 2.804 | 1.702 | 60,7 % |

*Извор: АВРМ 2009, АВРМ 2010, АВРМ 2011.*

Во последниот извештај на АВРМ е наведено дека Агенцијата потпишала договор со ЕК за спроведување на Проектот „*Поддршка за вработување на млади луѓе, долгорочно невработени и жени",* како дел од ИПА компонентата IV. Проектот ќе вклучува 3 компоненти – стажирање за млади луѓе, обуки за професионални вештини и обуки за потребните вештини на пазарот на трудот (АВРМ 2010 година). Иако деталите за статусот на спроведување сè уште не се достапни, фокусот на целните групи наведени погоре нуди исто така можност за руралните жени да имаат корист од оваа програма, под услов тие да станат активни и да се регистрираат во АВРМ. Би било корисно мерките да станат предмет на подетална родова анализа откако податоците ќе бидат достапни.

Заклучокот е дека јавните извештаи на АВРМ не даваат конкретни анализи на вклученоста на руралните жени. АВРМ обезбедува основен тип податоци по категории во апсолутни бројки, а во некои случаи има поделба по возраст и пол (сепак, не споредбени), или во случај на конкретни мерки што се фокусираат на конкретни целни групи што се соочуваат со одреден социјален ризик (како самохраните родители или жртвите на семејно насилство). Недостигаат дополнителните аспекти – кои се од суштинско значење за неучеството на пазарот на трудот – кои ги вклучуваат лицата со посебни потреби и руралната/урбаната поделба. Исто така, не се достапни податоците што се однесуваат на буџетската распределба по корисници на овие програми.
Во склоп на политичката рамка за искоренување на сиромаштијата, која беше поставена со усвојување на Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната

37 42,8 % од кредитите беа доделени во областите на земјоделството, ловот и шумарството, но нема податоци дисегрегирани по пол за овие бизниси (АВРМ 2010 година), соодветно, 44,2 % од 2010 година кумулативно или вкупно 1.318 кредити (АВРМ 2011 година).

исклученост 2010-2020 и со усвојување на Законот за социјална заштита (во јуни 2009 година), беа воведени нови параметри за користење на социјалната помош. Промените (т.е. одредување на носителот на правото и одредување на износот на социјална помош во зависност од големината на домаќинството и времетраењето за остварување на тоа право) сепак немаат ефект врз еднаквата распределба меѓу мажите и жените корисници на оваа социјална помош. Како што е претставено во следната табела, постои огромна разлика меѓу корисниците на социјална помош во однос на полот.

Иако социјалната помош се дава на семејството, според анализите (Малеска – Сачмароска и др., 2010 година) се определува еден член од семејството како носител на ова право и истиот ја добива соодветната парична помош. Ова лице се утврдува на начин со кој се дава приоритет на економски активните членови наспрема неактивните, имено најпрво се избира вработеното лице, доколку тоа не е можно, за носител се назначува пензионерот во семејството, а доколку и ова не е можно, тогаш носител е невработеното лице. Откако ќе се исцрпат сите овие опции (или можниот кандидат не е во состојба да ги исполни обврските), друго лице може да биде одредено од страна на ЦСР[38]. Авторите на „Родово-буџетска анализа на социјалната заштита и активните политики за вработување" укажуваат на тоа дека доминантноста на мажите корисници на социјална помош е „поради традиционалната улога на мажите како обезбедувачи на средства за семејството, или можеби жените не ја прифаќаат оваа дополнителна обврска поради презафатеноста со домашни активности" (Малеска – Сачмароска и др., 2010 година).

**Табела 50: Податоци дисегрегирани по пол за користењето на мерките за социјална помош за искоренување на сиромаштијата**

| година | трошоци по корисник | број на домаќинства | | | | | процентуално учество | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | вкупно | жени | трошоци | мажи | трошоци | жени | мажи |
| 2004 | 2.149,00 | 67.260 | 13.803 | 29.662.647 | 53.457 | 114.879.093 | 21 | 79 |
| 2005 | 2.186,00 | 66.918 | 12.939 | 28.284.654 | 53.979 | 114.867.312 | 19 | 81 |
| 2006 | 2.158,00 | 66.336 | 13.011 | 28.077.738. | 53.325 | 115.075.350 | 20 | 80 |

*Извор*: Малеска – Сачмароска и др., 2010 година

Висината на износот на социјална помош е многу мала (2.140 МКД, зголемено за коефициент од 0,37 за секој дополнителен член на домаќинството) и иако истиот е усогласен со порастот на трошоците за живеење, објавени од страна на Државниот завод за статистика, многу поголемиот број на мажи корисници јасно укажува на тоа дека социјалната помош обезбедува средства за искоренување на сиромаштијата кај четири пати поголем број мажи отколку жени.

38 Според „Родово-буџетска анализа на мерките за социјална заштита" носителот на правото на социјална помош се одредува на следниов начин: „1. во домаќинство со вработено лице – носителот на правото ќе биде вработеното лице; 2. во домаќинство во кое нема вработено лице, но има корисник на пензија – носителот на правото ќе биде корисникот на пензија; во домаќинство каде што нема вработено лице ниту корисник на пензија – носителот на правото ќе биде невработеното лице; при што, во однос на останатите семејства, надлежниот центар за социјална работа има надлежност да го одреди носителот на правото. Центарот за социјални работи ќе биде одговорен за одредување на друго лице од семејството или домаќинството што ќе биде носител на правото во случаи кога носителот на правото не е во можност да ги исполнува своите обврски (поради неписменост, зависност од дрога, насилно однесување, вклученост во криминални активности итн. )." (Малеска – Сачмароска и др. 2010 година).

## 7.4.Рамка на земјоделски политики и политики за рурален развој

### 7.4.1. Поддршка за рурален развој

Руралниот развој е дел од агендата на Владата која произлегува од усвојувањето на Законот за земјоделство и рурален развој (2008 година). Пред усвојувањето на Законот беше усвоена Стратегија за земјоделство и рурален развој, сеопфатен документ што обезбедува анализа на состојбата на сите проблеми со кои се соочува руралното население во Македонија. Сепак, во стратегијата не се идентификувани конкретните предизвици со кои се соочуваат жените од руралните средини.

Во основа, агендата за рурален развој е поддржана преку имплементација на две основни програми. Прво, со Законот за земјоделство и рурален развој (СВ 49/2010) се уредува изготвувањето на Национална програма за земјоделство и рурален развој (во понатамошниот текст НПЗРР) од страна на Владата, на секои три години. Првиот циклус на усвоената програма го опфаќа периодот од 2009 до 2011 година. Вториот циклус на програмата сè уште не е подготвен, бидејќи спроведувањето на првиот циклус одзема повеќе време од планираното. Програмата вклучува политички мерки, индикативни временски рамки и финансиски средства што се потребни за спроведување на планираните политички мерки. Оваа програма е 100% финансирана од страна на централниот буџет на Република Македонија. Исто така, Владата усвои програма за користење на ЕУ фондовите наменети за земјоделство и рурален развој (во понатамошниот текст ИПАРД програма). Оваа програма е финансирана со 75% од ЕУ и 25% од буџетот на Република Македонија. Програмата исто така има ограничена родова сензитивност. Разликите меѓу мажите и жените се нагласени само во однос на демографските податоци и работниот статус, претставени во основната анализа за подготовка на документот.

**Објаснување:**
**Услови за финансирање преку мерките за рурален развој**

Три општи услови:

1. да поднесе апликација;
2. да нема криминално досие;
3. да биде регистриран како земјоделец; или фирма за производство на земјоделски производи
4. да нема отворена стечајна постапка

Конкретни услови според мерка:

А. Подобрена конкурентност

1. Да ги наведе производствените капацитети
2. Да нема обврски по однос на користење на земјоделско земјиште
3. Да нема обврски по однос на користење на пасишта
4. Да нема обврски по однос на користење на финансиски средства од програмата за Храна

Б. Инвестиции во преработка

1. Да биде регистрирана фирма
2. Да нема обврски по однос на користење на земјоделско земјиште
3. Да нема обврски по однос на користење на пасишта
4. Да нема обврски по однос на користење на финансиски средства од програмата за Храна

В Инвестиции во наводнување

1. Да биде регистрирана во регистерот на водни заедници
2. Да нема обврски по однос на снабдување со вода
3. Да поднесе план на проектот
4. Да има писмена согласност од водната заедница

Г. Промотивни активности во руралниот туризам

1. Да биде регистрирана како невладина организација или фондација
2. НВО да има за цел економски, културен или социјален развој

Д. Инвестиции во развој на човечки ресурси

1. Да биде регистрирана како невладина организација или фондација
2. Да биде регистрирана како научна институција
3. Да има план на проектот

Во 2008 година, Владата усвои Уредба (бр. 137/2008) за спроведување на политиката за рурален развој. Уредбата стапи на сила во 2009 година, и истата ги регулира следниве мерки за рурален развој:

- Инвестиции за подобрување на конкурентноста и модернизацијата на земјоделските стопанства, вклучително и аквакултурата;
- Инвестиции за доработка, преработка, пакување, и маркетинг на земјоделските производи;
- Инвестиции во рехабилитација на системите за наводнување;
- Финансиска поддршка за промотивни активности на рурален туризам;
- Инвестиции во зголемување на знаењето и унапредување на човечкиот потенцијал на земјоделските производители, обезбедување советодавни услуги и едукација за управување со земјоделско стопанство;
- Поддршка во активностите за организирање и заедничко вршење на производствена дејност на земјоделски производи.

Во процесот на развој на политиката, дефинирање на гореспоменатата Уредба, координаторот за еднакви можности при Министерството за земјоделство, во соработка со тимот за развој на рурални политики, активно се залагаше за вклучување на родово сензитивни мерки во рамки на уредбата. Имено, во членот 4, стр. 3/а од уредбата, се наведува дека ќе бидат доделени 20 поени на апликациите за зголемување на конкурентноста доколку подносителот е жена; и во согласност со членот 4, стр. 3/б, 15 поени се доделуваат на жените претприемачи (регистрирани како индивидуални земјоделци). Уредбата се однесува на ИПАРД и НПЗРР. Владата исто така дава поттик на руралните жени преку доделување на дополнителни 10 поени во споредба со мажите-земјоделци, за добивање на неповратни средства од Владата во областа на модернизација на земјоделството. Можностите за добивање на финансиска помош сѐ уште поголеми (20 дополнителни поени) за жените-апликанти што се на возраст меѓу 18 и 40 години, и се регистрирани како земјоделци и живеат во тешки и посиромашни региони. Применетиот начин на спроведување на политиките за рурален развој резултираше со зголемување од 18% до 20% на корисниците на финансиска поддршка, обезбедена преку ИПАРД и НПЗРР програмите за рурални жени во 2009 година. [39]

### 7.4.2. Капацитет за рурален развој

Целокупната координација при спроведувањето на земјоделските политики и оние за рурален развој се врши преку интерминистерско тело за рурален развој, формирано со одлука на Владата (СВ 15/2007). Телото се состои од претставници од Министерството за финансии, од Министерството за локална самоуправа, од Министерството за култура, од Министерството за економија, од Министерството за труд и социјална политика и од Секретаријатот за европски прашања. Телото е раководено од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, кое има свои претставници во телото. Овој механизам треба да се користи за идентификација на проблемите, за анализа и за дефинирање на решенијата кои ќе резултираат со решавање на одредени проблеми, како и за координирана активност меѓу сите сектори, со цел да се обезбеди рурален развој на земјата.

Неодамна беше формирана Платежна агенција за инструментот за претпристапна помош за рурален развој, со цел да се спроведат клучните програми од руралниот развој

39 Интервју со Лидија Чадиковска, Министерство за Земјоделство, ЦИКП / мај 2011 година

споменати претходно: 1) Националната програма за земјоделство и рурален развој (НПЗРР) и 2) Програмата за користење на ЕУ фондовите во рамките на ЕУ Инструментот за претпристапна помош за Рурален развој (ИПАРД) 2007-2013. Во агенцијата, беше номиниран еден од вработените за координатор за родова еднаквост и истиот е одговорен за следење на примената на афирмативните мерки за родова рамноправност утврдени со Уредбата за спроведување на политиката за рурален развој во детали разработена во претходното поглавје.

Исто така, во однос на одредувањето на капацитетот, треба да се истакне дека за оваа област Владата има одвоено 37.684 милиони денари за рурален развој од централниот буџет (врз основа на буџетските податоци од 2011 година). Понатаму, 92.000 милиони денари се очекуваат од донации (ЕУ фондови преку ИПАРД инструментот). Вкупниот буџет за рурален развој кој треба да биде имплементиран од страна на Министерството за земјоделство изнесува 129.684 милиони денари. Планирано е Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој да добие 735.500 милиони денари од централниот буџет за унапредување на руралните области во 2011 година. Во 2012 година, се планира да се зголеми износот доделен на оваа агенција на 958.296 милиони денари, а во 2013 година на 1.052.482 милиони денари. Ова јасно укажува на фактот дека овој сектор е важен за Владата, бидејќи износот на инвестиции се зголемува секоја година. Агенцијата е одговорна за спроведување на ИПАРД Оперативната програма која опфаќа период од седум години (2007–2013) и врз основа на ова ќе добие финансиски средства од над 42 милиони евра за периодот од 2007-2010 (приближно 31.5 милиони евра) од Претпристапниот инструмент – ИПА. Исто така, централниот буџет ќе обезбеди 10,5 милиони евра за национално кофинансирање за истиот период.

Податокот дека не постои само обврска туку и капацитет за спроведување беше потврден преку резултатите добиени од спроведувањето на програмата и финансиските инструменти од 2009 година. Според Платежната агенција за инструментот за претпристапна помош во земјоделството и руралниот развој, бројот на примени апликации изнесува 2.287 од кои 702 се одобрени, при што приближниот просечен износ за секоја одобрена апликација изнесува 319.072.68 денари. На табелата подолу е прикажана регионалната распределба и графиконот овозможува визуелна споредба на распределбата на одобрени апликации наспрема распределбата на одобрени финансиски средства.

***Табела 51: Резиме по региони: апликации и одобрени средства за мерката 1 од Националната програма за финансиска поддршка на руралниот развој за 2009 година***

| *региони* | *одобрени апликации* | *одобрени средства во МКД* |
|---|---|---|
| *Вардар* | 211 | 59.841.729 |
| *Исток* | 110 | 33.003.319 |
| *Југозапад* | 23 | 7.598.318 |
| *Југоисток* | 56 | 24.840.401 |
| *Пелагонија* | 258 | 86.266.961 |
| *Полог* | 17 | 7.207.701 |
| *Североисток* | 27 | 5.230.593 |
| ***вкупно*** | **702** | **223.989.022** |

*Извор : Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (2010 година)*

***Графикон 31: Користење средствата од буџетот за рурален развој за 2009 година, за мерката 1 од Националната програма за финансиска поддршка на руралниот развој***

***31а: Одобрени средства во мил. МКД*** ***31б: Број на одобрени апликации***




*Извор: ИПАРД ПА, 2011 година*

Од вкупно одобрените апликации, поголемиот број се од Пелагонискиот и Вардарскиот регион. Во 2009 година истата ситуација се повторува, бидејќи поголемиот број одобрени апликации се од Свети Николе, и нивниот број изнесува вкупно 139, во споредба со 2008 година кога беа одобрени 99 апликации. Иако има значително поголем број одобрени апликации од Свети Николе, треба да се истакне дека во 2009 година беа одобрени 108 апликации од Ресен, за разлика од 2008 година кога бројот на одобрени апликации изнесуваше 10, т.е. се забележува тренд во екстремно голем број апликации одобрени во општина Ресен, со што индиректно Пелагонија се наоѓа на прво место според бројот на одобрени апликации. Руралните региони на Полог, Југоисток и Југозапад истовремено имаат најмал број апликации и одобрени апликации, и како резултат на ова тие имаат најмал број корисници на финансиска помош од државата во земјоделскиот сектор.

Бројот на одобрени апликации за жени во 2009 година за мерката 1 ***(подобрување на конкурентноста и модернизација на земјоделските стопанства, вклучувајќи го и земјоделството);*** изнесува вкупно 234 од 717, што претставува 32,6%. Вкупниот износ на одобрени апликации за жените изнесуваше над 83 милиони денари, што претставува над 37 % од финансиските средства доделени на жени. Од вкупниот број одобрени апликации, 45% биле за млади жени под 40 годишна возраст, а 55% биле за жени над 40 години. Како што е прикажано на табелата подолу, жените под 40 години, иако имаат помал број на одобрени апликации, добиле вкупно поголем број на финансиски средства во споредба со жените над 40 години (56:44).

***Перспективите на жените од руралните средини***

***Табела 52: Одобрени апликации за жени во 2009 година, за мерката 1(подобрување на конкурентноста и модернизација на земјоделските стопанства, вклучувајќи го и земјоделството)***

| *староснa категорија* | *одобрени апликации* | | *одобрени средства* | |
|---|---|---|---|---|
| | **број** | **процент** | **износ** | **удел во %** |
| под 40 години (жени) | 105 | 44,87% | 46.882.956,17 | 56,07% |
| над 40 години (жени) | 129 | 55,13% | 36.732.938,00 | 43,93% |
| **вкупно** | **234** | **100%** | **83.615.894,17** | **100%** |

*Извор: ИПАРД ПА, 2011 година*

Како што беше претходно наведено, во склоп на афирмативните мерки од 2008 година беа воведени дополнителни поени за жените апликанти, и поради тоа интересно е да се согледа промената во трендовите од 2008 до 2009 година, кога овие афирмативни мерки стапија на сила. Доколку се споредат бројките од 2008 и 2009 година, може да се забележи тренд на зголемување во однос на бројот на одобрени апликации поднесени од страна на жени. Постои значителен пораст во бројот на барања за финансиска помош и од мажите и од жените земјоделци, но сепак, како што е прикажано на табелата подолу, додека имаше помалку од 1 жена успешен апликант од вкупно 5 апликанти во 2008 година, во 2009 година речиси секој трет успешен апликант беше жена.

***Табела 53: Број на успешни апликации – Споредба меѓу 2008-2009 година***

| *пол* | *2008* | | *2009* | | *процент на зголемување* |
|---|---|---|---|---|---|
| | **вкупно** | **проценти** | **вкупно** | **проценти** | |
| жени | 80 | 18,60% | 234 | 32,55% | 292,50% |
| мажи | 350 | 81,40% | 485 | 67,45% | 138,57% |
| ***вкупно*** | ***430*** | ***100%*** | ***719*** | ***100%*** | ***167,21%*** |

*Извор: ИПАРД ПА, 2011 година*

Овој напредок може да се смета како резултат од промената во политиките и регулирањето на афирмативните мерки за жените-земјоделци, како корисници на НПЗРР и ИПАРД мерките.

***Табела 54: Споредба на одобрени апликации меѓу 2008-2009 година, според возраст и пол***

| *година* | *според пол* | *според возраст* | | *% удел (според пол)* | | *вкупно* | *% удел (според пол)* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **под 40 години** | **над 40 години** | **под 40 години** | **над 40 години** | | |
| ***2008*** | жени | 36 | 44 | 45% | 55% | **80** | 19% |
| | мажи | 150 | 200 | 43% | 57% | **350** | 81% |
| | ***вкупно*** | **186** | **244** | **43%** | **57%** | **430** | **100%** |
| ***2009*** | жени | 105 | 129 | 45% | 55% | **234** | 33% |
| | мажи | 205 | 280 | 42% | 58% | **485** | 67% |
| | ***вкупно*** | **310** | **409** | **43%** | **57%** | **719** | **100%** |

*Извор: ИПАРД ПА, 2011 година*

Во однос на ***мерката 2 (набавка на опрема за преработка, складирање, сортирање и пакување на земјоделските производи);*** бројот на одобрени апликаци од жените беше исто така зголемен. За 2009 година нивниот вкупен број изнесува 18, и постои еднаква прераспределба по однос на возраста, додека по однос на средствата, овој пат повозрасните жени добиле повеќе средства (56 % наспрема 44 %).

***Табела 55: Одобрени апликации за жени во 2009 година, за мерката 2 (набавка на опрема за преработка, складирање, сортирање и пакување на земјоделските производи***

| *старосна категорија* | *одобрени апликации* | | *одобрени средства* | |
|---|---|---|---|---|
| | **број** | **процент** | **износ** | **удел во %** |
| под 40 години (жени) | 9 | 50% | 11.892.758,00 | 44,08% |
| над 40 години (жени) | 9 | 50% | 15.089.740,00 | 55,92% |
| ***вкупно*** | **18** | **100%** | **26.982.498,00** | **100 %** |

*Извор: ИПАРД ПА, 2011 година*

Бидејќи во последниве две децении земјоделството претрпе неколку кризи, земјоделците беа приморани да бараат алтернативни извори на профит со цел да преживеат, и тие можеа да бидат постигнати само преку разновидност во нивните активности. Па така, напредокот на руралните средини започна со порастот на туристичките активности од рекреативен карактер. Овој нов и растечки сектор има полза од зголемениот интерес на луѓето за интересни активности и индивидуални форми на патување, и истиот нуди бројни рурални традиции кои даваат неограничени можности за мал, доходовен и локално контролиран туристички (и економски) развој. Руралните атракции служат како основен ресурс за туристичкиот економски сектор, кој е организиран и одржуван од страна на мали претпријатија во локална сопственост, поддржани со дополнителна промоција од професионални маркетинг иницијативи што ги преземаат локалната и централната власт, невладините организации и приватниот сектор.

Во однос на големиот потенцијал за активности поврзани со туризмот, ние ја избравме четвртата мерка од Националната програма за земјоделство и рурален развој, која има цел да обезбеди поддршка во проширувањето и промоцијата на руралниот туризам. Оваа мерка се спроведува преку следниве две подмерки:

- **Подмерка 4.1** која вклучува изработка брошури, мапи, книги со историски факти за локалитетите и спомениците, како и книги за традиционалните вредности и културното наследство. Во ова ќе бидат вклучени интелектуалните услуги или хонорари на авторите за изработка, за превод, за лекторирање, за рецензија итн.
- **Подмерка 4.2** вклучува сигнализација на културните и природните локалитети во руралните области и руралните сместувања, со прифатлива цена за дизајнирање и изработка на соодветни индикатори за сигнализација, како и активни трошоци за поставување на одредени ознаки.

Сепак, добиените податоци укажуваат на тоа дека бројот на апликации за рурален туризам е значително помал за разлика од апликациите за останатите мерки споменати погоре. На пример, во 2009 година, од вкупно 2.287 добиени апликации, 45 беа за рурален туризам, а од 702 одобрени, само 10 беа поврзани со руралниот туризам.

***Табела 56: Споредба во однос на стапката за искористеност на програмата за рурален туризам***

| **вид на апликација** | **поднесени апликации** | **одобрени апликации** | **% на одобрени (одобрени наспрема поднесени)** |
|---|---|---|---|
| апликации за сите мерки | 2.287 | 702 | 30,69 % |
| апликации за рурален туризам | 45 | 10 | 22,22% |

*Извор: ИПАРД ПА, 2011 година (% - сопствени пресметки)*

*Перспективите на жените од руралните средини*

Податоците од ИПАРД агенцијата укажуваат на тоа дека неколку фактори влијаат на ваквите резултати за користење на средствата: (I) недостаток од капацитет да се пополнат формуларите и да се поднесе соодветна апликација за финансиска помош; (II) недоволна запознаеност со финансиските ограничувања; и (III) манипулација со критериумите (адресата на живеење на апликантот мора да биде во руралните региони, но поголемиот број на одбиени апликанти имаат адреса на живеење во урбаните региони). Најзаинтересирани биле апликантите од Западниот регион, но апликантите од Источниот регион презентирале подобри капацитети, и поради тоа ним им биле одобрени повеќе проекти за разлика од апликантите од Западниот и Вардарскиот регион.

***Графикон 32: Користење на мерките за рурален туризам за 2009 година, по регион***




*Извор: ИПАРД ПА, 2011 година*

Доколку извршиме компаративна анализа меѓу податоците за користење од 2009 година со оние од 2010 година, ќе забележиме дека бројот на апликации паднал на 25, покажувајќи значително намалување во интересот за национална поддршка во однос на овие мерки. Сепак, бројот на одобрени апликации се зголемил на 44%, што покажува зголемување на капацитетот кај апликантите.

***Графикон 33: Компаративен преглед 2009-2010, број на апликанти наспрема број на одобрени апликации***




*Извор: ИПАРД ПА, 2011 година*

Уште еден охрабрувачки тренд во областа на руралниот туризам е тоа што статистичките податоци добиени од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за 2010 година покажуваат дека постои до 40% зголемен интерес и апликации од жени.

### 7.4.3. Каква јавна вредност создаваат политиките за рурален развој за руралните жени?

Како што можеме да видиме од податоците презентирани погоре, политиките и финансиските инструменти што даваат поддршка на руралните жители, а особено на жените, не се во целост искористени. Преку ЦИКП анкетата на руралните жени и мажи од 2011 година и преку целните групи, ние имавме намера да не ги земеме предвид само официјалните податоци, туку подетално да ги истражиме бариерите и факторите што влијаат на оваа ситуација. Податоците од анкетата покажуваат дека една третина од мажите-земјоделци не аплицирале за поддршка, додека речиси две третини од оние кои не аплицирале биле жени. Сè уште се забележани случаи кога има поголема веројатност сопругот да аплицира за поддршка, иако Владата доделува дополнителни поени за жените-земјоделци што аплицираат за добивање субвенции. Оваа политичка мерка можеби не добила голем публицитет, бидејќи само 46% од испитаниците изјавиле дека се запознаени со истата (Ibid). Понатаму, само 6,5% од 46 жени-земјоделци изјавиле дека апицирале за добивање субвенции, земајќи ја предвид оваа иницијатива. Кога станува збор за видот на поддршка, поголемиот број луѓе (30) што аплицирале и добиле поддршка изјавиле дека поддршката била во форма на субвенции, и само двајца од нив аплицирале за заеми.

***Табела 57: Апликација за институционална поддршка во земјоделството***

| *Ако сте земјоделец, дали сте аплицирале и дали сте добиле институционална поддршка за вашите активности, вклучувајќи субвенции?* | *вкупно мажи (% на мажи)* | *вкупно жени (% на жени)* | *вкупно (% од вкупно)* |
|---|---|---|---|
| Да, аплицирав и добив. | 25 (54%) | 11 (28%) | 36 (42%) |
| Аплицирав, но не добив. | 6 (13%) | 3 (7%) | 9 (10%) |
| Не, не аплицирав. | 14 (31%) | 22 (55%) | 36 (42%) |
| Не знам дека постојат такви можности. | 1 (2%) | 4 (10%) | 5 (6%) |
| ***вкупно*** | **46 (100%)** | **40 (100%)** | **86 (100%)** |

*Извор: ЦИКП анкета на руралните жени и мажи, 2011 година*

Главна причина за недоволната искористеност на финансиската поддршка се неисполнувањето на условите (38%), недостигот на интерес (32%) и недоволната информираност во врска со условите (23%). Се чини дека сложената процедура не претставува важна причина, иако 54% од оние кои аплицирале изјавиле дека процесот е тежок, но половината од нив рекле дека добиле соодветна поддршка од институциите во текот на самиот процес, според ЦИКП анкетата на руралните жени и мажи од 2011 година.

***Табела 58: Причини поради кои не се аплицира***

| Доколку не сте аплицирале за финансиска помош, која е главната причина за тоа? | Вкупно |
|---|---|
| Не можам да аплицирам/не ги исполнувам условите. | 38% |
| Не сум заинтересиран/а за аплицирање. | 32% |
| Потребна е многу обемна документација. | 4% |
| Крајниот рок за аплицирање е многу краток. | 2% |
| Не знам како да ги пополнам формуларите. | 2% |
| Немам доволно информации во врска со условите. | 23% |
| вкупно | 100% |

*Извор: ЦИКП анкета на руралните жени и мажи, 2011 година*

***Перспективите на жените од руралните средини***

Исто така, руралните жители заинтересирани за аплицирање за финансиска помош беа запрашани за причините поради кои не аплицираат за заеми од банките. Според ЦИКП анкетата на руралните жени и мажи од 2011 година, 45% од нив одговориле дека каматната стапка е премногу висока, додека 35% од испитаниците одговориле дека не поседуваат вреден имот кој можат да го стават под хипотека.

Освен субвенциите, останатите видови поддршка не се многу познати. Само 21 од 103 луѓе, кои го одговориле ова прашање, изјавиле дека се запознаени со останатите видови поддршка, вклучувајќи заеми за самовработување (4), заеми за земјоделска механизација (1) и грантови (4).

Потенцијалот за искористување на овој финансиски инструмент или активните мерки за пазарот на трудот, кои беа анализирани погоре, е висок во руралните средини, бидејќи 44% од мажите и 33% од жените изјавиле дека планираат промени во својот работен статус или работно место. Овој интерес за промена на работниот статус беше особено идентификуван кај младите (од 18 до 35 години) образовани жени (околу 40% имаат средно или високо образование наспрема 20% од оние со ниско или без образование), главно со македонска етничка припадност (40%, наспрема 14% Албанки и 16% Турчинки). Ограничувањата наметнати од страна на сопругот или останатите членови од семејството беа ретко споменувани како пречка кај жените (споменати беа во 5 случаи, од страна на 4 албански и 1 македонска жена). Вкрстената анализа на резултатите од анкетата покажува дека 30% од неактивните рурални жени би сакале да го променат својот статус, што е многу позитивно. Останатите 70% од неактивните рурални жени не би сакале да го променат својот статус. Сепак, треба исто така да истакнеме дека во 3 од 5 случаи каде што не им е дозволена промена на нивниот статус, станува збор за неактивни жени.

***Графикон 34: Промена на работниот статус -Дали сте размислувале за промена на работното место /работниот статус во иднина?***




*Извор: ЦИКП анкета на руралните жени и мажи, 2011 година*

Бидејќи поголемиот број жени се невработени, нивната основна причина за промена на работниот статус е добивање извор за поголем редовен приход (45%), додека мажите се поделени меѓу оваа причина (26%) и наоѓањето работа која е подобро платена од сегашната (28%). Испитаниците (особено жените) не се запознаени со концептот на неплатена работа, и само 11% од нив изјавиле дека работат неплатена работа и би сакале истата да ја заменат со работа која ќе биде платена.

***Графикон 35: Причини за промена на работата -Која е главната причина за промена на вашиот работен статус/работно место?***




*Извор: ЦИКП анкета на руралните жени и мажи, 2011 година*
Забелешка: Процентите се врз основа на бројот на испитаници што изјавиле дека имаат намера да го сменат својот работен статус/работно место

Од оние кои размислувале за промена на својот работен статус, поголемиот дел (40%) изјавиле дека имаат потреба од обуки/образование за дополнителни вештини, и околу една третина имаат потреба од совети во однос на начините за аплицирање за работа. Речиси половина од жените (без оглед на нивното образование, етничко потекло или возраст) изјавиле дека имаат потреба од обуки за развој на нови вештини, додека мажите се повеќе заинтересирани да научат нови начини на барање работа.

**Рурални гласови 19: Желба за учење**

*„Би сакала да продолжам со моето образование или да посетам некоја обука за земјоделски активности; мора да постојат многу работи кои уште не ги знаеме. Ќе одиме заедно со мојот сопруг“.*

албанска жена-Шемшево

*„Се омажив многу млада и го прекинав моето образование откако завршив основно училиште, но сега сакам да го продолжам моето образование, бидејќи сум сѐ уште млада и се уште имам време да барам работа“.*

македонска жена-Извор

Можноста за започнување на бизнис ретко се смета за опција, особено од страна на жените. Повеќе од две третини од нив не ја земаат предвид оваа опција, во споредба со 55% од мажите испитаници. 6,4% од жените изјавиле дека веќе имаат конкретна идеја за бизнис, додека 10,2% имаат идеи, но не веруваат дека го имаат потребниот капацитет. Постои сличен тренд како и кај претходното прашање, т.е. има поголема веројатност

жените да започнат сопствен бизнис на помлада возраст (до 35 години), и истите се главно со македонско етничко потекло и имаат средно или високо образование.

Огромно мнозинство од испитаниците (80%) кои ја зеле предвид оваа опција, и мажи и жени, изјавиле дека најпрво ќе им биде потребна финансиска помош за реализација на идејата. Една четвртина од жените исто така би сакале да добијат совети за бизнис идеи, додека само 13% изјавиле дека им се потребни обуки за дополнителни вештини.

Од заинтересираните за отпочнување бизнис, околу 35% (од кои 40% жени) би побарале помош од банките, 20% би побарале помош од членовите на семејството и речиси четвртина од нив не би знаеле каде да се обратат доколку сакаат за започнат сопствен бизнис. Владините или невладините институции што нудат поддршка за отпочнување бизнис се едни од најмалку разгледуваните опции, и истите беа избрани од страна на помалку од 13% од испитаниците. Тие очигледно не се запознаени со можностите за поддршка од овие институции/организации, што може да се илустрира преку мислењето/перцепцијата на 75% од испитаниците, кои сметаат дека не постои институционална поддршка за подобрување на економската состојба на граѓаните.

## *7.5. Резиме на поглавје 7 - Создавање на јавна вредности за руралните жени*

Доколку направиме преглед на политиките од коишто имаат корист руралните жени, по сè изгледа дека образованието и делумно здравствените политики даваат одговор на потребите на руралните жени. Тие исто така треба да бидат зајакнати, но сепак постојат резултати што укажуваат на подобрувања во статусот на оваа група во општеството. Останатите политички области не се доволно насочени кон руралните жени, т.е. политиката за вработување и политиката за социјална вклученост. Политиката за родова рамноправност во Македонија не е целосно слепа, туку таа е чувствителна во однос на потребите на руралните жени. Сепак, овој документ е критикуван во однос на тоа дека не се базира на детални анализи, и поради тоа мерките што се промовираат не ја одразуваат во целост ситуацијата на жените од руралните средини. Ова не е случај со политиката за рурален развој, којашто промовира афирмативни акции за жените што се занимаваат со земјоделство и со рурален туризам. Сепак, политиката не прави напори за создавање на капацитети за руралните жени.

# 8. Заклучоци

Оваа студија претставува импресивно истражување за статусот на руралните жени (здравството, социјалната заштита, образованието и економската активност), а опфаќа и бројни политички прашања, од пристапот до јавни услуги во руралните средини, до начинот на кој одредени политики, како што се: вработувањето, социјалната вклученост, родовата рамноправност и руралниот развој, ги задоволуваат потребите на руралните жени.

Како што е прикажано погоре, иако беше постигнат одреден напредок, сепак руралните жени сè уште имаат низок образовен профил. Ова ги става во нерамноправна положба во споредба со урбаните жени и руралните мажи, кои имаат подобри резултати во образованието во однос на руралните жени. Реформите во областа на образовните политики (особено воведувањето на задолжително средно образование) ја подобруваат оваа ситуација и ги зголемуваат потенцијалите на младите генерации на рурални жени. Сепак, тие се најранливата група во однос на невработеноста, како поради ограничените можности за работа во руралните средини, така и поради традиционалните патријархални очекувања за извршување на пропишаната улога на мајки и домаќинки, преземајќи го товарот на неплатена работа во домаќинството, како и експлоатирањето во вид на неплатен земјоделски работник во рамки на семејството или ниско платен сезонски работник, повторно во земјоделството. Поради ограничените јавни услуги што се нудат во руралните средини, како и поради соочувањето со гореспоменатите предизвици, руралните жени немаат поттик да ги поминат своите животи во селата и повеќе би сакале да се преселат во градовите каде што би се омажиле. Тие тврдат дека би останале во руралните села само доколку се нуди работа надвор од земјоделскиот сектор.

Напорите за подобрување на животниот стандард на руралните жени се напротив ограничени со зголемувањето на можностите во земјоделскиот сектор. Поради тоа, тековните политики и институционалната поставеност **минимално** се однесуваат и одговараат на процентуалната застапеност и на потребите на руралното население (особено жените). Главните критики не се однесуваат на афирмативните акции создадени да го олеснат развојот на руралните средини или да ги зголемат еднаквите можности, туку се однесуваат на **недостигот од координација** меѓу политичките документи и институциите што се занимаваат со прашањата поврзани со руралните жени, како и нивниот **недостиг на реакција,** како во однос на потребите на руралните жени така и во однос на нивната ефикасност соодветно да одговорат на факторите што влијаат врз нивните животни услови. На пример, Националниот план за акција за родова рамноправност се однесува на потребата од зајакнување на капацитетот за претприемништво на руралните жени и зголемување на можностите за вработување на руралните жени. Сепак, мерките за вработување преку кои се спроведува Стратегијата за вработување не ги опфаќаат руралните жени како целна група.

Ова укажува на фактот дека при подготовката на трите политички документи од страна на Министерството, немало процес на консултација ниту координација. Постојат две причини за ова:

I. Не постоеше основна студија за руралните жени;
II. Институциите не се свесни за урбаните/руралните разлики.

Од друга страна, руралниот развој е единствена област каде што се предвидени конкретни мерки кои се однесуваат на руралните жени. Мерките се однесуваат на земјоделската

работа и руралниот туризам. Со оглед на тоа дека младите жени, кои според оваа студија се најранливата и најобесправената од сите категории на рурално население, ќе продолжат да живеат во селата само доколку најдат работа надвор од земјоделскиот сектор, може да се заклучи дека овие мерки исто така не одговараат на потребите на руралните жени.

На крај, бидејќи политиките не се секогаш во согласност со капацитетите, потребите и предизвиците со кои се соочуваат руралните жени, и бидејќи во оваа студија се презентираат докази за недоследностите и се врши анализа на политиките кои (не) соодветствуваат со ситуацијата во која живеат руралните жени, исто така се презентираат и следниве препораки за политиките, со цел да се овозможи развој во животниот стандард на руралните жени.

Руралните жители имаат потреба од подобрување на канализациските системи, патната мрежа и водоснабдувањето, со цел да живеат пристојни животи.

Се очекуваат подобрувања во покриеноста со примарна здравствена заштита во руралните средини. Самата политика ги зема предвид потребите на руралните жители, но мониторингот и евалуацијата на начинот на работа на матичните лекари во руралните средини треба да бидат зајакнати.

Студијата покажува дека се зголемува бројот на девојчиња што одат во средно училиште, но разликите во половата застапеност во однос на образованието сè уште зависат од етничкото/културното потекло. Додека во рамки на македонската етничка група балансот во однос на образованието се очекува многу набрзо, за албанските и турските групи ќе биде потребна дополнителна поддршка и подигнување на свеста. Проблемите со транспортот мора да бидат решени бидејќи ова може да претставува единствениот фактор за напуштање на училиштето.

Руралните жени што имаат тежок живот, ограничена понуда во однос на јавните услуги и што живеат во сиромашни услови, најверојатно ќе ги напуштат селата доколку не се овозможат нови економски можности и можности за вработување.

Во однос на ова, диверзификацијата на земјоделството во Македонија со рурален туризам може да биде многу привлечна за руралните жени. За да се случи тоа, треба да се инвестираат повеќе време и пари во подигнувањето на свеста и зголемувањето на капацитетите за поголема искористеност на средствата достапни преку националната програма за земјоделство и рурален развој, како и преку претпристапните инструменти за рурален развој. Сепак, земјоделството како една од главните рурални активности не треба да се занемари. Наместо тоа, треба да се преземат мерки за подобрување на статусот на жените-земјоделци и истите треба повторно да се заинтересираат за земјоделска работа.
На крај, за сето ова да се случи треба да дојде до промена во политиките што ќе им овозможи на поголем број жени да ги искажат своите потреби и значително да учествуваат во процесот на донесување одлуки на локално ниво, но исто така и на централно ниво. Политиките што се усвојуваат треба да бидат базирани врз анализи на моменталната состојба, и политичките опции треба да ги одразуваат потребите на руралните жени. Механизмите за учество на локално ниво треба особено да бидат зајакнати, поради тоа што руралните жени и мажи покажаа малку свест, како и ограничена доверба во тоа дека некој ќе ги слушне нивните гласови, а уште помалку дека истите ќе бидат земени предвид при локалното планирање и при донесувањето одлуки.

# 9. Препораки

Препораките од ова поглавје се однесуваат на главните проблеми кои беа утврдени во однос на вклучувањето на руралните жени во општеството. Проблемите се поврзани со соодветни препораки, со цел клучните актери и чинители да преземат соодветни активности во однос на клучните приоритети. Промените на политиките, креирањето на нови политики како и постапката на спроведување на истите се дефинирани преку конкретни активности што можат да бидат преземени од страна на клучните актери, со поддршка од партнерите, кои исто така беа конкретно наведени.

Како што може да се види од нивниот обем, препораките немаат цел да бидат исцрпни или конечни. Се смета дека креирањето политики и обезбедувањето услуги се соочуваат со постојани предизвици и има постојана потреба од приспособувања и промени, чија првична цел треба да биде обезбедувањето поддршка на јавната благосостојба и создавањето вредности од јавен интерес. Особено во однос на оваа судија, истражувачкиот тим се надева дека ќе им обезбеди клучни докази на клучните чинители, со цел истите да стимулираат позитивни промени што ќе бидат корисни за руралните жени кои се соочуваат со предизвикот на ограничени можности, социјална исклученост и родова дискриминација.

Препораките се поделени на 7 области со главни забелешки.

1. Општо – обезбедување податоци, правни и политички рамки за поддршка на родовата рамноправност и зајакнување на жените.
2. Расположлива инфраструктура и поддршка за овозможување пристап до јавните услуги.
3. Пристап до општата и специјализирана здравствена заштита за руралните жени.
4. Пристап до образование и детски установи за да се овозможи (не само економско) зајакнување на руралните жени.
5. Капацитети на руралните жени за економско зајакнување.
6. Вклучување на руралните жени во одрживото земјоделство и руралниот развој
7. Политичко учество на руралните жени во насока на активен ангажман во локалните развојни политики и процесите на донесување одлуки.

| 1. Општо – обезбедување податоци, правни и политички рамки за поддршка на родовата рамноправност и зајакнување на жените | | |
|---|---|---|
| **Главни забелешки** | **Препораки за клучните приоритети за дејствување** | **Клучни актери и партнери** |
| Недостигот од податоци за спроведување на вкрстена родова анализа, вклучувајќи споредба меѓу урбани/ рурални средини, возраст и етничко потекло со податоци дисегрегирани по пол. | Обезбедување системи на податоци кои ќе прибираат и ќе обработуваат податоци поврзани со вршењето на јавни услуги и истите да се соодветни, да се јавно достапни и да овозможуваат вкрстени споредби меѓу клучните категории.<br>а) дисегрегација на податоци според клучните категории – пол, возраст, урбани/рурални средини, етничко потекло.<br>б) вкрстена анализа на податоците дисегрегирани по пол наспрема останатите категории. | Државниот завод за статистика и централните јавни институции што вршат обработка на податоци од јавните институции<br>Јавните институции што се вклучени во собирањето на податоци |
| Основните правни и политички рамки за поддршка на родовата рамноправност се во ред, но сепак нивното спроведување е попречено поради недостиг на соодветно и одржливо финансирање. Недостига родово сензитивен мониторинг и евалуација на ефикасноста на ваквите програми.<br>Ограничено е учеството на руралните жени и нивните застапници во креирањето на политиките на локално и национално ниво. | Релевантните стратегии (родова рамноправност, вработување, социјална вклученост, социјална заштита, рурален развој итн.) треба да ги зајакнат родовите анализи во фазата на подготовка и истите треба да се изразени преку соодветни (родово одговорни) мерки, со цел да се обрне внимание на родовиот јаз и потребите што ги нагласуваат застапниците за родови прашања. Ова може да биде поддржано со соодветни измени во Деловникот за работа на Владата (член 138).<br>Соодветни средства треба да бидат планирани и обезбедени за сите релевантни стратешки приоритети и политички мерки.<br>Ефектите од спроведувањето треба да бидат следени и треба да се врши проценка на нивното влијание од родова перспектива, вклучувајќи особено внимание на руралните жени.<br>Треба да се зајакнат консултативните процеси на локално и на национално ниво, како и да се обезбедат механизми за значајно учество и изразување на потребите на руралните жени, застапниците за родови прашања и експертите. | Механизмите за родова рамноправност и соодветните ресорни министерства<br>Креаторите на политики по сектори<br>Застапниците за родови прашања што ги застапуваат руралните жени<br>Експертите по родови прашања и граѓанските организации што работат на полето на родовата рамноправност (во понатамошниот текст ГО) |

| 2. Расположлива инфраструктура и поддршка за овозможување пристап до јавните услуги | | |
|---|---|---|
| **Главни забелешки** | **Препораки за клучните приоритети за дејствување** | **Клучни актери и партнери** |
| Поради недоволниот квалитет на патиштата и нивното одржување во руралните области, како и поради ограничената понуда во услугите за јавен транспорт особено за пооддалечените рурални области, руралните мажи и жени тешко можат да обезбедат пристап до основните услуги кои се овозможуваат, главно во урбаните центри (вклучувајќи јавни услуги, како: образование, здравство, социјална заштита и вработување).<br>Руралните жени се соочуваат со дополнителни бариери во својата мобилност поради родовите стереотипи, како и поради недостигот на вештини за поддршка на индивидуалната мобилност (на пример: возачка дозвола).<br>Жените и мажите, традиционално задолжени со различни задачи во однос на животот во руралните средини, различно ги оценуваат соодветните приоритети за подобрување на пристапноста до основните инфраструктури. | Локалните одговорни лица треба да обезбедат можности руралните жени соодветно да бидат консултирани во рамките на локалните инфраструктурни проекти и иницијативи (на пр. вода, канализациски систем или патишта итн.) во текот на целокупниот процес, вклучувајќи ги фазите на проектирање и планирање, спроведување, како и во фазите на мониторинг и евалуација.<br>При локалното урбанистичко планирање и распределбата на расположливите ресурси за локален развој, треба да се земат предвид родово специфичните потреби на руралните жени и мажи, со цел да се подобри пристапноста до услугите (вклучувајќи ги мажите и жените со посебни потреби).<br>Подобрување на капацитетот на вработените во секторот за јавни услуги на локално ниво, преку зголемување на сеопфатноста на услуги за руралните жени и мажи, на пример преку почести посети на теренот, кое мора да биде поддржано со соодветни финансиски средства за поддршка на опфатноста на руралните средини.<br>Подобрување на достапноста на јавниот превоз (зачестеност, сигурност и територијална покриеност) на локално ниво, особено за оддалечените села, на пример преку обезбедување на потребните ресурси на локално или регионално ниво (со можности за меѓуопштинска соработка при распределбата на трошоците или со стимулирање на приватните превозници).<br>Воведување иницијативи за кршење на родовите стереотипи и бариери што не им овозможуваат на жените независно да го користат средствата за јавен и приватен транспорт, вклучувајќи ја поддршка за жените кои се заинтересирани да добијат возачка дозвола или зголемување на свеста и чувствителноста кај мажите. | Локалната самоуправа<br>Јавните институции<br>Локалните граѓански организации<br>Руралните жени и мажи и нивните застапници |

| 3. Пристап до општата и специјализирана здравствена заштита за руралните жени | | |
|---|---|---|
| **Главни забелешки** | **Препораки за клучните приоритети за дејствување** | **Клучни актери и партнери** |
| Достапноста на општата здравствена заштита и основните лекарски услуги е ограничена во руралните области, особено во планинските области и пооддалечените села.<br>Покрај тоа, политиката за заедничко здравствено осигурување резултира со поголема зависност на руралните жени од своите сопрузи кои се носители на правото за здравствено осигурување.<br><br>Руралните жени се свесни за потребата од редовни прегледи, вклучувајќи го репродуктивното здравје, но сепак тие се соочуваат со бројни бариери во однос на пристапот до здравствените установи, особено специјализираните установи што се наоѓаат во урбаните центри, поради големите трошоци (за услуги и транспорт), ограничената индивидуална мобилност (недостаток од вештини и средства – на пр. возење автомобил, ограничувања во јавниот транспорт) и/или културните норми (треба да бидат придружувани од машки партнери) и јазичните бариери (за некои жени од малцинствата). | Вклучување на повеќе партнери (медиуми, даватели на јавни и приватни здравствени услуги, локални лидери, граѓански организации) во иницијативите за подигнување на свеста за потребата од редовни гинеколошки прегледи (во кои се вклучени и етничките албански и етничките турски заедници).<br>Вклучување на давателите на здравствени услуги и лекарите специјалисти во иницијативи за проактивна превенција (на пр. информативни консултации со локалните заедници, при што локалните лекари се лицата што даваат информации).<br>Разгледување на можностите за намалување на трошоците за гинеколошки прегледи и создавање поттик за зголемување на зачестеноста на посетите (транспорт или цена за услугите).<br>Разгледување на можностите (на пр. медијатори или поддршка со вработување на лица што зборуваат повеќе јазици) со цел здравствените услуги во руралните средини да бидат достапни и на мајчиниот јазик на пациентите, за да се зајакне ефикасноста на здравствените услуги во однос на припадниците на етничките малцинства.<br>Да се овозможи продолжување на политиките кои ги стимулираат руралните здравствени работници и ја одржуваат мрежата на основни здравствени услуги во руралните средини (вклучувајќи општи лекари) и да се воведат механизми за мониторинг со цел локалните амбулантни служби да се придржуваат кон работните часови и да нудат постојани услуги, за да се обезбедат сигурни и достапни здравствени услуги за руралните жени и мажи.<br>Разгледување на можностите за редовна посета на селата од страна на педијатар или гинеколог, најмалку еднаш неделно.<br><br>Вклучување на мажите и подигнување на нивната свест за важноста на превенцијата, како и поттик за нивна проактивна вклученост во однос на ризиците поврзани со репродуктивното здравје и превентивните прегледи.<br>Разгледување на политичките можности за воведување задолжителни гинеколошки прегледи и бесплатни скрининг тестови за терминални болести (на пример, за различни типови рак). | Давателите на здравствени услуги (приватни и јавни)<br>Локалните граѓански организации, вклучувајќи ги организациите на жените<br>Медиумите<br>Локалните самоуправи |

| 4. Пристап до образование и детски установи за да се овозможи (не само економско) зајакнување на руралните жени | | |
|---|---|---|
| **Главни забелешки** | **Препораки за клучните приоритети за дејствување** | **Клучни актери и партнери** |
| Политиката за задолжително средно образование до одредена мера придонесе за позитивни промени во запишувањето на девојките, но сепак родовиот јаз, особено кај малцинствата, и понатаму не е затворен.<br>Додека достапноста и пристапноста до основните училишта е до одредена мера задоволително за руралните девојчиња и момчиња, во однос на средното образование, оддалеченоста негативно влијае врз пристапот до образование.<br>Во општеството преовладуваат традиционалните улоги на мажите и жените во семејството, а особено во руралните средини, каде што товарот кој руралните жени го имаат во однос на грижата за децата и домаќинството е несразмерен со товарот на нивните партнери.<br>Во руралните средини нема достапни детски установи и руралните жени сметаат дека товарот во однос на грижата за домаќинството и децата е клучна пречка за барање на работа. | Обезбедување на ресурси и иницијативи за развој и создавање мрежа од детски установи во руралните средини, што ќе им овозможи на жените да изнаоѓаат можности за вработување. Овде можат да бидат вклучени и иницијативите на јавните и приватните установи или да се достават барања до единиците на локалната самоуправа и истите да ги разгледаат можностите за користење на централно распределените грантови за алтернативни решенија, со цел да се обезбедат детски установи во руралните средини.<br>Приспособување на политиката за родителско отсуство, со цел одговорностите на таткото да не се пренесуваат на мајката и да се промовираат проактивно позитивни машки улоги (охрабрување на мажите да го искористат родителското отсуство и еднакво да ги поделат одговорностите околу грижата за децата).<br>Воспоставување механизми за рано откривање на семејства што според проценките имаат поголема склоност да не ги запишуваат или да ги повлекуваат своите деца од училиште (на пр. традиционални муслимански заедници, семејства што живеат во оддалечени планински региони), да се промовираат проактивни интервенции за подигнување на свеста и советување во почетните фази од образовниот процес.<br>Истражување на можностите (на локално и централно ниво) за отворање студентски домови во областите каде што има недостаток од вакви институции, или надоместување на патните трошоци од јавниот систем, доколку растојанието село/град го дозволува тоа.<br>Да се овозможи продолжување на политиките за намалување на трошоците за школување (бесплатен транспорт, учебници, сместување во студентски домови).<br>Да се воведат и да се промовираат програми за бесплатно образование на возрасни (основно и средно), за поединците што не го завршиле своето формално образование. Оваа програма треба да биде внимателно креирана и таа треба да вклучува проактивна компонента, со што услугата ќе им биде достапна на оние кои имаат потреба од неа (институциите треба да ги бараат и да ги мотивираат учесниците), како и конкретни цели за годишни квоти на нови дипломирани студенти што се жени од руралните средини. | Локалните самоуправи<br>АППТ<br>Министерството за образование<br>Граѓанските организации |

## 5. Капацитети на руралните жени за економско зајакнување

| Главни забелешки | Препораки за клучните приоритети за дејствување | Клучни актери и партнери |
|---|---|---|
| Руралните жени имаат ограничени можности да бараат вработување во својата околина.<br>Расположливите активни мерки на пазарот на трудот не се доволно насочени кон руралните жени, а немаат ниту капацитет да ги опфатат мнозинството рурални жени, кои остануваат неактивни поради неколку причини: а) недостигот на време (грижа за децата наспрема недостапните детски установи), б) родовите норми што ја поддржуваат неактивноста на жените, особено кај малцинските групи и в) ограничената свесност и ограничениот пристап до можностите за промени во работниот статус.<br>Руралните жени заостануваат зад мажите и зад урбаните жени во однос на капацитетите, на пр. високото образование или конкретните модерни вештини, како што е користењето на Интернет и компјутери. | Поддршка на иницијативите за зголемување на свеста кај руралните жени (вклучувајќи ги жените од малцинствата) во врска со предностите и достапната поддршка што се нуди преку активните мерки на пазарот на трудот, особено за започнување на сопствен бизнис.<br>Поддршка на иницијативите за градење капацитети со цел да се олесни пристапот за руралните жени (вклучувајќи ги жените од малцинствата) до достапните јавни и приватни можности за економско зајакнување (на пр. нивно вклучување во локално достапните обуки за развивање вештини поврзани со вработувањето и самовработувањето или поддршка и менторство во текот на процесот на аплицирање, развој на бизнис план и останати конкретни обуки).<br>Воведување иницијативи за вклучување на мажите и локалните лидери (религиозни и политички) во подигнување на свеста за потребата и за придобивките од поддршка за економско зајакнување на руралните жени, вклучувајќи ги лидерите од малцинските заедници.<br>Ревидирање и адаптирање на плановите за вработување во рамки на АППТ (критериуми или нови мерки) со цел да се обезбеди вклучување на нискоквалификуваните и неактивни рурални жени, и да се промовира и зголеми нивната економска активност.<br>Воведување иницијативи кои им овозможат на нискообразованите рурални жени да имаат можности за пристап до програмите за обука на возрасни лица (доживотно учење) и да го завршат своето основно или средно образование.<br>Воведување иницијативи за зголемување на капацитетите на руралните жени за користење компјутери и Интернет, и промовирање на иновативна поврзаност меѓу руралните жени, на пр. користење на социјалните медиуми и градење мостови меѓу различни генерации на рурални жени.<br><br>Поддршка во создавањето на можности за вработување надвор од земјоделството (на пр. локален туризам, иновативни услуги) за жените и поддршка на иницијативите што ја промовираат или ја олеснуваат поврзаноста на жените со специфични вештини (кои не се официјално признаени, на пр. шиење, рачна изработка) и бизнисите кои имаат потреба од вакви вештини или пак се вклучени во промовирање на производите што се базираат на овие специфични вештини.<br>Воведување политики (на пр. даночни олеснувања) што поддржуваат пофлексибилни начини на вработување и скратено работно време, што ќе ги охрабри жените да направат исчекор надвор од економската неактивност. | Актери вклучени во спроведувањето на политиките за вработување на локално ниво (вклучувајќи ги Агенциите за вработување, Агенциите за промовирање на претприемништвото, како и приватниот сектор)<br>Бизниси и организации за претприемништво, како и индивидуални локални претприемачи и сопственици на бизнис<br>Локални женски граѓански организации и грасрут иницијативи |

| 6. Вклучување на руралните жени во одрживото земјоделство и руралниот развој | | |
|---|---|---|
| **Главни забелешки** | **Препораки за клучните приоритети за дејствување** | **Клучни актери и партнери** |
| Ограничениот обем на достапни податоци во однос на афирмативните мерки за поддршка на жените и младите апликанти за некои од земјоделските планови и планови за рурален развој, укажуваат на позитивното влијание врз зголемувањето на процентот на жени апликанти, иако тие сѐ уште заостануваат зад бројот на мажи апликанти. Потребна е понатамошна детална анализа. Иако поголемиот број рурални мажи и жени потврдија дека се вклучени во различни области од земјоделското производство, во поголемиот број случаи тоа е главно стратегија за преживување отколку извор на сигурен и одржлив приход.<br><br>Руралните жени имаат ограничен пристап до средствата (вклучувајќи земјоделско земјиште и останата сопственост) за да бидат мотивирани да се вклучат и да започнат со земјоделски бизнис активности, и наместо тоа се одлучуваат за можностите надвор од земјоделството и/или надвор од руралните средини. | Да се подобри собирањето и известувањето за податоците дисегрегирани по пол, во однос на спроведувањето на плановите за рурален развој и влијанието на афирмативните мерки за поддршка на жените апликанти.<br>Спроведување на детални родови анализи, вклучувајќи анализи за родово буџетирање на програмите за рурален развој и афирмативните мерки, со цел да се осигури дека препораките се земени предвид при креирањето на политиките, како и за да се одржат позитивните резултати и/или да се подобри родово сензитивната реакција во однос на руралните и земјоделските развојни политики.<br>Спроведување на активности за земјоделството да биде попривлечно за жените преку, на пример: признавање на нивната работа и обезбедување еднаква плата (затворање на родовиот јаз во однос на платите); подобрување на пристапот (како право на сопственост) до земјоделските имоти и промовирање на жените-земјоделци преку конкретни примери.<br>Намалување на трошоците за регистрирани земјоделци, имајќи го предвид сезонскиот карактер на работата.<br>Воведување и поттик во однос на подигнувањето на свеста, како и создавање промотивни иницијативи што се однесуваат на земјоделските планови за бенифиции за земјоделците, со особен осврт кон руралните жени и жените-земјоделци.<br>Обезбедување на проактивна техничка поддршка за руралните жени при подготовката на апликации за поддршка во рамки на достапните програми, вклучувајќи ги руралниот туризам и финансиската помош од ИПАРД ПА.<br>Подобрувања во подигнувањето на свеста меѓу руралните жени во однос на правото на сопственост (за земјоделското земјиште) и обезбедување поддршка за искористување на нивното право, со цел тие да можат да ја подобрат својата економска независност и легитимен статус за добивање земјоделски субвенции.<br>Проактивно вклучување (на пример квоти) и поттикнување (подигнување на свеста) со цел жените да земат учество на обуките каде што се презентираат новите производствени трендови (на пример органско земјоделство), така што жените ќе имаат еднаков пристап до релевантните сознанија и информации.<br>Обезбедување поттик за поддршка на самовработувањето на руралните жени, на пример преку намалување на трошоците и воведување на ниски каматни стапки за кредитите, за да им се обезбеди поддршка за отпочнување сопствен бизнис.<br>Иницијативи за поддршка при креирањето на меѓуколегијална соработка и пренесување на искуствата од успешни апликанти за јавните програми и/или успешни жени во земјоделскиот бизнис на новите жени кои имаат намера да основаат сопствен бизнис. | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство<br>Агенциите вклучени во спроведување на националните програми за поддршка на земјоделството и ИПАРД, вклучувајќи ја Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и Агенцијата за поддршка на претприемништвото<br>Земјоделските претпријатија, асоцијации и федерации |

## 7. Политичко учество на руралните жени во насока на активен ангажман во локалните развојни политики и процесите на донесување одлуки

| Главни забелешки | Препораки за клучните приоритети за дејствување | Клучни актери и партнери |
|---|---|---|
| И покрај мерките за одредување квоти на национално и на локално ниво, родовите стереотипи ги спречуваат жените, а руралните жени особено, во преземањето на поактивна улога во националната и локалната политика, особено во однос на еднаквата распределба на извршната власт со мажите.<br>Руралните жени ретко учествуваат во политиките и во процесите на донесување одлуки на локално ниво, а нивните потреби и приоритети речиси и воопшто не се изразени на национално ниво.<br><br>Руралните жени (а до одреден степен и мажите) имаат ограничено знаење за процесите на локално планирање и земање учество (доколку истите постојат) и/или имаат мала доверба во исходот, во случај на истакнување на нивните потреби кон локалните власти. | Зголемување на квотата за учество на помалку застапениот пол на изборните листи на локалните и на парламентарните избори до 50%, за да се зајакне учеството на жените во политиката и нивното евентуално влијание.<br>Учеството во процесите на локално планирање и донесување одлуки ќе биде зајакнато и промовирано во рамките на руралното население, преку конкретни напори што ќе обезбедат вклучување на руралните жени.<br>Да се осигури дека преку консултативните механизми што се користат како дел од партиципативното владеење се овозможува значително учество и изразување на потребите на руралните жени и застапниците за родови прашања, и како резултат на ова да се исполнат нивните барања преку соодветни политички активности и ресурси за имплементација.<br>Воведување на алатки за партиципативно буџетирање и родово одговорно буџетирање, кои ќе обезбедат поголема одговорност на локалните власти кон руралното население, а особено во однос на руралните жени. Во однос на ова, неопходно е да се поддржат и да се обезбедат:<br>1) Податоци дисегрирани по пол, во однос на локалната јавна потрошувачка и во однос на спроведувањето на локалните политики, кои се собираат и кои се анализираат од родова перспектива.<br>2) Учество на руралните жени, кое е подеднакво балансирано со мажите во сите релевантни консултативни процеси на локално ниво, на пример преку воведување на иновативни пристапи за воведување на кворум според полот, етничката припадност и според возраста на членовите во заедницата при донесување на одредена одлука; преку консултации и соработка со локалните грасрут иницијативи и женски организации итн.<br>3) Директно да им се пристапи на руралните жени и истите да се охрабрат и да земат учество во процесот на донесување одлуки на локално ниво. На пример, ова може да биде спроведено со помош на локалните креатори на политики кои ќе вршат консултации во близина на руралните жени (непосредна околина) или преку поддршка на граѓанското општество и локалните грасрут иницијативи за зајакнување на руралните жени, со цел тие да земат значајно учество во процесот. | Министерството за локална самоуправа<br>Локалните самоуправи (вклучувајќи ги нивните асоцијации)<br>Локалните женски граѓански организации и грасрут иницијативи<br>Руралните жени и застапниците за родови прашања |

# 10. Користена литература


## Национални законодавни документи

1. *Одлука на Владата за формирање на министерско Тело за рурален развој,* Службен весник на Република Македонија, бр. 15/2007
2. *Декрет за критериуми за дефинирање рурални области*, Службен весник на Република Македонија, бр. 137/2008
3. *Закон за земјоделство и рурален развој,* Службен весник на Република Македонија, бр. 54/2008, 49/2010
4. *Закон за еднакви можности на жените и мажите во Република Македонија,* Службен весник на Република Македонија, бр. 66/06, 117/08, www.mtsp.gov.mk
5. *Закон за локални избори,* СВ 54/2011 *Достапно на:* http://www.sec.mk/Predvremeni2011/IZBOREN_ZAKONIK_(Precisten_tekst).pdf (последна посета на 20/01/2012 година)
6. *Закон за социјална заштита*, Службен весник на Република Македонија, бр. 79, 2009

## Документи за националната политика

1. *Инструмент за претпристапна помош на Европската унија за Рурален развој (ИПАРД) – Национална програма за земјоделство и рурален развој 2007-2013*, достапно на: http://www.sep.gov.mk/content/Dokumenti/MK/Part%20I_SITUATION%20OF%20AGRICULTURE%20AND%20RURAL%20AREAS.pdf
2. *Национален план за акција за родова рамноправност 2007 -2012,* Министерство за труд и социјална политика http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/NPARR-finalen%20dokument.pdf
3. *Национална стратегија за вработување 2007-2010*, Министерство за труд и социјална политика (2006 година) http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/strategija.pdf
4. *Оперативна програма за рурален развој 2007-2009*, Министерство за животна средина и просторно планирање. http://www.moepp.gov.mk/WBStorage/Files/OPRD%20First%20Official%20Draft.pdf
5. *Оперативен план за активните програми и мерки за вработување за 2011 година,* Министерство за труд и социјална политика http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2011_01_02_2011.pdf
6. *Програма за социјална вклученост за 2004 година,* Министерство за труд и социјална политика, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/socijalna_inkluzija.pdf
7. ***Национална стратегија за земјоделство и рурален развој (НСЗРР) за периодот од 2007-2013***. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство. Достапно на: http://www.seerural.org/wp-content/uploads/2010/03/2007-Macedonia-National-Strategy-NSARD1.pdf
8. *Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија 2010-2020 година,* Министерство за труд и социјална политика. Достапно на: htttp://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/SocialExclusion%20Starategy%20MK%20final%20word.doc
9. *Стратегија за регионален развој на Република Македонија 2009-2019 година,* Министерство за локална самоуправа

## Студии, извештаи и извори на податоци

1. АВРМ (Агенција за вработување на Република Македонија) 2009 година: Извештај за работа на Агенцијата за вработување на Република Македонија – 2008 година, достапно на: http://www.avrm.gov.mk/?ItemID=160E76937A641143898E5F98BDDB5F4C
2. АВРМ(Агенција за вработување на Република Македонија) 2010 година: Извештај за работа на Агенцијата за вработување на Република Македонија – 2009 година, достапно на: http://www.avrm.gov.mk/?ItemID=160E76937A641143898E5F98BDDB5F4C
3. АВРМ (Агенција за вработување на Република Македонија) 2011 година: Извештај за работа на Агенцијата за вработување на Република Македонија – 2010 година, достапно на: http://www.avrm.gov.mk/?ItemID=160E76937A641143898E5F98BDDB5F4C
4. Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, 2010 година: *Извештај за имплементацијата на програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2009 година*
5. Акција Здруженска, 2010 година: *Мониторинг на имплементацијата на политиките за родова рамноправност.*
6. ЦИКП, 2008а: *Анализа на родовиот баланс во земјоделскиот сектор.*
7. ЦИКП, 2008б:„*Дијагностичко сродни групи и неплатена работа на нега која ја вршат жените*"
8. ЦИКП, 2009а: *Кон родово рамноправна Македонија*
9. ЦИКП, 2009б: *Како до 100% упис во средните училишта?*
10. ЦЕДАВ 2006: *34 седница* на Комитетот за елиминација на дискриминацијата врз жените. Документите од седницата се достапни на: http://www2.ohchr.org/english/bodies/cedaw/index.htm
11. Димитриевска, 2003 година: *Родов концепт во руралните средини во Република Македонија*
12. Донев М. Дончо, 2009 година: Системот на здравственото осигурување и тековни реформи на здравствената заштита во Република Македонија. Во: Италијански весник за јавно здравство, книга 6, бр. 1, 2009, стр. 30-39. Достапно на: http://www.ijph.it/pdf//19/30.pdf
13. ЕК, 2010 година: *ЕК Извештај за напредокот*, КХВ(2010)1332
14. Институт " Евро – Балкан ", 2009 година: *Пазарот на труд во БЈР Македонија – Студија за ЕК.* Достапно на: http://ec.europa.eu/social/BlobServlet?docId=6754&langId=en
15. Еуростат, База на податоци за Политиките на пазарот на трудот, 2006 година. Достапно на: http://epp.eurostat.ec.europa.eu/cache/ITY_OFFPUB/KS-BF-06-003/EN/KS-BF-06-003-EN.PDF
16. Хјуз А. (1997), Жените и руралноста: родовите искуства на 'заедницата' во селата, Во: Милбурн, П. (ур.) Откривањето на 'другите' рурални: застапеност, моќ и идентитет во британските села. Лондон и Вашингтон: Пинтер, 167-88.
17. Казанџиска, М.; Ристеска, М. и Шмит, В., 2011 година: *Родовиот јаз во платите и социјалниот дијалог во Поранешната Југословенска Република Македонија, МОТ.*
18. Јакимовски, 2004 година: *Општествената структура на селото*,

19. Јакимовски, Ј и Матилов Н., 2002 година: *Положбата и улогата на жената на село,*
20. Левитас Тони, 2002 „Подготовка за децентрализација во образованието во Македонија: Прашања, насоки, активности", ЛГРП/УСАИД
21. Малеска-Сачмароска Неда и др., 2010 година: Родово-буџетска анализа на социјалната заштита и Активни политики за вработување, објавено од Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија.
22. Моелерс и Хеудхјуз, 2004 година: *Одлука за диверзификација на руралниот неземјоделски сектор на економиите во транзиција: случајот на Словенија и Македонија*,
23. Мур, М., 2005година: *„Создавање вредности од јавен интерес."*
24. Национален парламент: *Веб* линк*:* www.sobranie.mk (последна посета веб-страницата на 9 март, 2011 година)
25. Канцеларија на народен правобранител, 2010 година: Годишен извештај. Достапно на: //www.ombudsman.mk/comp_includes/webdata/documents/Izvestaj%202010-MK.pdf
26. Фонд за пензиско и инвалидско осигурување, 2011 година
27. Поштенска мрежа: *веб-страница* http://www.posta.com.mk/macedonian/about-mreza.htm
28. РЗЗЗ 2003 година: *Здравствена статистика, 2003 година*
29. Ристеска, М. 2010:„*Кон политиката на претприемништво на локално ниво – Влијанието на децентрализацијата врз социјалните јавни услуги*". Необјавен документ, презентиран на LSE Конференцијата за истражување на регионалните политики и децентрализацијата. 10-11 мај 2010 година, Загреб, Хрватска.
30. Ристеска, М. и Пулејков, А. 2008: „*Перспективите за интеграција на Македонија и синергиските ефекти од европската трансформација*", Tibor eds. Feher, објавено од CEU ENS.
31. Државна изборна комисија
32. Државен завод за статистика 2001-2011 година: *Основните и средните училишта на крајот од школските години* (2001, 2002, 2003, 2008,2009, 2010, 2011)
33. Државен завод за статистика, 2004 година: *Попис на население, 2002 година*. Достапно на: http://www.stat.gov.mk/OblastOpsto_en.aspx?id=31
34. Државен завод за статистика, 2008а: *Попис на земјоделството, 2007 година.*
35. Државен завод за статистика 2008б: *Жените и мажите во Македонија, 2008 година.* Достапно на: http://www.stat.gov.mk/Publikacii/Gender2008.pdf
36. Државен завод за статистика 2008в: *Избор на членови на парламентот во Република Македонија, 2008 година.* Достапно на: http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.8.16.pdf
37. Државен завод за статистика, 2000-2006 година: *МАКСТАТ база на податоци* Достапно на: http://makstat.stat.gov.mk/pxweb2007bazi/Database/Statistics%20by%20subject/databasetree.asp
38. Државен завод за статистика, 2010а: *Анкета за работната сила, 2009 година*. Достапно на: http://www.stat.gov.mk/PrikaziPoslednaPublikacija_en.aspx?id=3
39. Државен завод за статистика, 2010б: *Регионите во Република Македонија, 2009 година.* Достапно на: http://www.stat.gov.mk/PrikaziPoslednaPublikacija_

en.aspx?id=32

40. Државен завод за статистика, 2010в: *Анкета за користење на времето, 2009 година.* Достапно на: http://www.stat.gov.mk/PrikaziPoslednaPublikacija_en.aspx?id=58
41. Државен завод за статистика, 2010г: *Жените и мажите во Македонија, 2010 година.* Достапно на: http://www.stat.gov.mk/Publikacii/Gender2010.pdf
42. Државен завод за статистика, 2011а: *Соопштение за медиумите* - АРС *IV/Q Прелиминарни резултати*. Достапно на: http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie_en.aspx?rbrtxt=98.
43. Државен завод за статистика, 2011б: *Живородени деца, умрени лица и миграции според градски и селски подрачја, по региони 2010*, Достапно на: http://www.stat.gov.mk/pdf/2011/2.1.11.21.pdf
44. УНДП 2008 година: *Граѓански засновани анализи.*
45. УНДП 2009 година: *Граѓански засновани анализи.*
46. УНДП 2011година: (се очекува објавување во печатена форма), Национален извештај за човековиот развој „*Mind the Gap: Социјалната исклученост и младите*", Скопје.
47. УНИЦЕФ: *Образованието во ПЈР Македонија: Профил на земјата.* http://www.unicef.org/ceecis/FYR_Macedonia.pdf
48. УНИЦЕФ, 2009 година: *Благосостојбата на децата и младите во време на економска криза*, http://www.unicef.org/tfyrmacedonia/STUDIJA_ENG_Final(1).pdf
49. Светска банка, 2009 година

# 11. Прилози

**Листа на прилози:**

**Прилог 1:**
**Методолошки белешки**

**Прилог 2:**
**Детална база на податоци**

# *ПРИЛОГ 1*

**Методолошки забелешки:**
**Истражување и фокус-групи на жени и мажи од рурални средини**

## 1. Истражување на ЦИКП на жени и мажи од рурални средини, 2011

***Табела А1.1: Дистрибуција на примерокот географски и според регионите ЦИКП Истражување на жени и мажи од рурални средини, 2011***

| | *опции* | *број на испитаници* | *удел* |
|---|---|---|---|
| *регион* | Југозапад | 80 | 13,3% |
| | Исток | 45 | 7,5% |
| | Југоисток | 60 | 10,0% |
| | Пелагонија | 52 | 8,6% |
| | Полог | 134 | 22,3% |
| | Североисток | 52 | 8,6% |
| | Вардар | 40 | 6,6% |
| | Скопје | 139 | 23,1% |
| *тип на село во кое живеат* | низинско село | 480 | 79,7% |
| | планинско село | 122 | 20,3% |

***Табела А1. 2: Дистрибуција на примерокот според демографските категории ЦИКП Истражување на жени и мажи од рурални средини, 2011***

| *демографска категорија* | *опции* | *мажи* | *жени* | *вкупно* |
|---|---|---|---|---|
| *пол* | мажи | 279 | / | 279 |
| | жени | / | 323 | 323 |
| *возраст* | 18-25 | 38 | 32 | 70 |
| | 26-35 | 59 | 65 | 124 |
| | 36-55 | 107 | 149 | 256 |
| | 56-65 | 42 | 54 | 96 |
| | над 65 | 33 | 23 | 56 |
| *етничка припадност* | Македонци | 189 | 191 | 380 |
| | Албанци | 60 | 109 | 169 |
| | Турци | 22 | 14 | 36 |
| | Срби | 4 | 8 | 12 |
| | друго | 3 | 1 | 4 |
| *верска припадност* | православни христијани | 190 | 194 | 384 |
| | муслимани | 85 | 126 | 211 |
| | католици | 3 | 3 | 6 |
| | друго | 0 | 0 | 0 |

***Табела А1. 3: Дистрибуција на примерок според пол и предел***
***ЦИКП Истражување на жени и мажи од рурални средини, 2011***

| *пол /предел* | *низини* | *планински предели* | *вкупно* |
|---|---|---|---|
| мажи | 212 (44,2%) | 67 (54,9%) | 279 (46,3%) |
| жени | 268 (55,8%) | 55 (45,1%) | 323 (53,7%) |
| вкупно | 480 | 122 | 602 |

***Табела А1.4: Интервали на доверба***
***ЦИКП Истражување на жени и мажи од рурални средини, 2011***

| *процент на испитаници кои одговориле на прашањето* | *маргинална грешка (машки примерок)* | *маргинална грешка (женски примерок)* | *маргинална грешка (цел примерок)* | *интервал на доверба (цел примерок)* |
|---|---|---|---|---|
| 5% | 2,56 | 2,38 | 1,74 | (3,26 , 6.74)% |
| 10% | 3,52 | 3,27 | 2,40 | (7,60 , 12,40)% |
| 20% | 4,69 | 4,36 | 3,19 | (16,81 , 23,19)% |
| 30% | 5,38 | 5,00 | 3,66 | (26,34 , 33,66)% |
| 40% | 5,75 | 5,34 | 3,91 | (36,09 , 43,91)% |
| 50% | 5,87 | 5,45 | 3,99 | (46,01 , 53,99)% |
| 60% | 5,75 | 5,34 | 3,91 | (56,09 , 63,91)% |
| 70% | 5,38 | 5,00 | 3,66 | (66,34 , 73,66)% |
| 80% | 4,69 | 4,36 | 3,19 | (76,81 , 83,19)% |
| 90% | 3,52 | 3,27 | 2,40 | (87,60 , 92,40)% |

## 2. ЦИКП Дискусии на фокус групи на жени и мажи од рурални средини 2011

***Табела А1.5: Дистрибуција на примерок според пол и предел***
***ЦИКП Дискусии на фокус групи на жени и мажи од рурални средини 2011***

| *регион* | *женски фокус-групи* | | *машки фокус-групи* | |
|---|---|---|---|---|
| | *број на жени* | *села (групи)* | *број на мажи* | *села* |
| *Скопје* | 17 | Петровец и Страчинци | 9 | Волково |
| *Вардар* | 18 | Сопот и Извор | 8 | Долни Дисан |
| *Југозапад* | 16 | Ладориште и Мислодежда | 9 | Другово |
| *Исток* | 18 | Грдовци и Оризари | 7 | Блатец |
| *Североисток* | 17 | Старо Нагоричани и Длабочица | 11 | Луке |
| *Полог* | 18 | Шемшево и Мерово | 10 | Желино |
| *Југоисток* | 20 | Ново Село и Муртино | 10 | Иловица |
| *Пелагонија* | 20 | Топлочани и Гермијан | 10 | Цапари |
| *ВКУПНО* | 144 | | 74 | |

# *ПРИЛОГ 2*

## Детална база на податоци

***Табела А2.1: Споредба на територијалната дистрибуција на поголемите банки во руралните средини***

| *градови за кои се смета дека припаѓаат во рурални области* | *Стопанска банка* | *Комерцијална банка* | *Тутунска банка* | *Уни банка* | *Про Кредит банка* |
|---|---|---|---|---|---|
| *Берово* | 1 | | | 1 | |
| *Богданци* | | 1 | 1 | | |
| *Валандово* | | | 1 | 1 | |
| *Виница* | 1 | 1 | | 1 | |
| *Гевгелија* | 1 | 1 | 1 | 1 | |
| *Дебар* | 1 | 1 | | | |
| *Делчево* | | 1 | | 1 | |
| *Демир Капија* | | | | | |
| *Демир Хисар* | | | | | |
| *Кавадарци* | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| *Кичево* | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| *Кочани* | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| *Кратово* | | | 1 | | |
| *Крива Паланка* | | | 1 | 1 | |
| *Крушево* | 1 | | 1 | 1 | |
| *Македонска Каменица* | | 1 | | | |
| *Македонски Брод* | | 1 | 1 | | |
| *Неготино* | 1 | 1 | 1 | 1 | |
| *Пехчево* | | 1 | | | |
| *Пробиштип* | 1 | | 1 | | |
| *Радовиш* | 1 | 1 | 1 | 1 | |
| *Ресен* | 1 | 1 | | 1 | |
| ***вкупен број на рурални области*** | **12** | **14** | **13** | **13** | **3** |
| ***покриеност на рурални области во %*** | **55%** | **64%** | **59%** | **59%** | **14%** |

*Извор: Интернет страниците на банките*

***Табела А2.2 Родовиот јаз во платите во сите сектори – врз основа на просечната нето плата по пол и сектор***

| ***просечна плата во денари*** | | ***2002*** | | | ***2006*** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ***според сектор*** | **жени** | **мажи** | **родов јаз во платите** | **жени** | **мажи** | **родов јаз во платите** |
| *земјоделство* | 5.308 | 6.775 | **22%** | 6.014 | 8.935 | **33%** |
| *рибарство* | 7.000 | 8.029 | **13%** | / | 11.505 | / |
| *рударство* | 8.880 | 9.673 | **8%** | 12.671 | 13.124 | **3%** |
| *производство* | 7.015 | 9.317 | **25%** | 8.149 | 11.177 | **27%** |
| *електрична енергија гас и вода* | 11.776 | 12.390 | **5%** | 13.877 | 14.957 | **7%** |
| *градежништво* | 8.273 | 11.514 | **28%** | 10.330 | 20.448 | **49%** |
| *трговија на големо и мало, сервисирање моторни возила, предмети за лична употреба и потрошувачка на домаќинствата* | 7.901 | 9.798 | **19%** | 9.405 | 11.395 | **17%** |
| *хотели и ресторани* | 8.628 | 10.170 | **15%** | 10.129 | 20.126 | **50%** |
| *транспорт, складирање и комуникација* | 10.274 | 9.839 | **-4%** | 13.623 | 12.330 | **-10%** |
| *финансиско посредување* | 13.744 | 16.955 | **19%** | 16.177 | 17.831 | **9%** |
| *недвижен имот, изнајмување и деловни активности* | 11.881 | 11.903 | **0%** | 11.331 | 13.213 | **14%** |
| *јавна администрација и одбрана, задолжително социјално осигурување* | 9.269 | 12.719 | **27%** | 13.242 | 13.670 | **3%** |
| *образование* | 8.601 | 9.167 | **6%** | 10.997 | 12.096 | **9%** |
| *здравствена заштита и социјална работа* | 9.058 | 12.293 | **26%** | 10.999 | 13.429 | **18%** |
| *други јавни услуги, културни, општи и лични услуги* | 8.269 | 10.392 | **20%** | 10.667 | 11.132 | **4%** |
| *приватните домаќинства кои вработуваат домашен персонал и производствени активности на домаќинствата за сопствена употреба* | 8.875 | / | / | 6.155 | 7.664 | **20%** |
| *ектстериторијални организации и тела* | 22.000 | 24.667 | **11%** | 20.219 | 33.990 | **41%** |

Извор: Државен завод за статистика (2003, 2008), калкулација на авторите (Родовиот јаз во платите е процентуална разлика меѓу платата на жените и платата на мажите)

***Табела А2.3: Корисници на обуките во Работните клубови, вклучени во Активните метки за вработување од 2010.***

| луѓе вклучени во обуката | вкупно | жени | жени (% од вкупно) |
|---|---|---|---|
| **2008** | 2.278 | 1.602 | 70,3 % |
| **2009** | 1.959 | 1.356 | 69,2 % |
| **2010** | 1.546 | 1.078 | 69,7 % |

| | компјутерски обуки | | | странски јазици | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| година | вкупно | жени | жени (% од вкупно) | вкупно | жени | жени (% од вкупно) |
| 2008 | 1.085 | 742 | 68,4 % | 1.193 | 860 | 72,1 % |
| 2009 | 785 | 531 | 67,6 % | 1.174 | 825 | 70,3 % |
| 2010 | 493 | 346 | 70,2 % | 1.053 | 732 | 69,5 % |

Извор: АВРМ 2009, АВРМ 2010, АВРМ 2011

**Табела А2.4: Родово-расчленети податоци за подобрување на вработеноста на корисниците на ALMM програмата**

| програма и година | број на луѓе вклучени во програмата | | | број на вработени луѓе по завршувањето на програмата | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | вкупно | жени | жени (% од вкупно) | вкупно | жени | жени (% од вкупно) |
| **Програма за подготовка за вработување – обуки и преквалификации** | | | | | | |
| 2009[40] | 244 | 187 | **76,6 %** | 120 | 101 | **84,1%** |
| 2010 | 280 | 167 | **59,6 %** | 165 | 92 | **55,8 %** |
| **Програма за промоција на претприемништво преку веќе воспоставени бизнис инкубатори и обука за специфични помалку барани професии и вештини на пазарот на труд** | | | | | | |
| 2010 | 31 | 19 | **59,4 %** | 12 | 8 | **66.7 %** |
| **Услуги на Работниот клуб** | | | | | | |
| 2008 | 22.062 | 11.258 | **52,0 %** | Податоците не се достапни | | |
| 2009 | 17.361 | 8.253 | **47,5%** | 3.980 | 1.754 | **44,1 %** |
| 2010 | 12.302 | 5.662 | **46 %** | Податоците не се достапни | | |

Извор: АВРМ 2009, АВРМ 2010, АВРМ 2011.

40 Податоците се однесуваат само на луѓето вклучени во програмата во 2009. Ако кумулативните податоци се земат во обѕир, на пр. луѓе вклучени во програмата во 2008, но завршиле во текот на 2009, тогаш податоците би биле следните: 383 вклучени луѓе (302 жени) и 245 вработени луѓе (207 жени), според АВРМ 2010

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

342.722-055.2:316.334.55(497.7)(047.31)

РИСТЕСКА, Марија
Перспективи на жените од руралните средини : основна студија за положбата и условите за живот на жените од руралните средини : препораки за родово сензитивни политики / [автор на студијата Марија Ристеска, Горан Лазаревски, Ана Мицковска ; истражувачи Фросина Илиевска, Ристе Змејкоски, Башким Бакиу, Мирлинда Бакиу]. - Скопје : Центар за истражување и креирање политики, 2012. - 67 стр. : граф. прикази ; 24 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-4586-33-3
1. Лазаревски, Горан [автор] 2. Мицковска, Ана [автор]
а) Жени - Родова еднаквост - Рурални средини - Македонија - Истражувања
COBISS.MK-ID 92953610

# ПЕРСПЕКТИВИТЕ НА ЖЕНИТЕ ОД РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ





Центар за истражување и креирање политики

Цицо Поповиќ 6-2/9
1000 Скопје, Република Македонија
crpm@crpm.org.mk
www.crpm.org.mk
www.facebook.com/crpm.org.mk

9 786084 586333